РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО СТРУЧНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ
Бр. 02-1016/7
31. 08. 2022 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 121 од Статутот на ССОУ "Коле Неделковски" – Велес, Училишниот одбор на состанокот одржан на 30.08.2022 година донесе:

ОДЛУКА

За усвојување на Извештајот од самоевалуацијата на училиштето за периодот 2020-2022 година

Член 1

Се усвојува извештајот од самоевалуацијата на училиштето за периодот 2020-2022 година

Член 2

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзино донесување.

31.08.2022 година

Претседател
на
Училишен одбор

Марјан Панов

ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈАТА НА РАБОТАТА НА ССОУ „КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ“ ВО ПЕРИОДОТ ОД 2020 ДО 2022 ГОДИНА

АВГУСТ 2022

СОДРЖИНА

ТИМОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА	4
ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО	5
МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО	7
ВИЗИЈА	8
ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА УЧИЛИШТЕТО - ОРГАНОГРАМ	9
СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО	10
ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ	11
ОБРАЗОВНИ СТРУКИ И ПРОФИЛИ	14
ФАЗИ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА	15
ОБЛАСТ 1: ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА	16
ОБЛАСТ 2: ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ	74
ОБЛАСТ 3: ПРОФЕСИНАЛЕН РАЗВОЈ	97
ОБЛАСТ 4: УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ	111
ОБЛАСТ 5: КОМУНИКАЦИИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА	115
ОБЛАСТ 6: УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА	120
ОБЛАСТ 7: СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ И ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА	163

ВОВЕД

Самоевалуацијата на училиштето е процес на систематско и континуирано следење, анализирање и вреднување на оствареното во изминатите години со единствена цел: да се анализира квалитетот на севкупната работа на училиштето. Со примена на SWOT анализа се анализираа и определија силните и слабите страни на училиштето, расположливите ресурси и неговото окружување и се поставија главните тези за изготвување на извештај од самоевалавацијата.

Врз основа на овие предности и слабости произлегоа одредени приоритети од кои потоа ќе се развиваат развојни цели со задачи и активности.

Самоевалуацијата е спроведена во периодот од две наставни години (2020/2021 г. и 2021/2022 г.) согласно Законот за средно образование и ги опфаќа следниве области:

- **организација и реализација на наставата и учењето,**
- **постигања на учениците,**
- **професионален развој на наставниците, стручните соработници и на раководниот кадар,**
- **управување и раководење,**
- **комуникации и односи со јавноста,**
- **училишна клима и култура,**
- **соработка со родителите и со локалната средина**

ТИМОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА:

Подрачје 1: Наставни планови и програми	Подрачје 2: Постигања научениците	Подрачје 3: Учење и настава	Подрачје 4: Поддршка научениците	Подрачје 5: Училишна клима	Подрачје 6: Ресурси	Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика
Координатор	***Координатор***	***Координатор***	***Координатор***	***Координатор***	***Координатор***	***Координатор***
Мимоза Панова Тодорова	**Верица Анѓушева**	**Валентин Елисковски**	**Леонид Таневски**	**Биљана Ивева**	**Марија Голубовиќ**	**Весна Стојанова Богоевска**
членови	**членови**	**членови**	**членови**	**членови**	**членови**	**членови**
Маја Живанова	Цветанка Ѓакова-Панова	Ангелче Гушев	Јордан Палашев	Марјанчо Малиниов	Златко Здравковски	Пандорче Јорданова
Марјан Малинов	Сашко Јовановски	Никола Димовски	Ванчо Костадинов	Горан Богоевски	Јованче Талаков	Валентина Шкрекова
Мира Ташкова	Игорче Теов	Влатко Панов	Марина К. Филипова	Мариче Стојанова	Силвана Петрова	Сашо Ѓоргов
Митхат Мемиќ	Зоран Пасламушков	Трајко Ајтов	Љубе Бабунски	Ивана Гогова	Христина Трајкова	Соња Пашоска
Илија Трчилов	Даниел Здравевски	Боро Ристовски	Наталија Ашиковска	Илија Танев	Томислав Иванов	Панов Марјан
Леонид Кодовски	Гордана Мулева	Елена Јосифовска	Горан Бузалковски	Никола Дечев	Снежана Софијанова	/

ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

Училиштето за средно стручно образование „Коле Неделковски“ од Велес е образовна установа од јавен карактер во која се образуваат ученици од трет и четврти степен.

Како правен субјект е формирана со одлука на основачот Собрание на Општина Велес, со седиште во Велес, во септември 1995, со број и датум на актот за основање 11952/3 од 29. 09. 1965 г.

Училиштето располага со сопствена училишна зграда, машинска работилница, електро работилници, спортска сала и корисен простор согласно образовните стандарди и со тоа во целост ги исполнува просторните услови потребни за реализацијата на наставата во сите струки и профили.

Од основањето до денес училиштето во континуитет врши образовно-воспитна дејност, со континуирано образување и професионално едуцирање и обука на кадар од машинската, електротехничката, сообраќајната и туристичко-угостителската струка.

Име на училиштето	ССОУ „Коле Неделковски“
Адреса, општина, место	**Ул. „Андон Шурков“ бр.4а, Велес, Велес**
Телефон:	**043/231-446**
Факс:	**043/235-086**
Е-маил:	**kolenedelkovski@yahoo.com**
Основано од:	**Собрание на Општина, Титов Велес**
Верификација–број на актот:	**11952/3**
Година на верификација:	**од 29. 09. 1965 г.**
Јазик на кој се изведува наставата:	**Македонски**
Година на изградба:	**1959**

- Просторни услови за работа на училиштето	
Вкупен број на училишни згради	**1**
Површина на објектот	**6 950м^2**
Површина на училишен двор	**5182м^2**
Број на катови	**Подрум+приземје+2 ката**
Број на училници	**35**
Број на помошни простории	**8**
Училишна библиотека	**1**
Начин на загревање на	**Со сопствен топловоден систем**
Тип на градба	**Тврда градба**

МАПА НА УЧИЛИШТЕТО



Градот Велес се наоѓа во централното подрачје на Република Македонија, на главниот патен правец Е-75 кој ја поврзува северната и јужната граница на државата. Градот Велес е лоциран 50 km јужно од главниот град Скопје.

Средното стручно општинско училиште „Коле Неделковски“ е лоцирано во индустриската зона на градот наречена „УЗУС“. Пристапот до училиштето е можен од неколку патни правци (два од Скопје и еден од Гевгелија).

МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

НУДИМЕ КУЛТУРНА И БЕЗБЕДНА СРЕДИНА, КАДЕ СОВРЕМЕНАТА НАСТАВА ПРЕКУ МЕЃУСЕБЕН НАТПРЕВАР ВО ТЕОРЕТСКАТА И ПРАКТИЧНАТА НАСТАВА, ВОДИ КОН ПОВИСОКИТЕ ОБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ, СОЦИЈАЛНИТЕ ПАРТНЕРИ И ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА.

ВИЗИЈА

САКАМЕ УЧИЛИШТЕТО ДА ПРЕРАСНЕ ВО ПРЕПОЗНАТЛИВА СРЕДИНА КОЈА ПРЕКУ ОБУКА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТ И РАБОТА ВО РЕАЛНАТА КОМПАНИЈА ЌЕ ПОБУДИ ИНТЕРЕС КАЈ УЧЕНИЦИТЕ.

УСПЕХОТ, РЕДОВНОСТА И ДИСЦИПЛИНАТА НА УЧЕНИЦИТЕ САКАМЕ ДА ПРЕТСТАВУВААТ ПРЕПОЗНАТЛИВ ПРИМЕР СО КОЈ ЌЕ СЕ ГОРДЕЕМЕ НИЕ, ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА И ПОШИРОКО СО ШТО МНОГУ БРЗО ЌЕ ПРЕРАСНЕМЕ ВО ЕФЕКТИВНО УЧИЛИШТЕ.

III ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА УЧИЛИШТЕТО – ОРГАНОГРАМ



СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО

НАСТАВЕН КАДАР

Наставен јазик	Степен на стручна оспособеност				
	Д-р	М-р	VII-1	VI	IV
Македонски	0	5	48	5	0
Албански	0	0	0	0	0
Вкупно	0	5	48	5	0

СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ

Профил	Степен на стручна оспособеност				
	Д-р	М-р	VII-1	VI	IV
Директор	/	/	1	/	/
Педагог	/	/	1	/	/
Психолог	/	/	1	/	/
Секретар/Благајник	/	/	/	1	/
Библиотекар	/	/	/	/	/
Вкупно	/	/	3	1	/

ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ

Технички персонал	11
На определено време	0

ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ

Наставата се реализираше согласно наставни планови и програми одобрени од МОН. Учениците од прва, втора и трета година (со тригодишно траење) наставата ја реализираа по модуларно дизајнирани наставни планови и програми додека со останатите ученици наставата се реализираше по наставни планови и програми пред 2018 година. За сите видови настава на почетокот на учебната година беше изготвен распоред за реализација на часовите. За учениците кои беа упатени на поправен испит, испит на годината согласно Календарот за работа по завршување на наставната година, се реализираше продолжителна настава. За учениците со посебни образовни потреби беше изготвен ИОП и истите се реализираа.

Редовна настава со следните содржини:

- Задолжителни предмети.
- Изборни предмети во трета и четврта година на образование во сите струки.
- Факултативни предмети во четврта година на образование.
- Дополнителна настава, организирана од училиштето за сите образовни профили и струки согласно потребите на учениците.
- Додатна настава организирана од училиштето за сите образовни профили и струки согласно потребите на учениците.
- Практична настава.
- Слободни часови на училиштето според препораките на Центарот за стручно образование и обука за сите струки и образовни профили.
- Феријална практика.
- Индивидуални програми за деца со посебни образовни потреби

Задолжителни предмети/модули - неделниот фонд на часови по задолжителните предмети е утврден во наставниот план, а целите и активностите се содржани во наставните програми донесени од БРО.

Изборни предмети – според наставен план изборни предмети се изучуваат во трета и четврта година од образованието. Изборот на предмети се врши по пат на анкета во месец мај.

Факултативни предмети за учениците од четврта година на образование

За сите видови на наставни предмети беше изготвен распоред за часови, годишни и тематски планирања и истите се реализираа.

Дополнителна настава - организирана за учениците кои имале потешкотии во совладување на наставните содржини, биле отсутни од настава поради болест или од други причини со примена на индивидуална и групна форма на работа. Секој наставник има доставено годишни планирања за реализирање на дополнителна настава.

Додатна настава - организирана за учениците кои пројавуваа посебен интерес кон некоја област, особено додатната настава се организираше за ученици кои земале учество на натпревари од општинско, регионално и државно ниво.

Практична настава и учење преку работа кај работодавач

Практичната настава и учење преку работа кај работодавач учениците ја реализираа во училиштето, во кабинети, училишни работилници и компании.

- Електротехничка струка - според наставниот план, практична настава/учење преку работа кај работодавач е планирана во трета и четврта година. Практичната настава се реализира во училиште во специјализирани кабинети по практична настава. Во текот на годината по предметот Учење преку работа кај работодавач се направија посети на компаниите Маркарт, Ронтис, Скил ап, Смелт инг, АЦ Електрик посета на термо и хидроцентрали.

- Машинска струка - според наставниот план, практична настава/учење преку работа е планирана во трета и четврта година освен во образовниот профил автомеханичар и заварувач, каде што со практична настава се започнува од прва година и дуалната паралека Техничар за производно машинство во втора година, Практичната настава се реализираше во компании, автомеханичарски работилници и во специјализирани машински работилници во училиштето.

- Сообраќајна струка - според наставниот план, практична настава/учење преку работа кај работодавач е планирана и реализирана во трета и четврта година. Истата е реализирана во училиштето, шпедиции, осигурителни компании и транспортни претпријатија.

- Угостителско туристичка струка-според наставниот план практичната настава е планирана во прва, втора и трета година и во четврта година за учениците од образовниот профил хотелско туристички техничар. Практичната настава се реализира во угостителски објекти и специјализиран кабинет во училиштето за угостителска струка.

Слободните часови на училиштето се реализираа со цел да им се излезе во пресрет на учениците кои сакаат да истражуваат и да напредуваат во следните подрачја и теми: „Урбана култура“. За истите има програма утврдена од ЦСОО. Менторски тип на водење на истражувачка работа во училиштето, особено изразена во некои проектни задачи изработени од ученици во завршните паралелки и форми кои се реализираат во додатната настава при работа со ученици кои се талентирани и надарени. Со оваа програма беа опфатени учениците од четврта година.

Содржини програмирани од училиштето

По предметот содржини програмирани од училиштето учениците од втора година се запознаа со содржини од областа Кариерно советување. Се запознаа со поимите професија и занимања, ги откриваа своите вештини и истражуваа начини за нивно усовршување, се самоспознаваа и учеа како самостојно и активно да бараат работа, изготвуваат Писмо на интерес и CV.

Феријалната практика

Во периодот од 13 јуни до 31 август учениците од прва, втора, и трета година, од сите образовни профили реализираа феријална практика како услов за запишување во наредната година. Времетраењето на феријалната практика е во зависност од струката/секторот.За реализација на феријалната практика направени се петходни подготовки односно реализирана обука на учениците за Безбедност при работа, потпишување договор за соработка помеѓу училиштето и компанијата и потпишување договор за секој ученик поединечно.

За реализација на феријална пракса потпишани се договори со компании од градот и пошироко. Учениците кои доаѓаат од други општини феријалната пракса ја реализираа во нивните општини.

Индивидуални програми за деца со посебни образовни потреби

Директорот на училиштето формираше Инклузивен тим на училиштето кој имаше задача да ја спроведува инклузијата на ученици со посебни образовни потреби. Формирани се и два Инклузивни тима за ученици кои изготвија ИОП и истите ја реализираа наставата. Училиштето имаше подршка од специјален едукатор рехабилитатор кој помогна во изготвување на ИОП.Во текот на годината имаше континуирана соработка со стручната служба и родителите на учениците.На крајот на годината беа разгледани поедниначните постигања на учениците и се дадоа насоки за наредната година со цел нивна успешна социјализација и едукација во согласност со нивните можности и способности.

Продолжителна настава

Продолжителна настава се организираше за учениците упатени на поправен испит согласно Календарот за работа по завршувањето на наставната година. Учениците упатени на поправен испит полагаа во два испитни рока јуни и август, односно мај и јуни за учениците од завршните паралелки.

Воннаставни активности

Воннаставните активности се организираа со цел да се задоволат потребите, интересите и афинитетите на учениците.

ОБРАЗОВНИ СТРУКИ И ПРОФИЛИ

Во училиштето Коле Неделковски, во рамките на редовната настава се образуваат кадри за машинска, електротехничка, сообраќајна и угостителско-туристичка струка:

Машинска струка:

Образовен профил	Времетраење на школувањето
Машинско енергетски техничар	Четиригодишно
Машински техничар	Четиригодишно
Техничар за компјутерско управување	Четиригодишно
Машински техничар за моторни возила	Четиригодишно
Техничар за производно машинство	Четиригодишно
Автотехничар мехатроничар	Четиригодишно
Автомеханичар	Тригодишно
Заварувач	Тригодишно

Електротехничка струка:

Образовен профил	Времетраење на школувањето
Електротехничар за компјутерска техника и автоматика	Четиригодишно
Електротехничар за електроника и телекомуникации	Четиригодишно
Електротехничар енергетичар	Четиригодишно

Сообраќајна струка:

Образовен профил	Времетраење на школувањето
Техничар за транспорт и шпедиција	Четиригодишно

Угостителско- туристичка струка:

Образовен профил	Времетраење на школувањето
Келнер	Тригодишно
Готвач	Тригодишно
Хотелско-туристички техничар	Четиригодишно

ФАЗИ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА

1. ***Подготвителна фаза***
   - Се формираше тим на ниво на училиште од 8 наставника, стручни соработници и директор на училиштето
   - Формирање на работни групи од онолку члена колку што има индикатори за квалитет за секои од седумте подрачја
   - Тимот за самоевалуација изработува акционен план со кој се дефинираат:
     - ✓ Подрачјата и индикаторите на квалитет
     - ✓ Подиндикатори
     - ✓ Методи и техники на самоевалуација
     - ✓ Инструменти за прибирање на податоци
     - ✓ Начин на прибирање и обработка на податоците

2. ***Фази на реализација***
   - Анализа на податоци и документација
   - Усогласување на добиени наоди
   - SWOT анализа ииздвојување на приоритети
   - Подготовка на поединечни извештаи за самоевалвација за секоја од 7-те области
   - Подготовка на заеднички нацрт извештај за спроведена самоевалвација

3. ***Фаза на известување и усвојување***
   - Наставнички совет
   - Совет на родители
   - Директор на училиште
   - Училишен одбор

ОБЛАСТ 1:
ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА

Бр.	Индикатор за квалитет	Теми:
1.1	Реализација на наставните планови и програми	• Применувани годишни програми • Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми • Избор на наставни програми • Планирање на активности за реализација на слободните часови
1.2	Квалитет на наставните планови и програми	• Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебни помагала • Соработка со локалната средина во наставните програми и наставните помагала • Интегрирање на општите цели на образованието и определување приоритети за подобрување • Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми
1.3	Воннаставни активности	• Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности • Опфатеност на учениците со воннаставните активности • Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности • Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности
3.1	Планирање на наставниците	• Индивидуални планирања на наставниците • Поддршка и следење на планирањата на наставниците • Размена на искуства и информации при планирањето • Распоред на часови
3.2	Наставен процес	• Наставни форми и методи • Избор на задачи, активности и ресурси • Интеракција меѓу наставниците и учениците • Приод на наставникот кон учениците • Следење на наставниот процес
3.3	Искуства на учениците од учење	• Средина за учење • Атмосфера за учење • Поттикнување на учениците за преземање одговорност • Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето
3.4	Задоволување на потребите на учениците	• Идентификување на образовните потреби на учениците • Почитување на различните потреби на учениците во наставата
3.5	Оценувањето како дел од наставата	• Методи и форми за оценување • Користење на информациите од оценувањето во наставата
6.1	Сместување и просторен капацитет	• Просторни услови • Искористеност на просторните капацитети
6.2	Наставни средства и материјали	• Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала • Училишна библиотека, потрошен материјал

Област: 1. Организација и реализација на наставата	
Индикатор: 1.1 Реализација на наставните планови и програми	
Кои се извори и документи за увид	**Информации кои се собирани**
• Наставни планови и програми од МОН • Годишна програма за работа • Годишни глобални и тематски планирања од страна на наставниците • Оперативни планирања за час на наставниците • Дневник на работа на паралелки од прва до четврта година • Е - дневник • Програма за класен час • Програма за дополнителна и додатна настава за учениците • Размена на искуства и информации при планирањата • Програма за инклузија на деца со посебни образовни потреби ПОП • Изјави за изборни предмети во III и IV година • Индивидуални образовни планови за деца со посебни образовни потреби ПОП	Наставата во нашето училиште се организира и реализира според Наставни планови и програми кои се одобрени со програмски документи од Министерството за образование и наука. Тие се реализираат според пропишаниот обем и број на часови, соодветно за секоја струка и секој образовен профил кои се застапени во нашето училиште. За реализација на наставните планови и програми од МОН наставниците подготвуваат годишно планирање, планирање за модуларна единица, планирање за наставен час. Подготвените годишни и тематски планирања наставниците ги доставуваат на почетокот на секоја учебна година до педагошко-психолошката служба. Во планирањата на наставниците се наведуваат 30% на содржини кои ќе се реализираат со примена на ИКТ во наставата. Треба да се напомене дека наставата во сите кабинети во учебната 2021/22 година се изведува со нови LCD уреди за проектирање, нови лаптопи за наставниците и компјутери за учениците со што значително се подобрува нејзиниот квалитет на изведување. Исто така, во планирањата се применуваат и содржини од програмата Интеграција на еколошките стандарди во македонскиот образовен систем, при што избраните еко-содржини се поврзани со одредени содржини од наставниот процес. Училиштето користи различни начини за да ги информира родителите и учениците за наставните планови и програми за секој образовен профил поединечно. Родителите добиваат информација на почетокот на учебната година преку родителски средби, состаноци на Советот на родители, индивидуални средби со предметни наставници, состаноци на Училишен одбор, е-дневник итн. Класните раководители на паралелките ги информираат учениците и родителите за наставниот план на образовниот профил на почетокот на секоја учебна година. Учениците се информираат преку предметните наставници за содржината и целите на наставната програма за секој предмет поединечно, на почетокот на учебната година. За наставните планови и програми за тригодишното и четиригодишното образование, учениците, родителите и наставниците имаат можност да се информираат и преку веб страната на училиштето и веб страната на Центарот за стручно образование и обука. Учебната 2020/21 година, поради продолжениот летен распуст на учениците и усогласувањето со платформата за онлајн настава започна на 1 октомври и наставата во оваа учебна година се изведуваше според скратени програми од МОН. За некои од наставните предмети постоеја скратени програми и планови од МОН, а за дел од наставните предмети наставниците сами изработува скратени програми и скратени годишни планирања. Оваа учебна година целосно се изведуваше онлајн настава, со исклучок на наставата по практична работа која се изведуваше со физичко присуство на учениците

• Записници од состаноци на Совет на родителите • Записници од одржаните состаноци на стручните активи • Анкети со наставници, ученици и родители • Извештај за работата на ССОУ „Коле Неделковски“-Велес за учебната 2020-2021 година • Извештај за работата на ССОУ „Коле Неделковски“-Велес за учебната 2021-2022 година • Извештај за превземени активности во училиштето во учебната 2020/2021 • Извештај за превземени активности во училиштето во учебната 2021/2022 • веб страни на ССОУ „Коле Неделковски“-Велес, БРО и ЦСОО (Центарот за стручно образование и обука) • Годишна програма и извештаи за работа на активите • Програма за работа со родители • Планирања за модуларни единици во Содржини планирани од училиштето	и наставниците. Во учебната 2021/22 година, наставата исто така се изведуваше според скратени наставни програми и планови поради продолжениот зимски распуст, како и поради штрајкот на вработените во согласност со предложениот фонд на часови од МОН. Според скратените наставните планови и програми беа изработени скратени годишни планирања од страна на наставниците. Во учебната 2020/21 наставата во училиштето се изведува во 31 паралелка. Во 16 паралелки (во прва и втора година) наставните програми се модуларно дизајнирани, 2 од нив се комбинирани со дуално образование, а во останатите 15 паралелки наставата се изведува според реформирано образование. Во учебната 2021/22 година исто така се вкупно 31 паралелка, од кои веќе 24 паралелки се модуларно дизајнирани (во прва, втора и трета година). 4 од нив се комбинирани паралелки со профили од дуално образование, а во 7 паралелки (во четврта година) наставата се одвива според реформирано образование. Наставните програми во паралелките за дуално образование се разликуваат од наставните програми за паралелките со модуларно образование во тоа што имаат зголемен број на часови по практично образование. Практичната работа на учениците во овие паралелки е платена од страна на фирмите, со можност за вработување по завршување на нивното образование во фирмата во која изведувале практична настава. За работа со ученици кои имаат помал капацитет за совладување на наставните содржини наставниците планираат дополнителна настава, а за учениците кои учествуваат на општински, државни и меѓународни натпревари, наставниците планираат додатна настава. Распоредот за дополнителна и додатна настава за секој предмет се истакнува на почетокот на секоја учебна година. Во Програмата за класен час се интегрираат содржини од образование за животни вештини и МИМО, а во планирањата за слободни часови наставниците вметнуваат содржини од Реалната компанија, ОЖВ, Урбана култура, Менаџмент и бизнис и др. Планирањата на наставниците се следат од страна на Директорот, педагошко-психолошката служба и Државниот просветен инспекорат. Најмалку два пати годишно се врши следење на планирањата на наставниците од страна на Директорот и педагошко-психолошката служба и при тоа се користи пропишана процедура за следење и вреднување на планирањата и подготовките за наставните часови. Стручната служба е достапна за консултативни разговори со цел подобрување на наставниот процес преку користење на интерактивни техники и методи и примена на ИКТ во наставата. Директорот на училиштето на наставниците приправници им одредува ментори кои преку свои програми го следат воспитно-образовниот процес на приправниците и нивниот напредок.

	Наставниците планираат и разменуваат искуства и идеи во рамките на стручните активи во однос на: реализација на наставната програма, примена на ИКТ во наставата, примена на еко-содржини во наставата, дополнителна и додатна настава, заедничка подготовка на тестови за натпревари, размена на наставни материјали и сл. Секој актив во училиштето има најмалку 6 состаноци годишно. Наставниците при изработката на планови за реализација на наставниот процес разменуваат искуства и идеи и со советниците од Центарот за стручно образование и обука, посебно во насока на планирањата на новите модуларно-дизајнирани наставни програми. Вонредните ученици кои се запишани во прва година од 1.09. 2021 година па наваму, наставата ја реализираат според модуларно дизајнираните наставни планови и програми, со исклучок на оние кои што го продолжуваат своето веќе започнато образование. Во училиштето за премин од трет во четврт степен на образование се користат изработени планови и програми за вертикална проодност од Центарот за стручно образование и обука, според кои учениците полагат одреден број на предмети. Во училиштето има два ученика со посебни образовни потреби, односно ученици со пречки во развојот, и тоа во паралелките 2-8 и 1-4. За наставниот кадар во училиштето одржана е обука за работа со ученици со пречки во развојот. На 22.12.2021 година одржан е состанок на инклузивниот тим на училиштето, наставниците кои предаваат во паралелка 1-4 на ученикот Андреј Димов, Зага Колодезни – дипломитран дефектолог (специјален едукатор и рехабилитатор) и родителот на ученикот Андреј Димов. На состанокот дефектологот Зага Колодезни даде насоки и упатства како да се изготви Индивидуален образовен план за ученикот со посебни образовни потреби, како да се прилагодат наставните програми по секој предмет според способностите и можностите на ученикот, какви стратегии треба да се применат за работа со ученикот и начинот на оценување на неговиот напредок. Наставниците кои предаваат во овие паралелки имаат изготвено ИОП за секој ученик и прилагоден според можностите на секој ученик. Стручната служба и наставниот кадар вложуваат максимални напори за да им излезат во пресрет на овие ученици и ги прилагодуваат наставните програми според можностите и способностите на учениците. Мора да се нагласи дека недостига законска регулатива за работата со овие ученици затоа што до овој момент, стручната служба и наставниот кадар се водат според законска регулатива и правилници кои постојат во основното образование. Училиштето изборот на изборните предмети го врши согласно Наставниот план и програма од Центарот за стручно образование и наука, при што наведените изборни предмети се утврдени врз основа на лична определба на учениците, односно на нивните родители. Во учебната 2020/21, бидејќи наставата во трета и четврта година се одвиваше по реформирана програма, секој ученик имаше право да одбере два изборни предмети. Определбата е направена според претходно спроведена анкета. Во

паралелките со мал број на ученици не постои можност за формирање на групи за сите понудени изборни предмети, па изборот на учениците е ограничен. Беше спроведена анкета за ученици и родители во машинската, сообраќајната и електротехничката струка за избор на наставни предмети. Од понудената листа на предмети според наставниот план за наведените образовни профили, учениците се одлучија за наставните предмети кои се наведени во табелата дадена подолу:

Паралелка	Образовен профил	Изборен предмет
3-1	Машински техничар	1. Компјутерско управување 2. Технологија на обработка
	Техничар за компјутерско управување	1. Програмирање на компјутерски управувани машини 2. Автоматско управување и програмирање
3-2	Машинско енергетски техничар	1. Хидропневматска техника 2. Практична настава
	Автотехничар мехатроничар	1. Технологија на моторни возила 2. Електроника
3-5	Техничар за транспорт и шпедиција	1. Шпедиција и шпедициско работење 2. Технологија на железнички транспорт
3-6	Електротехничар за компјутерска техника и автоматика	1. Програмирање 2. Математика 3. Програмирање 4. Практична настава
3-7	Електротехничар за компјутерска техника и автоматика	1. Програмирање 2. Дигитални системи 3. Практична настава 4. Математика
3-8	Електротехничар за електроника и телекомуникации	1. Дигитална електроника и микропроцесори 2. Телекомуникациски склопови и уреди
	Електротехничар енергетичар	1. Електрични апарати и уреди 2. Практична настава

Во учебната 2021/22, наставата во трета година се одвиваше по модуларно дизајнирани наставни планови и програми, затоа секој ученик посетуваше еден изборен предмет, додека учениците од четврта година посетуваа два изборни предмети. Беше спроведена анкета за ученици и родители за наредната учебна година во машинската, сообраќајната и електротехничката струка за избор на наставни предмети. Од понудената листа на предмети според наставниот план за наведените

образовни профили, учениците се одлучија за наставните предмети кои се наведени во табелата дадена подолу.

Паралелка	Образовен профил	Изборен предмет
2-1	Машински техничар / Техничар за производно машинство	1. Математика 2. Организациско однесување
2-2	Машински техничар за моторни возила / Техничар за компјутерско управување	1. Организациско однесување
2-5	Техничар за транспорт и шпедиција	1. Транспорт и животна средина 2. Безбедност во патниот сообраќај
2-6	Електротехничар за компјутерска техника и автоматика	1. Веб програмирање 2. Мултимедија
2-7	Електротехничар за компјутерска техника и автоматика	1. Веб програмирање 2. Мултимедија
2-8	Електротехничар за електроника и телекомуникации	1. Математика 2. Компјутерски системи
	Електротехничар енергетичар	1. Обновливи извори на енергија

Во училиштето се реализираат слободни часови во согласност со насоките за програмирање, организирање, реализирање и евидентирање на слободните часови во стручното образование издадени од Центарот за стручно образование и обука. Во учебните 2020/21 и 2021/22 година, во реформираното образование, наставници од нашето училиште организираат и реализираат програми на слободни часови со ученици од 3 и 4 година, кои се однесуваат на проектните активности од темите: Мир, толеранција и заштита, Урбана култура, Претприемништво и бизнис итн. изготвени од страна на Биро за развој на образованието и верифицирани од Министерството за образование и наука. Во модуларно дизајнираните планови и програми, слободните часови се заменети со Содржини програмирани од училиштето, а во учебната 2021/22 година нив ги изведува еден наставник со ученици од машинската струка.

Во реализацијата на наставните програми на поголем број предмети, стручни и општо образовни постои планирана активност и за реализација на еколошки проекти преку програмата за интеграција на еколошка едукација преку интегрирано планирање во наставата. Во Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2020/21 година и Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2021/22 составен дел на Програмските прилози е и Програма за еколошка интеграција во македонскиот

образовен систем чии содржини се вметнати во тематските планирања како кај општообразовните предмети,така и кај стручните предмети. Училиштето нема проширени програми.

Според направената анкета за наставници, ученици и родители, на прашањата кои се однесуваат на овој индикатор добиени се следните резултати:

- Се согласувам
- Делумно се согласувам
- Не се согласувам

На прашањето дали училиштето ги информира учениците за наставните планови за секој профил, како и за наставните програми за секој предмет поединечно, добиени се следните одговори:

Наставници:



Ученици:



Родители:



На прашањето дали новите модуларно дизајнирани наставни планови и програми одговараат на новите современи текови во технологијата и општеството, добиени се следните одговори:

Наставници:



Ученици:



Родители:



Дали учениците со посебно образовни потреби се прифатени од нивните соученици?

Наставници:



Ученици:



Родители:



На прашањето дали учениците се добро информирани за изборот на изборните предмети во трета и четврта година, добиени се следните одговори:

Наставници:



Ученици:



Родители:



Дали наставните програми по предметите во соодветните профили се реализираат и спроведуваат целосно?

Наставници:



Ученици:



Родители:



Јаки страни

- Запознавање на родителите и учениците со наставните планови и програми на почетокот на секоја учебна година;
- Можност за избор на изборни предмети од страна на учениците;
- Обука на наставници за стручно усовршување и надградување за реализација на новите модуларно дизајнирани програми по стручните предмети;
- Навремено изработени годишни и тематски планирања за успешна организација и реализација на наставниот процес;
- Добро опремени кабинети со информатичка технологија за реализација на ИКТ во наставата;

- Реализација на практичната настава од дуалното образование во фирми и компании со кои училиштето има склучено договори;
- Соработка со дефектолог (едукатор и рехабилитатор) околу работата со ученици со ПОП и изготвување на ИОП;
- Наставниците изготвуваат Индивидуален образовен план за учениците со ПОП

Слаби страни

- Непостоечка законска регулатива и правилници за ученици со посебни образовни потреби во средното образование;
- Скратени наставни планови и програми поради КОВИД епидемија;
- Изведување на онлајн настава во учебната 2020/21 година

Можности:

- Учество на наставниците од училиштето во реформите на средното стручно образование со цел влијание врз намалување на бројот на ученици во паралелките и воведување на одговорни лица за организација на Феријалната пракса на учениците, како и наставата по предметот Учење преку работа кај работодавач;
- Изведување практичната настава преку предметот Учење преку работа кај работодавач во компании и фирми ;
- Вклучување на учениците со ПОП во нормала настава преку изготвување на посебни Индивидуални Образовни Планови за нив

Опасности:

- Неможност за следење на технолошкиот и информатичкиот развој од страна на наставните планови и програми во стручното образование;
- Нецелосно прифаќање на учениците со ПОП од страна на нивните соученици во паралелките
- Континуирана едукација на наставниот кадар, обуки, современи нагледни средства за кои реално треба и време и пари за да се обезбезбедат за секоја струка;
- Интересот за професионално усовршување на наставниците се намалува поради недоволната материјална мотивираност

ПРИОРИТЕТИ

- Опремување на училиштето со соодветни наставни помагала и наставни средства за изведување на новите модуларно дизајнирани програми;
- Реализација на вежбите според наставните програми на стручните предмети во кабинети со соодветна лабораториски уреди и опрема;
- Обука на професорите за стручно усовршување и реализација на новите модуларно дизајнирани наставни програми;
- Обука на професорите за работа на ученици со ПОП;
- Реализација на дополнителна настава за учениците кои имаат потешкотии во учењето

Област: 1. Организација и реализација на наставата	
Индикатор: 1.2 Квалитет на наставните планови и програми	
Кои се извори и документи за увид	**Информации кои се собирани**
• Наставни планови и програми • Е-дневник • Годишни, тематски и дневни подготовки • Записници од работилници, дебати, трибини, предавања • Родителски средби • Хронологија на активности за учебната 2020/21 година • Хронологија на активности за учебната 2021/22 година • Анкета за мислење на наставниците • Анкета на ученици • Анкета за мислење на родители • Наставни планови и програми донесени од МОН • Годишна програма за работа на училиштето • Педогошка евиденција и документација • FB и интернет страница на училиштето	Наставните планови и програми преку новите наставни содржини и новите поставени цели доста добро го помагаат и личниот и општествениот развој на сите ученици, без разлика на родовата и етничката припадност со ставање акцент на: јакнење на самодовербата, секојдневна соработка, меѓусебно договарање, разрешување на конфликтите на најсоодветен начин. Во наставните планови и програми издадени од МОН, а кои се реализираат во нашето училиште нема содржини кои потикнуваат родова и етничка нерамноправност. Училиштето планира и реализира содржини од родовата рамноправност меѓу учениците во програмата за Час на класниот раководител според програмата за Образование за животни вештини. Исто така, предметните наставници работат на подигнување на свеста кај учениците дека секој образовен профил е подеднакво добар како за машкиот, така и за женскиот пол, а доказ за тоа е се поголемата застапеност на девојчиња во сите образовни профили во нашето училиште. Во училиштето се реализира образование за односите и разликите помеѓу половите и родовите и преку наставната програма на предметот Граѓанско образование. Педагошко-психолошката служба во текот на учебната година зема учество на дебати на кои се разгледуваат проблемите во врска со насилството врз жените и потоа истото се пренесува на учениците преку работилници и предавања. Во училиштето успешно се спроведува и реализира проектот “Меѓуетничка интеграција на младите во образованието” преку кој учениците од различни националности од нашето и од училиштето “Наце Буѓони” од Куманово се запознаваат, другаруваат и учествуваат во подигнување на свеста за етничка и мултикултурна сензитивност. Истовремено, преку наставните програми, учениците учат да ја почитуваат различноста, се запознаваат со своите права, како и со своите обврски и одговорности кога станува збор за почитување на основните човекови права на другите. Кај нив се јакне свеста за припадност на Република Македонија како мултикултурно општество и се запознаваат со традицијата, обичаите и религиите на сите етнички заедници што живеат во Македонија. Поголем број од наставниците преземаат одговорност за реализација на меѓупредметните цели. Најчесто меѓупредметните цели се остваруваат преку часот на класниот раководител на паралелката.

	Учениците се вклучени во проектни активности, истажувачки задачи и работилници по разни наставни предмети, преку кои кај нив се развива чувство за тимска работа, меѓусебна соработка и преземање иницијатива за разрешување на проблемски ситуации. Со набавка и обезбедување на компјутери во два кабинети за потребите на стручните предмети од електротехничката струка се изврши подобрување на квалитетот на реализација на наставните планови и програми. Исто така, преку учество на проекти обезбедени се нагледни средства и помагала за потребите на часовите по практична настава на учениците од машинската и угостителската струка. Сето ова значително добро се одразува на квалитетот на организирање и реализација на наставните содржини. При изработка на годишните планирања на предметите и Годишната програма на училиштето, акцент се става на интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми. Се поголем број на фирми и компании од локалната средина, како што се Маркарт, Ронтис, Смелт Инг, Пескара Вел итн, се вклучуваат во реализација на наставните програми по предметот Учење преку работа кај работодавач и ги отвараат вратите за учениците од сите образовни профили во нашето училиште. Во овие компании учениците од нашето училиште можат да ја изведуваат и Феријалната пракса во летниот период, која според новите модуларно дизајнирани наставни планови се изведува во прва, втора и трета година со зголемен број на денови за изведување. Практичната настава и феријалната пракса во овие две учебни години кај социјалните партнери се изведуваше строго со запазување на мерките за заштита од КОВИД епидемијата кои тие ги имаат воспоставено како заштита. Вреди да се напомене и дека на барање на компанијата Маркарт од наредната учебна година се отвара нов образовен профил од дуалното образование Техничар за индустриска мехатроника, во кој практичната настава и феријалната пракса учениците ќе ја изведуваат токму во оваа компанија. Исто така и родителите преку нивната професионална определба земаат учество во организацијата и посетата на учениците во правни субјекти од локалната средина кои се од значење за образовниот профил на учениците. Според направената анкета за наставници, ученици и родители, на прашањата кои се однесуваат на овој индикатор добиени се следните резултати:

- Се согласувам
- Делумно се согласувам
- Не се согласувам

На прашањето дали наставниците имаат подеднаков пристап кон сите ученици без разлика на нивниот пол и етничка припадност, добиени се следните одговори:

Ученици:



Родители:



На прашањето дали во училиштето се одржуваат работилници кои би допринеле за развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитувањето на различноста и основните човекови права на учениците за припадност во мултикултурно општество, дадени се следните одговори:

Наставници:



Ученици:



Родители:



Дали во училиштето постојано се прави анализа на интегрирање и приспособување на локалната средина во наставните планови и програми?

Наставници:



Ученици:



Родители:



Јаки страни:

- Застапеност на припаднички од женскиот пол во сите образовни профили во училиштето;
- Вклучување на компании и фирми од локалната средина во дуалното образование во нашето училиште;
- Почитување на родовата еднаквост од страна на сите ученици;
- Набавка на современи компјутери за потребите на стручните предмети од електротехничката струка

Слаби страни: • Се уште недоволен број на фирми и компании за изведба на практичната настава по предметот Учење преку работа кај работодавач и Феријалната пракса во одредени паралелки поради големиот број на ученици
Можности: • Постојано следење на состојбата на пазарот на трудот, за навремено изготвување на програмски документи за нови занимања кои се актуелни во тој момент, а сето тоа во соработка со надлежните институции и социјалните партнери; • Поголемо вклучување на родителите преку организирање на предавања, работилници, дебати.
Опасности: • Непочитување на социјални и етнички разлики од страна на поедини ученици
ПРИОРИТЕТИ: • Вклучување на учениците во работилници и дебати кои се однесуваат на подобрување на етничката чувствителност меѓу учениците; • Организирање на работилници и предавања кои би поттикнале зголемување на самодовербата, одговорноста и почитување на основните човекови права меѓу учениците; • Придобивање и запишување на што поголем број припаднички од женскиот пол во образовните профили во училиштето; • Склучување на договори за соработка со компании од локалната средина

Област: 1. Организација и реализација на наставата	
Индикатор: 1.3 Воннаставни активности	
Кои се извори и документи за увид	**Информации кои се собирани**
• Наставни планови и програми • Е-дневник • Годишни, тематски и дневни подготовки • Записници од работилници, дебати, трибини, предавања • Родителски средби • Хронологија на активности за учебната 2020/21 година • Хронологија на активности за учебната 2021/22 година • Анкета за мислење на наставниците • Анкета на ученици • Анкета за мислење на родители • Наставни планови и програми донесени од МОН • Годишна програма за работа на училиштето • Годишни програми за работа на активите • Годишна програма за организирање на екскурзии • Педогошка евиденција и документација • FB и интернет страница на училиштето	Во учебните 2020/21 и 2021/22 година реализирани се голем број на воннаставни активности, иако во учебната 2020/21 година наставата се одвиваше онлајн и може да се забележи нешто помал број на активности од претходните години. Во услови на КОВИД 19 сите активности кои се реализираа во учебната 2020-2021 се одвиваа во согласност и почитување на сите протоколи за заштита од КОВИД 19. Активностите кои се реализираа со физичко присуство се одвиваа со ограничен број на учесници или со дигитални алатки за комуникација и работоа и тоа најчесто преку апликациите Microsoft Teams и Zoom. Поради состојбата со КОВИД 19 ученичките екскурзии во периодот од 2020 до 2022 година не се реализираа. Сите воннаставни активности на учениците се планирани во Годишните програми на училиштето кои се усвојуваат на Наставнички совет пред почетокот на секоја учебна година. Исто така, голем број на воннаставни активности се планираат и во Годишните програма за работа на активите, а учениците можат да ги планираат воннаставните активности преку Годишната програма за работа на ученичката заедница. Како воннаставни активности на учениците мора да ги спомнеме и активностите околу презентација и маркетинг на нашето училиште, за коишто можеме да кажеме дека голем дел од учениците со посебно задоволство ги презентираат образовните профили од сите струки во нашето училиште пред деветтоодделенците од нашата општина и пошироко. Реализацијата на училишните спортови треба да придонесе во развивањето на свесноста кај учениците за потребата од здрав начин на живот и полезноста од спортските активности. Учеството во спортски манифестации учениците го имаа во следните спортови: футсал, кошарка, ракомет и пинг-понг. Учениците при услови на пандемија алтернативно организираа ФУСМ предизвик и Психологија во спорт. Некои од спортските активности кои се реализираа во нашето училиште се дадени подолу: • Во организација на Федерацијата на училишен спорт на Македонија, одбележан „Светскиот ден без автомобили“, со рекреативно возење со велосипеди одржан на ден 22.09.2020 година • Во организација на Федерацијата на Спортските педагози на РМ одбележан Европскиот Ден на Спортот во училиштата“ со онлајн физички активности на ден 25.09.2020 година • Вклучување во активностите на Предизвикот „Вежбаме, се релаксираме и забавуваме“ на Федерацијата на училишен спорт на Македонија на ден 09.12.2020 година

	• Во организација на Федерацијата на спортски педагози на Република Македонија, одржана онлајн работилница на тема „Искуствата и предизвиците со онлајн настава по физичко и здравствено образование и спорт и спортски активности“ на ден 28.01.2021 година • Вклучување во активностите на Предизвикот „Вежбаме, се релаксираме и забавуваме“ на Федерацијата на училишен спорт на Македонија, а во рамки на реализирање на програмата за прва и трета година по предметот спорт и спортски активности на ден 24.03.2021 година • Во соработка со Сојузот на училишен спорт Велес, реализирани завршни активности во градскиот парк и градски стадион „Отворена училишна спортска недела“ - проект на Федерација на училишен спорт на Македонија на ден 21.05.2021 година • Учество на работилница на тема: „Свест за себе - како да се биде свесен тренер и наставник“. Федерацијата на Спортски Педагози на Македонија, на 10 Септември 2021 година, го организираше 24 Симпозиум за спорт, физичко образование и млади кој што се одржа онлајн • По повод европската недела на мобилност и ден без автомобили организирано возење со велосипед на релација од училиштето до река Бабуна и назад во кое учествуваа 12 ученика од нашето училиште, одрѓано на ден 22.09.2021 година • На ден 01.10.2021 се одржа првата државна планинарска тура „Михајлово 2021“ на планината Кожуф во организација на Федерација на училишен спорт на Македонија • Во спортската сала при ССОУ “Коле Неделковски“ во Велес, на ден 27.10.2021 година се одржа општинската лига во одбојка за средно образование (машки), организирано под покровителство на Сојуз на училишен спорт на Македонија и Федерација на училишен спорт на Македонија. • Во рамки на Сојуз на училишен спорт Велес во спортската сала на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“, на ден 16.11.2021 година започнати општинските натпревари во одбојка-средно образование во женска конкуренција. Победник екипата на ССОУ „Коле Неделковски“ Велес • На ден 21.03.2022 година во спортската сала при СОУ “Коле Нехтенин“ во Штип се одржаа регионалните напревари – исток во одбојка (женски). Секциите и слободните активности имаат цел да создадат услови за стекнување поширокі и продлабочена база на знаења и градење самодоверба кај учениците во примената на истите. Во рамките на слободните ученички активности во училиштето постојат и работат секции по различни предмети кои својата работа ја извршуваат според програмите за работа на секциите кои ги доставуваат до педагошката служба.

	-драмска и литературна секција-одговорни, наставници по македонски јазик и литература -секција за странски јазици, одговорни наставници по странски јазици -музичка секција-одговорен наставник по музичка култура -математичка секција-одговорни, наставници по математика -фотографска секција-одговорни наставници Сашо Ѓоргов и Јордан Палашев -историска секција-одговорни наставници по историја -секција по физика-одговорен наставник-Силвана Петрова -АРДУИНО-одговорен професор Марјанчо Малинов Општествено корисна и хуманитарната работа има за цел кај учениците да развие чувство за солидарност и хуманост, љубов и позитивен однос кон работата, чувство за одговорност, навика за одржување на чиста и здрава околина, особено во услови на пандемија КОВИД 19, постапување по протоколи и нивно почитување, да создава почит и позитивен однос кон спомениците на културата и историското минато. Општествено корисната и хумана работа е важен дел од едукацијата на учениците во училиштето, со вклучување во различни активности од ваков карактер како: одржување на училниците, ходниците, училишниот инвентар и другите површини, еко патроли и патроли за внимателно следење и спроведување на мерките за заштита од Ковид 19, носење заштитни маски, дезинфекција, редовна хигиена, посета на спомениците на културата и историските знаменитости. Исто така, секоја учебна година во училиштето се реализираат по две хуманитарни крводарителски акции за учениците и наставниците. Дел од одржаните активности на оваа тема: • Во рамките на проектот за МИО, реализирана заедничка активност со партнер училиштето ОСТУ „Наце Буѓони“ од Куманово Работилница на тема „Емотивно и ментално здравје на учениците за време на корона вирусот одржана на ден 28.10.2020 година • По повод празникот „Велики Поклади-Прочка“ во организација на наставниците по угостителски стручни предмети, ученици од образовниот профил готвач, а во соработка со гостилница „Боем“, на ден 14.03.2021 година е реализирана активност „Баклава за секого“. Баклавата беше поделена на граѓаните од Велес

	• По повод чист Понеделник, во организација на наставниците по угостителски стручни предмети, ученици од образовниот профил готвач, а во соработка со гостилница „Боем“, на ден 15.03.2021 година реализирана активност „Посно бело гравче“. Гравчето беше поделена на граѓаните од Велес • Во соработка со Здружението на пензионери Велес, а по повод празникот Велигден, на ден 29.04.2021 година реализирана активност „Велигденски јајца“. Фарбаните јајца и направените велигденски погачи беа поделени на граѓаните • ОО Црвен Крст и ССОУ „Коле Неделковски“ организираа хуманитарна акција за собирање на стара облека во периодот од 11 до 15.10.2021 година • По повод претстојните Новогодишни празници, на ден 24.12.2021 година, учество на Новогодишен базар. Нашето училиште се претстави со новогодишни творби, но и солени и слатки десерти подготвени од учениците од угостителска струка • Под мотото „Нашата баклава ќе се донира-нема да се продава“ учениците од образовниот профил готвач од угостителската струка, во соработка со социјалниот партнер „Здружение за помош на социјално загрозени лица „Нула –гладни“,на ден 06.03.2022 година ја поделија баклавата на граѓаните од социјално ранливите категории. • По повод „Чисти понеделник“, учениците од образовниот профил „готвач“ од угостителската струка во соработка со социјалниот партнер Здружение за помош на социјално загрозени лица „Нула –гладни“, во 12 часот поделија бело гравче и баклава на граѓаните од социјално ранливите категории. Активноста се изведе на ден 07.03.2022 година пред гостилницата „БОЕМ“. • По повод доаѓањето на пролетта, а во организација на ЈКП Дервен и Општина Велес, на ден 21.03.2022 година група ученици земаа учество во еко акцијата „Сакај го Велес“. • На ден 08.05.2022 година одржана еко-акција ,,Генералка во "ССОУ Коле Неделковски“. Ученичките натпревари се вид на активност преку кои еден ученик или група на ученици се трудат што подобро или што побрзо да постигнат што подобри воспитно-образовни резултати. Со цел да се презентираат постигнувањата во наставно-воспитната работа и воннаставните активности, училиштето организира вакви активности на ниво на училиштеи и зема активно учество на натпревари на ниво на регион и во рамките на државата, огранизирани од страна на ЦСОО, Здружението на електромашински и сообраќајни училишни центри, акредитирани здруженија од

	областа на математиката, физиката, странските јазици и др. Учениците од нашето училиште земаат учество на сите натпревари, како и на приредби, манифестации, конкурси и други организирани активности. Во текот на учебните 2020/21 и 2021/22 година учениците од нашето училиште учествуваа на натпревари, кои беа организирани на општинско, регионално и државно ниво и ги постигнаа следните резултати: • Во организација на Сојузот на математичари, на ден 15.08.2020 година одржан 63-от македонски Државен натпревар по математика • На ден 29.08.2020 година одржана 27-та Македонска математичка олимпијада. Единствен учесник од Велес, ученикот Бојан Димовски кој освои бронзен медал • Во организација на Друштвото на физичари, на ден 12.02.2021 година е одржан општински натпревар по физика. Ученикот Трајче Василевски од 2-6 клас се пласираше на Регионален натпревар • На ден 20.02.2021 година е одржан Општински натпревар по математика за учениците од средните училишта, во кој учествуваа наши ученици од сите години • Во организација на Здружението на информатичари на Македонија, на ден 06.03.2021 година во нашето училиште се одржа Регионалниот натпревар Мендо 2021 • Во организација на Сојузот на математичари, на ден 13.03.2021 година земено е учество на Регионалниот натпревар по математика. Учествуваа ученици од сите години од нашето училиште • Во организација на Здружението на професори по англиски јазик ЕЛТАМ, на ден 20.03.2021 година е одржан Општински натпревар по англиски јазик во кој учествуваа учениците Ј.Бачманов, С.Неделков, Ф.Петровски, Х.Андовски, Х.Костовски и Г.Ѓошевски • На ден 24.03.2021 година е одржан Општински натпревар во машинска струка - образовен профил Техничар за компјутерско управување, во кој учествуваа 4 ученици од 3-1 клас • Во рамките на одбележување на Патрониот празник на училиштето, на ден 14.12.2021 година традиционално се одржа квиз натпревар по математика, физика и информатика „ПОГОДИ КОЈ СУМ“. На овој квиз натпревар учествуваа ученици од девето одделение од основните училишта со своите наставници.

	• По повод престојните божикни празници, на ден 21.12.2021 се одржа онлајн Christmas quiz, Божикен квиз-натпревар по Англиски јазик, на кој учество земаа ученици од ССОУ Коле Неделковски и ученици од збратименото училиште Станислав Сташица, од Новогард, Република Полска. • На ден 18.02.2022 година се одржа училишен натпревар за избор на тим за изработка на најдобар дизајн на веб страна за натпреварот МАССУМ 2022, во кој учествуваа 11 ученици, од кои 4 најдобри ученици влегуваат во тимот • На ден 19.02.2022 година учество на онлајн општински натпревар по математика за учениците од средните училишта. Учесници 12 ученици од нашето училиште од сите четири години • На ден 24.02.2022 година одржан е училишен натпревар по информатика во организација на Здружението на информатичарите на Македонија, спроведен преку веб-системот за натпревари mendo.mk. • На ден 25.02.2022 година е одржан Општински натпревар за образовниот профил „машински техничар“,во кој учествуваа четири ученици • На ден 28.02.2022 година е одржан VIII-миот Општински натпревар во Електротехничката струка, сектор Електротехника, во образовниот профил ЕКТА. Учествуваа вкупно 5 ученици. • На ден 02.03.2022 година е одржан VIII-миот Општински натпревар во Електротехничка струка, сектор Електротехника, во образовниот профил Електротехничар за електроника и телекомуникации. На натпреварот учествуваа 6 ученици од паралелката 3-8. • По повод 14ти март, Меѓународниот ден на математиката, учество на тројца наши ученици на државниот електронски натпревар „ПИ – ДЕН“ во организација на Сојузот на математичари на Македонија • Во организација на Асоцијацијата на наставници по Англиски јазик на Македонија ELTAM, на ден 19.03.2022 година се одржа општинскиот натпревар по Англиски јазик за основни и средни училишта. Учествуваа 6 наши ученици од прва, втора и трета година • На ден 26.03.2022 година во СОУ ,,Киро Спанџов-Брко“ во Кавадарци се одржа Регионалниот натпревар на електротехничките, машинските и сообраќајните училишта од регион 4. Тројцата наши ученици Трајче Василевски, Бојан Петровски и Роберт Љубеновски продолжуваат на Државниот натпревар • Одржан 58-от Државен натпревар на младите истражувачи-Наука на млади. Наградени од нашето училиште се следните ученици: Од областа на електротехника и електроника, В. Илиев 4-4 клас, наставник-ментор Никола Дечев го освои првото место. Во категорија автоматика и роботика, В.Илиев 4-4 клас, наставник-ментор Никола Дечев го освои првото место и златен медал. Од областа на енергетската ефикасност, Мелик Фејзо 2-2, наставник-ментор Наталија Ашиковска го освои второто место. Од областа на применета математика,

	Бојан Димовски од паралалка 4-4 наставник-ментор Магдалена Иванова го освои третото место. • На ден 06.05.2022 година одржани се 39-те Државни натпревари на електротехничките, машинските и сообраќајните средни училишта, кои се одржаа во нашето училиште. • Учество во категоријата-филм на МАССУМ 2022, натпревар со изработка на документарен филм за животот на Коле Неделковски • Учество на МАССУМ 2022 во категорија „Најдобра поетска творба во конкуренција од 50 учесници од цела Македонија • Во категоријата „Најдобра видео реклама на МАССУМ 2022“ учениците се претставија со видео на тема „Младите и нивните проблеми“, поконкретно психичкото насилство врз средношколците • Во категоријата „Најдобар штанд“ на МАССУМ 2022 освоено прво место, со учениците С.Јовчев, Д.Бојчев, Е.Петковска, С.Антиќ, Ј. Николова, Л.Коцев • На МАССУМ 2022 во категоријата „Најдобар бизнис план“ се претставија нашите ученици Даниела Димовска, Викторија Калешовска и Олгица Андонова • Освоено трето место на МАССУМ во категоријата најдобра поетска творба, ученичка Р.Манева 4-4 клас • Во категоријата „Интервју за работа на англиски јазик на МАССУМ 2022, ученикот Ф. Пајдаков освои трето место • На МАССУМ 2022 во категоријата „Најдобра Фотографија“ се претставија нашите ученици Pieter Claesz - Vanitas Still Life, фото реплика Рената Стојменов Saint Francis in Meditation - Francisco de Zurburán, фото реплика Матеј Кировски • Учество на државниот натпревар по Англиски јазик за средни училишта, во просториите на американскиот колеџ UACS Skopje. Од нашето училиште на натпреварот учествуваа учениците: Т. Ефтимов од 1-7 клас, Ј. Бачманов од 2-7 клас и Ф. Петровски од 3-7 клас Придобивките од воннаставните активности се многубројни: соработка, другарување, лична надоградба и усовршување во одредена област, зголемување на самодовербата и натпреварувачкиот дух на учениците, стекнување на дипломи и благодарници за вложен труд и постигнати резултати. Постојат и се користат средства за афирмирање на воннаставните активности во училиштето преку медиуми, посета на училишта, WEB страна на училиштето итн. Според направената анкета за наставници, ученици и родители, на прашањата кои се однесуваат на овој индикатор добиени се следните резултати:

- Се согласувам
- Делумно се согласувам
- Не се согласувам

На прашањето дали училиштето има стратегија за препознавање на талентирани ученици и да организира додатна настава за нив, добиени се следните одговори:

Наставници:



Ученици:



Родители:



На прашањето дали дополнителната настава придонесува кон подобрување на резултатите од учење кај учениците со послаб успех, добиени се следните одговори:

Наставници:



Ученици:



Родители:



Дали учениците активно и во доволна мера се вклучуваат во натпреварите кои се организираат на општинско, државно и меѓународно ниво?

Наставници:



Ученици:



Родители:



Дали учениците активно и во доволна мера се вклучуваат во воннаставните активности кои се организираат од страна на училиштето за презентирање и маркетинг на училиштето?

Наставници:



Ученици:



Родители:



Јаки страни:

- Училиштето ги информира учениците и родителите за секоја воннаставна активност која што се планира во училиштето;
- Учениците со поддршка од училиштето и наставниците учествуваат во различни манифестации и воннаставни активности;
- Секој ученик може да најде свое место во реализација на личните афинитети и постигања преку учество во разни училишни и вон-училишни активности;
- Афирмација на училиштето и учениците во локалната средина

Слаби страни:

- Намален број на воннаставни активности поради протоколите за заштита од КОВИД 19;
- Намален интерес на учениците за учество на натпревари од општинско, регионално и државно ниво

Можности:

- Влијание врз планираните активности во учебната година од Локалната самоуправа;
- Вклучување на учениците во воннаставните активности од секаков вид и подобрување на нивниот социјален живот со помош на истите;
- Афирмација на учениците од натпреварите и придобивки од нив (награди, стипендии итн)

Опасности:

- Намален интерес за учество на натпревари на учениците поради немање на мотивираност од страна на организаторите

ПРИОРИТЕТИ:

- Мотивирање на учениците за учество на натпревари;
- Организирање на дебати, работилници, спортски натпревари, натпревари од струките и секаков вид на воннаставни активности со цел за промовирање и маркетинг на нашето училиште во локалната средина;
- Активно вклучување на родители во воннаставните активности на училиштето;
- Вклучување на бизнис заедницата и локалната средина во реализација на воннаставни активности на училиштето;

Област: 1. Организација и реализација на наставата	
Индикатор: 3.1 Планирање на наставниците	
Кои се извори и документи за увид	**Информации кои се собирани**
• Предадените годишни глобални и тематски планирања • Дневници на паралелките • Записници од одржани состаноци на активите • Извештаи од водени разговори и консултации со стручна служба • Извештај од меѓусебна посета на часови • Извештај од интерни работилници • Извештај од работа со наставници почетници • Увиди на педагошко – психолошката служба од посетата на часовите (92 посети) • Увиди на педагогошко – психолошката служба од водени разговори со ученици 2020/2021 (23 on line посети) и 2021/2022 (139 посети)	Од извршениот увид во педагошко – психолошката служба е констатирано дека сите професори редовно изготвуваат и предаваат годишни глобални и тематски планирања. Истото е констатирано и за дневните планирања – од увид на педагошко – психолошката служба од посета на часови (23 on line посети во учебната 2020/2021 и 139 посети во 2021/2022 год.). Притоа е утврдено дека наставниците користат нај различни методи (монолошка, дијалошка, демонстративна, лабораториска, текст, писмена и графичка) и форми (фронтален, групен, индивидуален, тандем, тимски) за оценување на постигањата на учениците во согласност со задачите употребуваат и наставни средства (табла и креда, учебник, лцд проектор наглед средства, презентации во power point, слики и др.) планирањата на наставниците се следени преку инструменти за педагошко – психолошката педагошката служба и директорот на училиштето. За размена на искуства и информации од планирањето наставниците користат: разговори и консултации со стручна служба (40), активи (секој актив минимум 6 состаноци годишно), заеднички планирања, меѓусебна посета на часови, одржување на наглед часови, интерни работилници, работилница за работа со наставници почетници. За интеракција со учениците наставниците користат различни форми како на пример: поставување прашања, водење дискусии, индивидуална настава и други методи што може да се види од увидите на педагошко – психолошката служба од посетата на часовите и увиди на педагогошко – психолошката служба од водени разговори со ученици.

Јаки страни

- Едуцирани наставници секогаш подготвени за усовршување и унапредување на наставата
- Навремено изработени годишни и тематски планирања за успешна организација и реализација на наставниот процес
- Следење и подготовка на наставниците приправници.

Слаби страни

- Недостаток од обуки за стручно усовршување и надградување на наставниците за новите модуларно-дизајнирани наставни програми и за online наставата воведена како заштита од Covid-19.

Можности • Учество на наставниците од училиштето во реформите на средното стручно образование, при изработка на наставните планови и програми во модуларното стручно образование и намалување на бројот на ученици во паралелките и групите за изведување на практична настава и вежби • Перманентна едукација на наставниот кадар преку акредитирани институции, посебно едукација за полесно и непречено изведување на наставата од далечина; • Следење на состојбата на пазарот на трудот на општинско ниво и отварање на нови занимања кои се актуелни на пазарот на трудот во тој временски период.
Опасности • Неприфаќањето на новите семинари и обуки кај дел од наставниот кадар кои се сметаат за незадолжителен дел од наставата пред новите наставни креирања и можности • Секојдневен напредок на технологијата, а со тоа и неможност на дел од наставниците да го следат овој напредок, посебно во услови на учење од далечина, како модел на учење за заштита од Covid-19.
Приоритети • Обука на наставниците со цел нивно усовршување и надградување.

Област: 1. Организација и реализација на наставата	
Индикатор: 3.2 Наставен процес	
Кои се извори и документи за увид	**Информации кои се собирани**
• Анкета на родители • Анкета на ученици • Анкета на наставници	Наставниците применуваат повеќе наставни форми и методи за реализација на наставата индивидуална работа и тоа: работа во групи, кооперативно учење, истражување, power point презентации, изработка на визуелни помагала и изработка на проекти. Наставниците применуваат ИКТ во наставата (истражување од страна на учениците, часови подготвени со power point презентации, youtube-видео туторијали) во согласност со нагледните средства со кои располага училиштето за ИКТ, и истите не се доволни и не ги задоволуваат потребите за сите наставници. Наставниците применуваат интерактивни методи(прашања,, дискусии, работа во групи) кои поттикнуваат соработка помеѓу учениците. Наставниците применуваат наставни форми и методи за развивање на индивидуалните вештини на секој ученик. - **дополнителна настава за учениците со потешкотии при совладувањето на материјалот;** - **додатна настава за надарени ученици;** - **учество на натпревари** - **учество во проекти** *Во наставниот процес користите разновидни форми и методи со цел да им помогнат на учениците да ги постигнат предвидените цели во наставата:* ○ 83,8% од наставниците , 54,09 % од родителите и 53,3 % од учениците сметаат дека во наставата се користат разновидни форми и методи кои се соодветни на потребите на учениците; ○ 12,9 % од наставниците, 44,2 % од родителите и 42,6 % од учениците се изјасниле дека во наставата делумно се користат разновидни форми и методи. ○ 3,3 % од наставниците, 1,71% од родителите и 4,1 % од учениците се изјасниле негативно во однос на ова прашање. *Дел од наставните содржини ги реализирате со примена на информатичка технологија:* - 77,42 % од наставниците, 44 % од учениците и 55,74 % од родителите сметаат дека дел од наставните содржини се реализираат со примена на ИКТ. - 19,36 % од наставниците, 48 % од учениците, и 37,7 % од родителите делумно се согласуваат дека дел од наставните содржини се реализираат со примена на ИКТ. - 3,22 % од наставниците, 8 % од учениците и 6,56 % од родителите се изјасниле негативно во однос на ова прашање.

	Во текот на наставниот процес преку интерактивни методи (прашања, дискусии, работа во групи) поттикнувате соработка помеѓу учениците - 93,56 % од наставниците, 46,66 % од учениците и 60,66 % од родителите се согласуваат дека во текот на наставниот процес преку интерактивни методи (прашања, дискусии, работа во групи) се поттикнува соработка помеѓу учениците. - 3,22 % од наставниците, 46,66 % од учениците и 36,06 % од родителите делумно се согласуваат дека во текот на наставниот процес преку интерактивни методи (прашања, дискусии, работа во групи) се поттикнува соработка помеѓу учениците. - 3,22 % од наставниците, 6,67 % од учениците и 3,28 % од родителите се изјасниле негативно во однос на ова прашање дека во текот на наставниот процес преку интерактивни методи (прашања, дискусии, работа во групи) се поттикнува соработка помеѓу учениците.

Област: 3. Учење и настава	
Индикатор: 3.2.2 Користење на ИКТ во наставата	
Кои се извори и документи за увид	**Информации кои се собирани**
• Дневник на работа на паралелки од прва до четврта година • Годишни, тематски и дневни подготовки на наставниците • Анкета за мислење на наставниците, родителите и учениците • Увид во стручна служба • Изработени проекти од ученици (power point презентации, примена на ИКТ во наставата)	Од извршениот увид во работата на психолошко – педагошката служба на нашето училиште, може да се констатира следново: • наставниците редовно изработуваат и предаваат годишни глобални и тематски планирања во кои имаат предвидено часови со примена на ИКТ во наставата • примената на ИКТ во наставате е застапена со 30 % од вкупниот број на часови по наставни предмети • дел од наставниците во своите тематски планирања наведуваат кои наставни содржини ќе ги реализираат со примена на ИКТ во наставата • примената на ИКТ во наставата се реализира на повеќе начини - подготвување на power point презентации за време на наставниот час, истражување на одредена област од страна на учениците и др. Во реализацијата на наставните содржини примената на ИКТ овозможува употреба на иновативни и креативни техники, методи и форми на наставна работа за реализирање на современ час. Училиштето располага со ИКТ опрема која во наставата секојдневно се употребува. Наставниците со своите знаење и работно искуство во образовниот процес се обидуваат да применат разни начини и средства за поттикнување на учениците во совладување на наставните содржини, се со цел за постигнување на подобри резултати во учењето. Со цел да се добијат релевантни податоци за погоре наведеното, тимот за реализација на ова подрачје спроведе анкета меѓу наставниците, родителите и учениците. Во анкетата беа вклучени вкупно 31 наставник, 61 родител и 75 ученика. Подолу од анализата издвојуваме дел од исказите на кои испитаниците објективно го искажале својот став.

Исказ.3.2.2

- Во текот на наставниот процес наставниците ги поттикнуваат учениците при усвојување на нови наставни содржини да ги користат веќе стекнатите знаења и вештини од соодветниот предмет или други предмети (графикон 1).



Графикон 1

Доколку се анализира графикон 1, ќе констатираме дека испитаниците во најголем процент и тоа наставниците со 93,55%, родителите со 49,18 % и учениците со 45,33% се согласуваат со ангажираноста на наставниците во поттикнувањето на учениците при усвојување на нови наставни содржини да ги користат веќе стекнатите знаења.

- На учениците им се даваат соодветни домашни задачи поврзани за време на часовите кои им помагаат да постигнат подобри резултати во учењето (графикон 2).



Графикон 2

Од графикон 2 може да се заклучи дека сите испитаници имаат позитивен став по однос на овој исказ т.е во најголем процент и тоа наставниците со 61,29%, родителите со 59,02% и учениците со 44% се согласуваат со веќе наведениот исказ.

- Во наставниот процес наставниците користат различни материјали (учебници, збирки, речници, интернет) со цел да ги мотивираат учениците да учат (графикон 3).



Графикон 3

	При анализа на графиконот 3 може да се констатира дека сите испитаници и тоа наставниците со 83,87%, родителите со 67,21% и учениците со 46,47% се согласуваат со исказот дек а во наставниот процес наставниците користат различни материјали. Кога станува збор за примена на нови образовни технологии во наставата, дел од наставниците се доволно обучени за примена на истите. Како стручно училиште, дел од наставниот кадар се соочува со немање на соодветни апликации и е – содржини по дел од наставните предмети.

Јаки страни

- Квалитетно изработени планирања на наставниците во кои има примена на ИКТ во наставата
- Наставниците се обучени за употреба на нови образовни технологии

Слаби страни

- Наставниците недоволно изработуваат сопствени ИКТ ресурси;
- Немање на соодветни апликации според потребите на наставните стручни предмети

Можности:

- Континуирано одржување на постоечката компјутерска опрема во училниците и навремена замена на неисправните компјутери со нови компјутери;
- Оспособување на постоечката компјутерска опрема

Опасности:

- Технологијата со крупни чекори оди напред, промените тешко ќе можат да се следат

ПРИОРИТЕТИ

- Обезбедување на соодветни апликации

Област: 3. Учење и настава	
Индикатор: 3.2.3 Интеракција на еколошкото образование	
Кои се извори и документи за увид	**Информации кои се собирани**
• Годишни планирања за ЕКО – стандарди • Дневник на работа на паралелки од прва до четврта година • Годишна програма за работа на ССОУ„Коле Неделковски“ – Велес во учебната 2020 / 21 и 2021/2022 година	Во годишната програма за работа на нашето училиште за учебната 2020 / 21 година , посебен приоритет е ставено на „Имплементација на еко – стандардите во планирањата на наставниците“ Еко стандардите или стандарди за одржлив развој, се водич за нашата образовна институција при создавање на полиса за подигање на еколошката свест на учениците, вработените и пошироко. Овие стандарди содржат јасно поставени цели кои носат и конкретни резултати. Со реализација на определените точки за акција од еко стандардите можеме да извршиме и конкретни промени во средината, а кои доведуваат и до финансиски заштеди. Воведени се теми со еколошки содржини како основа за поврзување на праксата со теоријата и приближување на еколошките содржини и еколошките проблеми до учениците. Во рамките на наставните програми и наставните содржини наставниците ги поврзаат еколошките теми - содржини со нивната наставна програма. Содржините кои се реализираат одговараат со возраста на учениците и овозможуваат соодветно поврзување на предметите, истражување, анализирање, изнаоѓање на решенија со комбинирање на идеи и сл. Во нашето училиште се организирани повеќе еко – акции: уредување на училишниот двор.
Јаки страни: • Активно учество на училиштето во активности на локалната самоуправа во реазлицазија на еко содржини.	
Слаби страни: • Донесување на еко – кодекс • Недоволна развиена еколошка свест за одредена група на ученици.	
Можности: • Организирање на работилници, проекти и акции за поддршка на еко – стандардите, за обезбедување и одржување на здрава и чиста животна средина за работа и учење	
ПРИОРИТЕТИ: • Активно вклучување на родителите во подигањето на еколошката свест на учениците • Формирање на еко – патрола од редовите на учениците.	

Област: 1. Организација и реализација на наставата и учењето	
Индикатор: 3.3 Искуства на учениците од учењето	
Кои се извори и документи за увид	**Информации кои се собирани**
• Анкета на ученици	Исказ.3.3.1 **Училницата ја доживуваш како стимулирачка и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење** Од графичкиот приказ 3.3.1, 32% од учениците ја доживуваат училницата како стимулирачка и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење, 34% сметаат дека делумно ја доживуваат училницата како стимулирачка и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење и 34% од учениците се изјасниле негативно. **Наставниците во текот на часот даваат јасни инструкции и упатства за работа, учењето во училницата е активно, динамично и има работна атмосфера.** Од графичкиот приказ 3.3.2, 50% од учениците сметаат дека во текот на часот наставниците даваат јасни инструкции и упатства за работа, учењето во училницата е активно, динамично и има работна атмосфера, 34% од учениците делумно се согласуваат дека има активна, динамична работна атмосфера и 16% од учениците не се согласуваат.

Поттикнување на учениците за преземање одговорност

Од графикот 3.3.3, 52% од учениците сметаат дека односот на наставниците спрема учениците е заснован на взаемно почитување, помош, соработка и разбирање, 44% од учениците сметаат дека наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат, 31% од учениците делумно се согласуваат за взаената соработка и разбирање а 38% делумно се согласуваат дека наставниците ги охрабруваат учениците за излагање на сопствените заклучоци и прашања, 17% и18% од учениците се изјасниле негативно во врска со овие прашања.

Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето

График 3.3.4

53% од учениците сметаат дека наставниците преку интерактивни методи потикнуваат соработка меѓу учениците, 30% од учениците делумно се согласуваат, 17% од учениците се изјасниле негативно.

37% од учениците сметаат дека наставниците и учениците заеднички работат на различни проекти во и надвор од училиштето, 35% од учениците делумно се согласуваат, 28% од учениците се изјасниле негативно.

Јаки страни • наставниците задаваат домашни работи кои се поврзани со активностите и наученото за време на часовите • наставниците дел од наставните содржини ги реализираат со примена на информатичка технологија; • учениците се мотивирани за полесно учење со користење на различни материјали при наставата; • учениците добиваат повратни информации за нивната работа, напредок и постигнување;
Слаби страни • мал дел од учениците ја доживуваат училницата како стимулирачка и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење; • учениците сметаат дека многу малку заеднички работат на проекти во училиштето и надвор од него. • голем дел од активностите во училиштето учениците не ги сметаат за пријатни и интересни • мал дел од учениците сметаат дека наставниците користат разновидни форми и методи кои се соодветни на нивните потреби и стил на учење.
Можности • подигнување на свеста на учениците за поголемо учество во училишните активности и нивно поттикнување за преземање одговорност; • наградување на одличните ученици на крајот од наставната година (на пр. книга или др.). • наградување на учениците и наставниот кадар за постигнатите успеси на натпревари на локално, регионално, државно и меѓународно ниво.
Опасности • немотивираност и незаинтересираност на учениците • негативното влијание на послабите ученици врз подобрите; • незаинтересираност на родителите на учениците за поактивна соработка со училиштето.
Приоритети • подобрување на условите во училниците и другите простории во училиштето, со што учениците ќе ги доживуваат како стимулирачка и мотивирачка средина и ќе се зголеми нивниот интерес за учење; • вклучување на сите ученици подеднакво во сите активности за време на часовите; • поголема вклученост на учениците и ученичката заедница при решавањето на одредени проблеми и одлучувањето за нив.

Област: 1.Организација и реализација на наставата	
Индикатор: 3.4 Задоволување на потребите на учениците	
Кои се извори и документи за увид	**Информации кои се собирани**
• Анкета на наставници • Анкетана ученици • Анкета на родители	**Образовните потреби на учениците (надарени ученици, ученици со пречки во учењето) се идентификуваат од страна на наставниот кадар и стручната служба и се преземаат активности за остварување или отстранување на истите** <u>График 3.4.1</u> 71% од наставниците сметаат дека образовните потреби на учениците (надарени ученици, ученици со пречки во учењето) се идентификуваат од страна на наставниот кадар и стручната служба и се преземаат активности за остварување или отстранување на истите, 29% од наставниците сметаат дека училиштето делумно ги идентификува пречките и презема активности, 0% од наставниците се изјасниле негативно. **Училиштето навремено ги индентификува сите пречки (немање работна атмосфера, несоодветна проверка на знаењето, неразбирливо предавање) во процесот на учење и превзема активности за нивно отстранување** 41% од наставниците сметаат дека училиштето навремено ги идентификува сите пречки (немање работна атмосфера, немање на учебници, несоодветна проверка на знаењето, неразбирливо предавање) и презема активности за нивно отстранување, 36% од наставниците сметаат дека училиштето делумно ги идентификува пречките и презема активности, 23% од наставниците се изјасниле негативно. 28% од родителите се изјасниле дека училиштето навремено ги идентификува сите пречки (немање работна атмосфера, немање на учебници, несоодветна проверка на знаењето, неразбирливо предавање) и презема

активности за нивно отстранување, 51% од родителите сметаат дека училиштето делумно ги идентификува пречките и презема активности, 21% од родителите се изјасниле негативно во однос на ова прашање.

Учениците кои имаат потешкотии при совладувањата на материјалот ги охрабрувате да посетуваат дополнителна настава

51% од наставниците и 46% од родителите се изјасниле дека училиштето навремено ги идентификува учениците кои имаат потешкотии при совладувањата на материјалот и ги охрабрувате да посетуваат дополнителна настава, а 12% од учениците одговориле потврдно на ова прашање. 36% од наставниците, 43% од родителите и 52% ученици се изјасниле за делумно точно на ова прашање. На крај 3% од наставниците, 11% од родителите и 16% од учениците одговориле негативно на ова прашање.

Работите со талентирани ученици и ги потикнувате да користат дополнителна литература, да посетуваат додатна настава и да учествуваат на регионални и државни натпревари

График 3.4.2

84 % од наставниците сметаат дека училиштето навремено започнува да работи со талентирани ученици и ги потикнуват да користат дополнителна литература, да посетуваат додатна настава и да учествуваат на регионални и државни натпревари, 13% од наставниците делумно работат со талентирани ученици и само 3% од наставниците се изјасниле негативно.

Кај учениците состојбата од анкетата е 48% одговориле позитивно, 45% делумно се согласуваат, додека 7% се



изјасниле негативно во однос на ова прашање. 71% од родителите се изјасниле дека сметаат дека училиштето навремено започнува да работи со талентирани ученици и ги потикнуват да користат дополнителна литература, да посетуваат додатна настава и да учествуваат на регионални и државни натпревари и само 21% од родителите сметаат дека наставниците делумно работи со талентирани ученици, 8% се изјасниле негативно.

Јаки страни • образовните потреби на учениците (надарени ученици, ученици со пречки во учењето) се идентификуваат од страна на наставниот кадар и стручната служба и се преземаат активности за остварување или отстранување на истите; • училиштето навремено ги идентификува сите пречки (немање работна атмосфера, немање на учебници, несоодветна проверка на знаењето, неразбирливо предавање) и презема активности за нивно отстранување; • воочените недостатоци и пречки во процесот на учење кај учениците се отстрануваат со одржување на дополнителна настава; • училиштето навремено започнува да работи со талентирани ученици и ги потикнуват да користат дополнителна литература, да посетуваат додатна настава и да учествуваат на регионални и државни натпревари;
Слаби страни • дел од родителите ненавремено ги идентификуваат потребите на своите деца;
Можности • образовните потреби на учениците да се определуваат индивидуално за секој ученик посебно, а со тоа се обезбедува остварување на максималните потенцијали за постигање на ученикот во училиштето.
Опасности • непочитување на различните потреби на учениците во наставата.
Приоритети • да се изгради систем или пропишан приод/процедура за идентификување на образовните потреби и пречките во процесот на учење на учениците со посебни образовни потреби од стручни лица како поддршка на наставниот кадар и стручната служба;

Област: 1. Организација и реализацијана наставата	
Индикатор: 3.5 Оценувањето како дел од наставата	
Кои се извори и документи за увид	**Информации кои се собирани**
• Програма за работа на училиштето; • Стандарди за оценување; • Увид во педагошка евиденција и документација; • Користени инструменти за оценување (тестови на знаење, бодовни листи, чек листи); (Тематски процесни планирања и дневни оперативни планови) • Протоколи од посета на наставни часови на директор и стручни соработници; • Примери на оценети ученички проекти; • Евиденција на наставници за реализирани средби и соработка со родители; • Листи за следење и вреднување на работата на учениците од страна на наставникот за оценувањето на нивните постигања; • Анкетни прашалници за ученици, наставници и родители.	**Училишна политика за оценување** - Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците, Критериумот на оценување на постигањата на учениците, како составен дел на планирањето на наставата и учењето е според стандардите за оценување дефинирани на веб страната на Бирото за развој на образованието; - Наставниците, на почетокот на учебната година, покрај наставните програми, ги информираат учениците и за очекуваните постигања и начинот на кој тие постигања ќе се оценуваат. **Методи и форми на оценување** При вреднувањето на постигањата на учениците наставниците користат различни методи и инструменти со цел оценувањето да биде објективно. Најчесто користени методи на формативно оценување се: усна и писмена повратна информација, дискусија, портфолио, проекти, изведбена активност, сложеност на прашања, меѓусебно оценување и самооценување на учениците. Најчесто користени инструменти се: писмени проверки по тежински нивоа, наставни ливчиња за проверка на наученото од наставниот час, чек листа, листа на бодирање, скала на процена и др. На крајот на секој класификационен период учениците беа оценети со сумативни оцени. Дел од наставниците водат ученичко портфолио со ученички трудови и преку собраните трудови ги следат постигањата и напредокот на учениците во текот на учебната година. Учениците континуирано добиваа повратни информации за напредокот и постигањата, од страна на наставниците како и насоки за подобрување на истите. Наставниците водеа грижа оценувањето на учениците да биде објективно, транспарентно, да употребуваат методи на оценување според потебите на ученикот, притоа не правејќи разлика помеѓу учениците по пол, етничка припадност и социјален статус. **Користење на информациите од оценувањето во наставата** Наставниците ги користат добиените информации од оценувањето на учениците за: - Увид во знаењата на учениците и планирање на наставата со цел да се надминат евентуалните потешкотии и недостатоци - Прибирање докази за активностите на учениците, мотивираноста за учење, соработката со другите, со цел да се воспостави врска меѓу учењето, поучувањето и оценувањето;

- Анализа на состојбата на постигнатите резултати и давање поддршка на учениците кои постигнуваат послаби резултати во учењето;
- Информирање на родителите за постигањата и напредокот на нивното дете на родителски средби и консултативни разговори при посета на родителот на училиште;

Во учебната 2020/21 година наставата се реализираше преку далечинско учење на платформата Microsoft Teams при што наствниците вложуваа максимални напори да ги оценат постигањата на учениците преку употреба на различни методи и инструменти на оценување со помош на ИКТ технологија.

Анализа на анкета од 201 испитаник

(наставници-46, родители - 100 и ученици- 55)

Анкета со наставници

На тврдењето „Наставниците имаат усогласени критериуми за оценување со кои се запознати учениците и родителите, 22 наставници се сложуваат со тврдењето, 9 делумно се сложуваат и 5 наставници сметаат дека критериумите за оценување не се усогласени кај сите наставници.



На тврдењето „Користите различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следите и оценувате напредокот на учениците“ најголемиот број наставници (20) се согласуваат, 3 наставника делумно се согласуваат и 3 воопшто не се согласуваат.



39 наставници се согласуваат со тврдењето „Во текот на наставниот процес им давате повратна информација на учениците за нивната работа, напредок и постигања“, 5 наставници делумно се согласуваат, додека само 2 наставника не се согласуваат со тврдењето.



На тврдењето „При оценувањето им посочувате на учениците како да ја подобрат нивната работа и успех“, најголемиот дел од анкетираните наставници (39) се согласуваат, 5 наставници делумно се согласуваат и 2 не се согласуваат.



Скоро сите анкетирани наставници (40) се согласуваат со тврдењето дека „Информациите од оценувањето го користите за да го подобрите планирањето и спроведувањето на наставата“, 4 наставници делумно се согласуваат, додека само 2 наставника не се согласуваат.



Анкета со родители

На тврдењето „Наставниците користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат напредокот на моето дете“, 24 анкетирани родители потполно се согласуваат, 19 делумно и 12 не се согласуваат.



23 од анкетираните родители се согласуваат, а 27 делумно се согласуваат дека „Наставниците даваат конкретни информации за постигањата на моето дете, начинот и критериумите на оценување како и препораки како детето да го постигне својот максимум“, а само 5 родители не се согласуваат со тврдењето.



Анкета со ученици

На тврдењето „Наставниците користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат твојот напредок во учењето“, 46 ученици се согласуваат во потполност, 39 делумно и 15 не се согласуваат.



56 ученици се согласуваат во потполност со тврдењето дека „Во текот на наставниот процес наставниците даваат повратна информација за твојата работа, напредок и постигнувања“, 26 делумно се согласуваат, а само 18 ученици не се согласуваат.



На тврдењето „При оценувањето наставниците ти посочуваат како да ја подобриш твојата работа и успех“, 46 ученици се согласуваат, 35 делумно се согласуваат, а 19 ученици не се согласуваат.



Јаки страни • Поголем број од наставниците ги применуваат критериумите и стандардите за оценување на постигањата на учениците изготвени од БРО; • Оценувањето се базира врз користење на различни методи и форми со кои се земаат предвид различните стилови и предиспозиции за учење на учениците; • Учениците активно се вклучуваат во нивната проверка и оценување, односно се промовира континуиран процес на самооценување; • Континуирано се следат постигнувањата на учениците и се преземаат активности за нивно подобрување • Редовно известување на родителите за постигањата на учениците;
Слаби страни • Потребно е навремено и континуирано обучување на наставниците почетници за методите и инструментите на оценување;
Приоритети Примена на различни методи и инструменти за оценување на учениците;
Можности • Наставниците во наставниот процес користат различни техники на оценување и самооценување.

Подрачје: 6 Ресурси	
6.1. Сместување и просторни капацитети	
Документи кои се прегледани.	**Информации кои се собирани**
• Градежен план на училиштето.	- 6950 m^2 покриена површина, вкупно училишна површина: 5182 m^2. ***Училишна зграда*** Реновиран е „стариот дел“ од училишната зграда на ССОУ „Коле Неделковски“, каде приземјето и двата ката од „стариот дел“ заедно со ходниците и скалишниот простор се целосно реновирани. Во тек е реновирање на кабинетите во подрумскиот дел на училиштето. Заменети се прозорите во ходниците и скалишниот дел со нови пвц прозори. Во секој кабинет е поставен ЛЦД проектор и смарт табла или 65” телевизор. Преку овие уреди наставниците ќе можат да ги презентираат пред учениците, на лесен и разбирлив начин, новите наставни содржини. На овој начин ќе се обезбеди поквалитетен образовен процес и зголемување на интересот за нови знаења. ***Училишен двор*** Училиштето располага со уреден двор, кој неодамна беше реновиран. Училишниот простор пред училишната зграда беше поплочен со бекатон коцки. Влезот и скалите беа дополнително уредени, а беше поставена и пристапната рампа за лица со попреченост. Во делот со зеленилото, има систем за наводнување, поставени се 20 клупи, кои на учениците во нашето училиште ќе им пружат соодветен одмор. Заштитата и безбедноста на училиштето се обезбедуваат преку агенција за обезбедување.
• Преглед на училишен простор во кој се изведува образовно–воспитна дејност и пописни листи од 2020 година.	***Училишен простор*** • вкупно 35 кабинети според стандардите пропишани од МОН (подрум+приземје+2 ката); • 1 специјализирана машинска работилница со помошни простории; • 11 кабинети од машинската, електротехничката, сообраќајна и угостителска струка за практична настава; • Маркарт-Тренинг центар; • 1 спортска сала со помошни простории. ***Училници, кабинети*** Наставно - образовниот процес во ССОУ “Коле Неделковски“ се изведува во специјализирани училници–кабинети опремени со компјутерска опрема и мрежна врска со интернет поддршка. Кабинетите се именувани согласно со називите на наставните предмети кои

	се обработуваат во истите. Опремата во специјализираните кабинетите е во согласност со спецификите на наставниот предмет и според реалните можности на училиштето. Голем дел од кабинетите се опремени со смарт табли и ЛЦД проектори. телевизори, sидни платна и табли. Во зависност од наставниот предмет и можностите на училиштето, поголем број од кабинетите се опремени со визуелни средства како што се цртежи од предмети, процеси, макети, системи, географски и историски карти како и каталози од производители на одредена опрема. Кабинетите каде се изучува теоретска настава има нагледни средства изработени од наставниците во соработка со учениците. Од искуството се покажува дека нагледните средства во кабинетите за теоретска настава даваат позитивни резултати и затоа оваа учебна година ќе се продолжи со зголемување на нивниот број. ***Кабинети за електро-технички наставни предмети и опрема за изведување на наставата*** Во електротехничката струка опфатени се следните функционални простории со специфична опрема: - еден кабинет со 17 нови компјутери за изведување на теоретските часови по предметите од програмирање во образовниот профил електротехничар за компјутерска техника и автоматика; - еден помал кабинет со 8 нови компјутери за изведување на вежби по предметите од програмирање во образовниот профил електротехничар за компјутерска техника и автоматика; - два кабинета за испитување на електрични машини опремени со пултови (пултовите се опремени со статични амперметри, волтметри, фрекфенциометри и електрични броила). Напојувањето е со еднонасочен, еднофазен и трифазен напон и со сите пропратни инструменти за соодветните профили; - авто-електричарска работилница; - кабинет за електроника, со програмибилни единици за контрола и водење на работни процеси во индустрија; - кабинети за настава од информатика и техничко цртање. ***Кабинети за машински наставни предмети и опрема за изведување на наставата*** Во машинската струка опфатени се функционални простории со специфична опрема. Машинска работилница составена од: - стругарско одделение; - машино-браварско одделение; - заварувачко одделение; - ковачко одделение; - училница за теоретска настава; - аавтомеханичарска работилница;

	- кабинет за НУМА со одделение за роботика; - кабинети со комплетна информатичка опрема во мрежна врска со интернет конекција; - магацин со алатница и машински кабинети. Во овие функционални простории ја има следната опрема и машини: стругови, глодалки, дупчалки, рендосалки, брусилки, заварувачки апарати, механички преси, машински прибор и алат, автомеханичарски алат и прибор, роботи, NC-струг, NC-глодалодупчалка, CNC машина, нов 3Д штампач, графоскопи, табли за цртање, компјутери и други видови опрема и машини, маси, ормани, полици, табла за пишување, флипчарт, метална количка, брусалка, статичен циркулар, убодна пила, рачен циркулар, бормашина, дигитален и обичен шублер, микрометар, менгеме, гранитна плоча, заштитни очила и слушалки, модел на мотор со внатрешно согорување и мултифункционален принтер. Во тек е реновирање на автомеханичарската работилница и гаражниот простор при машинската работилница. ***Кабинет за угостителски стручни предмет и опрема за изведување на наставата*** Во угостителско туристичка струка опремен е кабинет за изведување на практична настава на учениците со нов конвектомат (фурна за печење), работни маси, бојлер, печка, електричен шпорет, ладилник, умивалник и ситен инвентар. ***Кабинети за природно-математички и општествени наставни предмети и опрема за изведување на наставата*** Опременоста на кабинетите во кои се изучуваат природно-математички и општествено-јазични предмети од година во година се подобрува. Секој од нив е опремен со опрема специфична за предметот кој се изучува. Опремени се двата кабинети по англиски јазик со нови клупи, столчиња и училишен инвентар. Покрај ова, во кабинетите се поставени ЛЦД проектори преку кои наставниците ќе можат да ги презентираат пред учениците новите наставни содржини. Наставата по одредени предмети во рамките на кои се употребуваат компјутерски програми се изведува во кабинетот по информатика со одлични просторни и технички услови. Во кабинетот компјутерите се поврзани во мрежа на рамноправни корисници, при што едниот од нив овозможува пристап на интернет којшто е достапен за учениците и професорите од училиштето. Сите четири активи располагаат со посебна опремена просторија со мебел и компјутер со 24 часовна интернет конекција и скенер. На овој начин се обезбедува поквалитетен образовен процес и зголемување на интересот за нови знаења.

	Спортска сала Во училиштето има спортска сала во која се реализира наставата по предметот Спорт и спортски активности. Опремена со опрема и спортски реквизити. Во склопот на спортската сала функционира и комплетно опремена пинг-понг сала. Оваа опременост допринесува не само за развојот на редовната настава, туку и подобри предуслови за воннаставна воспитно-образовна дејност т.е. работата со надарените и талентираните ученици преку слободните ученички активности.
• Преглед на училишен простор кој се користи за неопходна финансиска и административна работа поврзана со образовно–воспитна дејност и пописни листи од 2020 година.	• 1 просторија за директор; • 1 просторија за педагошко–психолошката служба; • 1 просторија за раководителите на смена; • 1 просторија за секретар; • 1 просторија за книговодител; • 1 просторија за чуварите во ноќната смена; • 1 наставничка канцеларија; • 1 сала за презентација; • 1 библиотека; • 10 санитарни јазли; • Централно топловодноводно греење со сопствена котларница која е автоматски управувана; • Сопствен бунар за наводнување на градината. ***Сала за презентација*** Во тек е реновирање на салата за презентации. ***Библиотека*** Училиштето поседува сопствена библиотека, опремена со книги од областа на македонскиот јазик и култура, со стручна литература и речници. Истата работи на современ начин со програма (изработена од ученици од нашето училиште) за евиденција на библиотечниот фонд и побрзо пронаоѓање на потребната стручна литература, а во нејзината работа се вклучени наставници/библиотекари кои се грижат за евиденција и збогатување на фондот на книги. Со донации училиштето обезбедува солиден број на стручни списанија од областа на енергетиката, електротехниката и машинството. Голема поддршка на училишната библиотека е реализирана од страна на Министерството за образование и наука со донација на книги од истакнати Нобеловци и еминентни автори од светската литература која и оваа година ја збогати

	библиотеката со нови книги. Во склопот на библиотеката во функција е еден фотокопир за потребите на училиштето. ***Котларница*** Во училиштето беше извршена реконструкција на системот за централно топловодно греење. Во котларницата еден од трите постоечки стари котли на нафта, беше заменет со нов котел со топлински капацитет од 900 KW, комплет со горилник и останата инсталација за него. На еден од постоечките котли на нафта е заменет стариот горилник на нафта. ***Санитарни јазли*** Во сите тоалети во училиштето е изведена комплетно нова инсталација за греење, влучувајќи нова цевна мрежа и радијатори.

Јаки страни

- пријатна и здрава средина за изведување на наставата според законските прописи;
- училиштето рационално ги користи кабинетите (настава во две смени од 7:15 -19:30 часот);
- училиштето има училишен распоред за максимално искористување на просториите;
- кабинети кои се соодветни за бројот на ученици по паралелки;
- соодветно и добро опремени кабинети за одржување на теоретската настава, вежбите и практичната настава;
- континуирана набавка и опремување на кабинетите со опрема потребна за ИКТ настава;
- фиксирани на плафон ЛЦД проектори во кабинетите;
- училиштето е во непосредна близина на интернатот.

Слаби страни

- неискористување на можностите од обновливи извори на енергија;
- спортска сала без простор за публика;
- недоволна организација на искористување на можностите на техничката вода (можност за предзагревање на вода за парно).

Можности:

- доопремување на кабинетите со нови современи мерни апарати и уреди во тек со современите технологии;
- ученичка кантина за прехрана со јадења кои ќе бидат изготвени од учениците од угостителскиот смер;
- претплата на професорите и учениците за прехрана во училиштето со цел прибирање на симболични финансиски средства кои ќе бидат искористени во самата угостителска струка

Приоритети • замена на врати на кабинетите; • определување и опремување на простор за кантина; • приклучување на школскиот бунар кон организиран систем за континуирано наводнување на зеленилото во школскиот двор.
Опасности: • Недоволна поддршка на компаниите за одржување на наставата по предметот Учење преку работа кај работодавач и феријалната практика.

6.2 Наставни средства и материјали	
Документи кои се прегледани.	**Информации кои се собирани**
Теми	***Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала***
	Училишна библиотека
	Потрошен материјал
Кои се извори и документи за увид	**Информации кои се собирани**
▪ Годишна програма на училиштето за учебната 2020 / 2021 и 2021 / 2022 година ; ▪ Документација за набавување на стручна литература и наставни средства за 2020 / 2021 и 2021 / 2022 година ; ▪ Информативни разговори со професорите; ▪ Увид во библиотечна евиденција; ▪ Документација за планирани и набавени потрошни материјали	***Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала*** Училиштето располага со задоволителен обем на соодветна и современа стручна литература и наставни средства и помагала, согласно со нормативите по сите наставни предмети. Училиштето континуирано ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи современа стручна литература, учебници, материјали за практична работа, аудиовизуелна и ИКТ опрема, спортски реквизити и ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови. Во прилог на тоа се следниве информации: - доделени се таблети на ученици од семејства кои се во тешка социјална состојба (донација од градоначалникит и Советот на Општина Велес) за редовно слдење на онлјан наставата; - доделени се лап топ компјутери на сите наставници во училиштето; - кабинетите се доопремија со ЛЦД проектор (платно за проектирање,држач за проектор,HDMI конектор, VGA конектор), интерактивна табла или пак со LED телевизор, зависно од потребите на наставникот; - набавени се спортски реквизити (топки за ракомет, кошарка, одбојка, футсал и пинг понг) за успешно реализирање на наставата по спорт и спортски активности; - опремени се 2 училници со нови десктоп компјутери за потребите на наставните предмети: Објектно ориентирано програмирање, Уредување на WEB-страници, WEB програмирање и Мултимедија, кои ги изучуваат учениците од образовниот профил електротехничар за комјпутерска техника и автоматика. - училиштето има аплицирано во два гранта и има добиено печка конвектомат (фурна за печење за потребите на угостителската струка) и 3D принтер (современо нагледно средство за потребите на машинската струка); - Преку проектот „Јурта на молњи“ финансиран од Фондот за иновации и технолошки развој на Р.С.Македонија се обезбедени следните предмети: ▪ Лимена куќичка, поставена пред влезот на училиштето лево ▪ Соларен систем за снабдување со електрична енергија ▪ Електронски фаќач на громови и бројач на громови ▪ Пумпа за фонтани

	Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефикасно ги користат во наставата и во учењето. Учењето и наставата се збогатени преку планирано користење на ИКТ во сите годишни и тематски планирања за секој наставен предмет. Во училиштето, наставниците и учениците имаат можност континуирано да користат интернет. Училиштето располага со мал број соодветна стручна литература, нагледни средства, материјали и помагала за учениците со посебни образовни потреби . **Училишна библиотека** Библиотеката во нашето училиште располага со голем број на книги од сите жанрови - стручна литература за наставниците, лектирни изданија, билтени, списанија и енциклопедии. Со донации училиштето обезбедува солиден број на стручни списанија од областа на енергетиката, електротехниката и машинството. Голема поддршка на училишната библиотека е реализирана од страна на Министерството за образование и наука со донација на книги од истакнати Нобеловци и еминентни автори од светската литература која ја збогати библиотеката со нови книги. Во увидот направен во библиотечната евиденција,(броено од главна книга II до 28.6.2021 год.) библиотеката располага со вкупен книжен фонд од 11 433 книги,од кои 1 311 се стручна литература (790 од машинска струка, 511 од електротехничката струка и 10 книги од сообраќајна струка), 6 317 се лектирни изданија и 3 805 други наслови. Постојано се обновува библиотечниот фонд на книги.Во ноември и декември 2021 година,нашата библиотека е збогатена со нови ремек – дела (лектири и романи од познати автори),како и книги од руски автори подарени од претставници од Рускиот центар при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“, во рамките на проектот „Денови на рускиот јазик и култура во Македонија“. Библиотечната евиденција се води во интерна книга,но и електронски.Од мај 2021 год. истата работи на современ начин со примена на софтвер за евиденција на библиотечен фонд инсталиран на посебен лап топ компјутер, а во нејзината работа е вклучен библиотекар кој се грижи за евиденција и збогатување на фондот на книги. Библиотеката е добро уредена, располага со компјутер и пристап до интернет, како и фотокопир кој се користи за потребите на наставниците за настава. Истата е отворена за користење од страна на учениците и наставниците во текот на целиот училишен ден, согласно претходно изготвен распоред за работа на библиотеката.

	Потрошен материјал Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал во потребното количество за непречена реализација на наставните и воннаставните активности (хартија за копирање, хамери, фломастери, маркери, креди во боја и сл.), согласно финансиските можности,односно согласно со планот и програмата на училиштето. Потрошниот материјал за хигиена го има во доволна количина, а набавката се врши тековно, според потребите со договорни постапки.

Јаки страни • модерно опремени кабинети со преносни компјутери (лаптоп) за секој наставник, ЛЦД проектор, смарт табла или ЛЦД телевизор, зависно од потребите на наставниците за успешна реализација на наставата; • наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно ги користат во наставата и во учењето, • учењето и наставата се збогатени преку користење на ИКТ во сите годишни и тематски планирања за секој наставен предмет(користење на симулации и видеоклипови). • работа на училишната библиотека во две смени • училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал во потребна количина за реализација на наставните и вон наставните активности согласно училишниот план.
Слаби страни • училиштето не располага со соодветни нагледни средства, материјали и специфични помагала за учениците со посебни
Можности: • постојано збогатување на библиотечниот фонд со нови стручни изданија, и изнаоѓање на повеќе социјални партнери кои би помогнале во набавка на потрошен материјал и алати.
Приоритети • да се вложат напори за обезбедување на соодветни нагледни средства и материјали за учениците со посебни потреби, и тоа конкретно на оние кои се потребни за реализација на практичниот дел од наставата од електротехничката,угостителската и машинската струка.
Опасности: • Училиштето не располага со соодветни нагледни средства, материјали и специфични помагала за учениците со посебни потреби

ОБЛАСТ 2:
ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

Бр.	Индикатор за квалитет	Теми:
2.1	Постигнувања на учениците	• Следење на постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност, по наставни предмети и по квалификациони периоди; • Подобрување на постигнувањата на учениците од различен пол и етничка припадност; • Идентификација на ученици со потешкотии во учењето, надарени ученици и на ученици со посебни образовни потреби; • Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовна и дополнителна / додатна настава; • Следење на постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование
2.2	Задржување / одлевање на учениците	• Опфат на ученици; • Редовност во наставата; • Одлевање на ученици; • Премин на ученици од едно во друго училиште.
2.3	Повторување на учениците	• Ученици што не ја завршуваат годината.
3.6	Известување за напредокот на учениците	• Известување на родителите за напредокот на учениците.
4.4	Следење на напредокот	• Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците; • Анализа на напредокот на учениците по паралелки.
5.2	Промовирање на постигнувањата	• Промовирање на личните постигнувања на учениците; • Промовирање на постигнувањата во име на училиштето.

Област: 2. Постигања на учениците	
Индикатор: 2.1 Постигања на учениците	
Кои се извори и документи за увид	**Информации кои се собирани**
• Дневници за работа на паралелките • Годишна програма за работа на училиштето • Записници од наставнички совет на училиштето • Записници од педагошко-психолошката служба во училиштето • Записници од средби со родители • Програма за дополнителна и додатна настава • Полугодишни и годишни извештаи за успехот и постигањата на учениците изработени од класните раководители • Анализи на успехот • Извештаи од педагошко-психолошката служба во училиштето • Извештај од интегралната евалуација на училиштето • Извештај за работата на училиштето воу чебната 2020/2021 и 2021/2022 година • Извештај од полагањето на Државна матура и Завршен испит за учебната 2020/2021 и 2021/2022 година • Правилник за избор на најдобар ученик и најдобра паралелка во училиштето	Во училиштето се изготвуваат споредбени анализи за постигањата на учениците за учебните години. Споредбените анализи содржат податоци за постигањата на учениците по пол, етничка припадност, наставни предмети, паралелки и класификациони периоди. Состојбата во однос на етничката припадност на учениците е следната: -Во учебната 2020/2021 година се запишале вкупно 831 ученик, од кои 666 машки и 165 женски. Според изјаснувањето за етничката припадност најголем дел од учениците се изјасниле дека се Македонци (554 машко и 176 женски), потоа Албанци (50 машки и 0 женски), Бошњаци (20 машки и 6 женски), Турци (13 машки и 2 женско), Роми (10 машки и 2 женски) и Срби (0 машки и 0 женско). -Во учебната 2021/2022 година во училиштето се запишале вкупно 802 ученика од кои 611 машки и 191 женски. Според изјаснувањето за етничка припадност од вкупната бројка на запишани ученици во оваа учебна година 704 се Македонци и тоа 523 машки и 181 женски, потоа следуваат 47 ученик Албанци од кои 47 се сите машки и нема женски. Вкупната бројка на запишани Бошњаци изнесува 23 ученика од кои 20 машки и 3 женски. Во оваа учебна година во училиштето се запишале и 16 ученика од турска националност, 11 машки и 5 женски, потоа 12 ученика кои се изјасниле како Роми од кои 10 машки и 2 женски, Срби и Власи нема. -Ако се направи споредба на бројот на запишани ученици по пол и етничка припадност во последните две учебни години, може да се дојде до заклучок дека во училиштето најмногу се запишуваат ученици од машки пол и тоа во најголем процент Македонци, додека бројката на запишани ученици од албанско етничко потекло, Бошњаци и Турци значително не отстапува. Исто така, може да се забележи дека има благ пораст и на ученици од женски пол и тоа особено кај македонците, додека пак бројката на ученици од женски пол од другите националности е сеуште мала. Ако се земе во предвид бројот на запишани ученици по струки за изминатите две учебни години, можеме да констатираме дека кај учениците не постои интерес за запишување во тригодишното стручно образование, особено за профилите заварувач. Во иднина, училиштето треба да работи на поголема промоција на овие профили од тригодишното образование и можностите за вработување. Исто така, вреди да се спомне дека интересот на учениците за запишување во угостителско-туристичка струка се зголемува од година во година. Училиштето ги следи постигањата на учениците на ниво на учебна година како и на ниво на училиште. Средниот успех на ниво на училиште за учебната 2020/21 година изнесува 3,42, а за 2021/2022 година изнесува 3,38. Од ова може да се заклучи дека успехот на учениците на ниво на училиште се движи во иста насока споредено со претходната учебна година. - Од прегледаните полугодишни и годишни извештаи за успехот по предмети за изминатите две

години, може да се констатира дека кај најголем дел од наставните предмети се забележува подобрување на успехот на учениците на крајот од наставната година споредено со крајот на првото полугодие од истата учебна година.

- Во однос на поведението на учениците за учебната година состојбата е следна:

Поведение	2020/2021	2021/2022
Примерно	795	684
Добро	29	93
Незадоволително	7	25
Вкупно	831	802

- Бројот на ученици со примерно, добро и незадоволително поведение е намален во учебната 2021/2022 година споредено со учебната 2020/21 година. Овој факт несомнено се должи на тоа што учебната 2020/21 година беше година со онлајн настава, па редовноста на учениците беше и поголема. Но, несомнено е дека во следниот период треба да се работи во насока на намалување на бројката на ученици кои имаат незадоволително поведение и истовремено да се зголеми на бројот на ученици кои имаат примерно поведение.

Поведението на учениците е тесно поврзано со бројот на изостаноци. Во учебната 2020/2021година, на ниво на училиште биле направени вкупно 2167 оправдани изостаноци, 668 неоправдани изостаноци или вкупната бројка на изостаноци за оваа учебна година изнесува 2835 или во просек 3,4 изостаноци по ученик. Разликата во изостаноци во споредба со претходните години се должи на фактот што оваа учебна година беше онлајн заради Ковид-19 пандемијата. Редовноста на учениците значително беше зголемена. За учебната 2021/2022 година состојбата со изостаноците е следна – вкупниот број на изостаноци изнесува 27080 од кои 22355 се оправдани а 3925 се неоправдани или во просек 33,7 изостаноци по ученик.

Учениците од нашето училиште учествуваат на натпревари по струките кои се застапени во училиштето но и на литературни конкурси и литературни читања. Во Учебната 2020/2021 година на ниво на училиште освоени се вкупно 6 први места и тоа на општински, регионални и државни натпревари по соодветни струки но тука треба да влегуваат и спортските натпревари на кои нашите ученици покажуваа извонредни резултати, но заради Ковид-19 пандемијата такви натпревари не беа одржани. Потоа, 8 втори места и 8 трети места. Голем број ученици се стекнале и со пофалници и дипломи за учество на натпревари. Во учебната 2021/2022 година освоени се вкупно 15 први места, 17 втори места и 23 трети места. 10 ученика се стекнале со пофалници, и благодарници за учество.

Во училиштето постои Правилник за избор на ученик на генерација и на најдобра паралелка. Изборот на ученик на генерација и на најдобра паралелка го врши комисија составена од наставници од училиштето и оваа комисија го врши изборот на ученик на генерација и на најдобра паралелка врз основа на критериумите во Правилникот и врз основа на доставените предлози од страна н асекој класен раководител. Предлогот за ученик на генерација и најдобра паралелка во училиштето комисијата го доставува до Наставничкиот совет на училиштето кој го избира ученикот на генерација и најдобрата паралелка за изминатата учебна година.

Изборот на најдобар ученик и најдобра паралелка за изминатите две години е даден во табелите подолу.

Најдобар ученик		
	2020/2021	**2021/2022**
Прва година	Антонио Ристовски (1-7)	Стојанов Матеј (1-7)
Втора година	Христијан Андовски (2-6)	Ристовски Антонио (2-7)
Трета година	Бојан Димовски (3-6)	Василевски Трајче (3-6)
Четврта година	Ангелески Теодор (4-4)	Димовски Бојан (4-4)
Најдобра паралелка:	2-6	4-4

За најдобар ученик на ниво на училиште за учебната 2020/2021 година е Христијан Андовски.

За најдобар ученик на ниво на училиште за учебната 2021/2022 година е Стојанов Матеј.

Ако добро се погледнат табелите за избор на најдобар ученик и на најдобра паралелка ќе се забележи дека тоа се ученици и паралелки од електротехничката струка.

Во учебната 2021/2022 за прв пат учениците со посебни потреби ја имаа помошта од образовни асистенти.

Во училиштето има ученици со потешкотии во учењето и нив ги идентификува предметниот наставник. За овие ученици во текот на наставната година се организира дополнителна настава за да можат полесно да го совладаат материјалот по соодветниот наставен предмет. Наставниците имаат изготвено годишно планирање за работа со ученици со потешкотии во учењето и одржуваат дополнителна настава со овие ученици.

Надарените ученици во училиштето ги идентификуваат предметните наставници во текот на реализација на наставата каде можат да ги откријат афинитетите и интересите на овие ученици и

	соодветно на тоа да им посветат поголемо внимание на овие ученици. Наставниците изготвуваат годишни планирања и за надарените ученици и доколку ученикот прејавува поголем интерес се организира додатна настава за овие ученици. Во учебната 2020/2021 година за полагање на државна матура се пријавиле вкупно 116 кандидати, а за полагање на завршен испит се пријавиле вкупно 128 кандидати. Според тоа во учебната 2020/2021 година 116 кандидати положиле државна матура и 123 кандидати завршен испит. Во учебната 2021/2022 година за полагање на државна матура се пријавиле вкупно 148 кандидати а од нив 147 и положиле. За полагање на завршен испит се пријавиле вкупно 137 кандидати од кои -136 положиле.

Јакистрани:

- Редовно учество на натпревари од највисок ранг и освојување на највисоки награди на истите;
- Поддршка на учениците кои имаат потреба од помош во совладување на тематските единици од страна на педагошко-психолошката служба и образовните асистенти
- Организирање на дополнителна настава за учениците кои покажале послаб успех;
- Препознавање на способностите кај посебно талентираните ученици;
- Голем интерес кај учениците за запишување во угостителска струка и електро-техничката струка, образовен профил ЕКТА.

Слаби страни:

- Поголем број на изостаноци на ниво на училиште во споредба со онлајн и настава со филичко присуство;
- Мал интерес за тригодишното стручно образование за профилите: заварувач, електромеханичар за компјутерска техника и технологија и електричар;
- Учениците се помалку заинтересирани за упис во машинската струка;
- Мал број на запишани ученици од женски пол од другите етнички заедници.

Можности:

- Изнаоѓање начини за поголема соработка со родителите и нивно поактивно учество во подобрување на редовноста и успехот на нивните деца;
- Поголема соработка со социјалните партнери за изнаоѓање начини за зголемување на интересот на учениците за занимањата кои ги нуди нашето училиште;
- Подигнување на свеста на родителите и учениците за можностите кои ги нуди тригодишното образование.

Опасности:

- Намалување на бројот на ученици со завршено основно образование.

ПРИОРИТЕТИ

- Преземање на конкретни мерки за намалување на бројот на изостаноци и зголемување на редовноста во наставата;
- Преземање на конкретни мерки за зголемување на интерсот на учениците за тригодишното образование особено за профилот заварувач.

Област: 2. Постигања на учениците

Индикатор: 2.2. Задржување/осипување на учениците

Кои се извори и документи за увид

- Дневници на паралелките од прва до четврта година (I-1 до I-8, II-1 до II-8, III-1 до III-8, IV-1 до IV-7 од 2020/2021 и 2021/2022);
- Податоци и извештаи од психолошко/педагошката служба за уч. 2020/2021 и 2021/2022
- Записници од водени разговори со ученици и родители, записници за советување на родители и ученици од психолошко/педагошката служба
- Годишен статистички извештај за работата на училиштето за уч. 2020/2021 и 2021/2022
- Преведници за испишување/запишување на ученици во училиштето од педагошко/психолошката служба
- Годишна програма за работа на училиштето
- Извештај за работата на училиштето
- Увид во педагошка евиденција и документација
- Записници од средби со родители
- Евиденција на заминати или новодојдени ученици (преведници)

Информации кои се собирани

ЗАПИШАНИ УЧЕНИЦИ ВО ПРВА ГОДИНА		
	Учебна 2020/2021	**Учебна 2021/2022**
Машки	178	169
Женски	45	43
Вкупно	223	212

Во табелата е прикажан бројот на запишани ученици во прва година за учебна 2020/2021 и 2021/2022 година. Од табелата може да се забележи дека бројот на запишани ученици во двете учебни години е приближно ист. Исто така, и бројот на ученици од женски пол е сличен во двете учебни години. Ова се должи на соработката на нашето училиште со основните училишта од градот и од околината преку организирање на часови по иновации на кои професорите од стручните предмети од нашето училиште изнаоѓаат начини да го привлечат интересот на деветоодделенците да го дооформат своето образование во стручно училиште.

Поголеми отстапувања во бројот на запишани ученици се забележува во електротехничката струка и угостителската струка, додека во останатите струки разликата во бројот на запишани ученици не е многу забележителна. Учениците најголем интерес покажуваат за запишување во електротехничка струка и тоа за профилот електротехничар за компјутерска техника и автоматика, во угостителската струка и во сообраќајната струка за профилот техничар за транспорт и шпедиција. Во следниот период училиштето треба да работи на стратегија за зголемување на интересот на учениците и во машинската струка каде се застапени профили кои се барани на пазарот на трудот.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците (според полот, етничката припадност и социјално потекло), ги анализира причините за отсуство од наставата (оправдано/неоправдано) и навреме презема конкретни активности што обезбедуваат зголемување на редовноста.

Редовноста на учениците, односно нивното изостанување од настава исто така има влијание врз нивните постигања. Во оваа смисла, во училиштето се прават анализи за оправдани и неоправдани изостаноци по квалификациони периоди и какви мерки се превземени.

Учебна година 2020/2021	Учебна година 2021/2022
Оправдани: 7707	Оправдани: 22355
Неоправдани: 1949	Неоправдани:3925
Вкупно: 9656	Вкупно: 27080
Број на ученици: 831	Број на ученици: 802
По ученик оправдани: 9,27	По ученик оправдани: 4,47
По ученик неоправдани: 2,34	По ученик неоправдани: 4,89
Изостаноци по ученик: 11,61	Изостаноци по ученик: 33,76

Во однос на вкупниот број на изостаноци по ученик, се забележува големо намалување на бројот на изостаноци по ученик во учебната 2020/2021 година споредено со учебната 2021/22. Тоа се должи на фактот што таа учебна година беше онлајд заради Ковид-19 пандемијата. Истата состојба се забележува и кај бројот на оправдани и неоправдани изостаноци по ученик. Педагошко-псхолошката служба редовно соработува со родителите за училиштето да има увид во причините за изостанувањето и зголемување на редовноста.
Притоа се обидуваат да ги откријат причините за незаинтересираноста на ученикот за настава и бараат начини тие да се надминат.

Класниот раководител заедно со стручната служба - педагог/психолог и директорот ги повикуваат учениците кои не се заинтересирани за настава и нередовно доаѓаат на училиште заедно со родителите на разговор. Состојбата со бројот на изречени педагошки мерки за изминатите две учебни години е следна:

	Писмена опомена	Опомена пред отстранување од училиште	Отстранување од училиште
Учебна 2020/2021 год. (18)	**18** – за изостанување од настава **0** – за недисциплина	**0** – за изостанување од настава **0**– за недисциплина	**0** – за изостанување од настава
Вкупно	**18**	**0**	**0**
Учебна 2021/2022 год. (139)	109 – за изостанување од настава 9 – за недисциплина	8 – за изостанување од настава 12- за недисциплина	**0 –** за изостанување од настава 1 – за недисциплина
Вкупно	**118**	**20**	**1**

Од извештајот за изречените педагошки мерки се гледа дека во учебната **2020/2021** година биле изречени вкупно **18** педагошки мерки по сите три основи, а додека пак во учебната **2021/2022** година бројот на изречени педагошки мерки е далеку поголем и изнесува **139.** Овој факт како и претходните повторно се должи на кризата со Ковид-19 и посетувањето на онлајн наставата – односно реализација на наставата без физичкото присуство во училиштето.

Изрекувањето на педагошките мерки се врши според Правилникот за изрекување на педагошки мерки пропишан од Бирото за развој на образованието од 2005 година. Мерките се изречени постапно според погоре спомнатиот правилник. Спред ова, училиштето односно стручната служба вложуваат напори во намалување на бројот на изречени педагошки мерки преку разговори со ученици и родители за утврдување на причините за изостанување од настава на учениците.

Во учебната **2020/2021** година, според Извештајот од стручната служба, постојат **129** записника за **водени разговори со родителии ученици** а во учебната **2021/2022** бројот на записници за водени разговори е **342.** Еве ја состојбата во табеларен приказ:

Разговори со ученици		
Основ за водени разговори со ученици	**2020/2021**	**2021/2022**
Разговори со ученици (записници)	98	268
Разговори со ученици (со изјави)	31	74
Вкупно	**129**	**342**

Педагошко- психолошката служба праќа посебно изготвени покани за советување, има посебна програма за советување на родителите и уредно се водат записници од советувањето. Според Извештајот на стручната служба за Советување на родителите за изминатите две години состојбата е следна:

	Основ	2020/2021	2021/2022
1.	Намален успех	84	162
2.	Нередовно посетување на настава	45	151
3.	Несоодветно однесување во училиштето	0	29
4.	Друго	0	0
	Вкупно	**129**	**342**

	За запишување и привлекување на ученици од основните училишта, нашето училиште презема голем број на активности. Училиштето го следи осипувањето на учениците континуирано, ги анализира причините за напуштање на образованието и презема конкретни активности за намалување на појавата. Во однос на осипувањето на учениците во нашето училиште е направена анализа во последните две учебни години: Учебна 2020/2021 (833) Учебна 2021/2022 (802) испишани: 30 испишани: 14 отстранети: 0 отстранети: 0 напуштиле: 6 напуштиле: 1 другипричини: 1 другипричини: 1 Вкупно: 37 Вкупно: 16 При преминување на учениците од едно во друго училиште се запазува постапката за уредно водење на педагошката евиденција и документација и навремено доставување на информации за ученикот. Класниот раководител пополнува преведница-формулар кој ги содржи податоците за ученикот и неговиот успех, а доставува и евидентен лист за ученикот. Според извршената анализа за осипувањето на учениците, може да се констатира дека причините поради кои учениците го напуштаат нашето училиште се најчесто – промена на адреса, заминување во странство, поради семејни и економски причини, преминување во вонреденученик. Ниту еден ученик во двете последни учебни години не е отстранет заради недисциплина или незадоволително поведение, што укажува на фактот дека класните раководители предводени од педагошко – психолошката служба и во соработка со родителите и учениците одлично си ја вршат работата.
Јакистрани: • Континуирано следење на редовноста на учениците; • Редовно изготвување на периодични извештаи за редовноста и поведението на учениците; • Спроведување на програмата за советување со родители на ученици кои нередовно ја посетуваат наставата; • Организирање на разновидни активности за рекламирање на училиштето и привлекување на што поголем број на ученици.	
Слабистрани: • Анализа на причините за испишување на ученици од нашето училиште и ученици кои го напуштиле образованието; • Мал интерес кај учениците за запишување во тригодишното стручно образование.	
Можности: • Преземање на конкретни активности од страна на класните раководители и педагошко-психолошката служба за откривање на	

причините за зголемување на бројот на изостаноци и изнаоѓање начини за надминување на оваа состојба; • Преземање на конкретни активности за привлекување на ученици во тригодишното стручно образование.
Опасности: • Намалување на бројката на ученици во општината кои завршиле основно образование.
Приоритети: • Спроведување на педагошки мерки и активности за намалување на бројот на изостаноци; • Изнаоѓање начини како да се зголеми интересот на учениците кои завршуваат основно образование да го продолжат своето образование во стручно училиште; • Подигнување на свеста на родителите и учениците за можностите кои ги нуди тригодишното стручно образование; • Зајакнување на соработката со социјалните партнери.

Област: 2. Постигања на учениците

Индикатор: 2.3 Повторување на учениците

Кои се извори и документи за увид	**Информации кои се собирани**
• Извештаи за успехот на учениците во последните три години • Увид во педагошката евиденција и документација	Според увидот во педагошката евиденција и документација, бројот на ученици кои повторувале во учебната 2020/2021 година изнесува 22, додека во 2020/2021 бројката на повторувачи изнесува 8. Бројот на повторувачи во 2021/2022 година е драстично намален (8 ученика), во однос на ученици кои повторувале (22 ученика) во учебната 2020/2021.

	Број на ученици	Број на ученици кои ја завршиле годината	Број на ученици кои ја повторувале годината
2020/21	813	809	22
2021/22	802	794	8

Во текот на учебната година, професорите воочуваат кои ученици имаат слаб успех а со тоа и можноста да ја повторуваат годината и во координација со стручната служба превземаат соодветни мерки за да не дојде до повторување. За овие ученици редовно и навремено се реализира дополнителна настава, се следи Програмата за советување на родители и се водат разговори со педагошко-психолошката служба.

Јаки страни

- Редовно и навремено советување на родителите на ученици со послаб успех и неоправдани изостаноци според Програма за советување на родители изготвена од психологот во училиштето;
- Навремено воочување на ученици со слаб успех и мал интерес за следење на наставата кои потенцијално би можеле да ја повторуваат годината, следење и анализа на нивните постигнувања од страна на квалитетно подготвен наставен кадар и Педагошко - психолошката служба;
- Транспарентност на училиштето кон учениците со послаби постигнувања за правната регулатива при повторување на годината;
- Примена на посебни методи и техники кои се прилагодени кон можностите на учениците;
- Примена на педагошки пристап кон учениците кои ја повторуваат годината за нивно прилагодување.

Слаби страни

- Неможност за редовно вклучување на учениците кои имаат послаб успех во дополнителната настава по повеќе наставни предмети.
- Недоволна посетеност на дополнителната настава од страна на учениците кои покажуваат послаб успех

Можности

- Соработка од страна на родителите.

Опасности

- Незаинтересираност на родителите на учениците со послаб успех за соработка со училиштето за надминување на проблемот.

Приоритети

- Поголема вклученост на учениците во дополнителната настава и програмата за нивно советување;
- Подигнување на свеста на родителите за соработка со училиштето и поголема вклученост и следење на програмата за советување.

Област: 2. Постигања на учениците	
Индикатор: 3.6 Известување на родителите за напредокот на учениците	
Кои се извори и документи за увид	**Информации кои се собирани**
▪ Дневници на паралелките; ▪ Електронски дневник; ▪ Извештаи од одржани родителски средби; ▪ Евиденција на наставници за реализирани средби и соработка со родители; ▪ Извештаи од класни совети; ▪ Извештаи од учеството на разни натпревари; ▪ Евидентни листови; ▪ Свидетелства; ▪ Дипломи; ▪ Анкетни прашалници за ученици, наставници и родители.	Известувањето за напредокот на своите деца во училиштето, родителите го добиваат од класните раководители, предметните наставници, од педагошко-психолошката служба преку усни или писмени податоци или електронски преку пристап до е-дневник (СМС). За таа цел се користат формални или неформални средби, родителски состаноци кои во текот на годината се одржуваат најмалку 4 пати, индивидуални средби со родителите, кои добро се организираат и преку нив јасно се пренесуваат, односно транспарентно се даваат информациите за оценката, како и препораки за подобрување на на постигањата на секој ученик поединечно. Редовните родителски средби се одржуваат по однапред утврден ред и на нив родителите се запознаваат со општиот успех на учениците, дисциплината и однесувањето на учениците како и информации на родителите во врска со тековни прашања. По интерес на родителите може и да се разгледа поединечниот успех на учениците. Вонредни родителски средби се одржуваат кога за тоа ќе се јави посебна потреба. Индивидуалните средби се одржуваат по иницијатива на наставникот, педагогот, психологот, директорот, или по иницијатива на самиот родител. Средби со родителите остварува и психологот и притоа ја реализира и Програмата за советување родители, чии деца покажуваат послаби резултати, неоправдано отсуствуваат или асоцијално се однесуваат. Електронската евиденција на постигањата на учениците (електронски дневник), уредно е водена од повеќето наставници. Известувањето на родителите по електронски пат функционира континуирано. Училиштето има и веб - страница преку која јавноста се запознава со сите случувања и напредувања на учениците во училиштето. Преку едно вакво јавно објавување на информациите за јавни настани, манифестации, натпревари до израз доаѓаат афинитетите, талентот и постигањата на учениците.

Анализа на анкета од 167 испитаници
(наставници-31, родители - 61 и ученици- 75)

Анкета со наставници

Давате конкретна повратна информација на родителите за постигнувањата на ученикот, начинот и критериумите на оценување, како и препораки како детето да го постигне својот максимум



-90% од наставниците одговориле дека секогаш даваат конкретна повратна информација на родителите за напредокот на ученикот, како и препораки за подобрување и постигнување на максимумот на знаење на ученикот, 7 % делумно се согласуваат и само мал процент 3 %, одговориле негативно.

Анкета со родители

Родителските средби се добро организирани и корисни и на нив јасно се пренесуваат информациите



85 % од родителите се согласуваат дека родителските средби се добро организирани и корисни и на нив јасно се пренесуваат информациите,13% одговориле делумно точно, а само 2% одговориле негативно.

Класниот раководител редовно ме информира со евидентен лист за напредокот на моето дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации и за личниот и социјалниот развој на детето



86% од родителите се изјасниле дека имаат редовно известување од страна на класниот раководител со евидентен лист за напредокот на своето дете по секој наставен предмет, вклучувајки информации за личниот и социјалниот развој на детето, 11% одговориле дека делумно се согласуваат со тоа, а 3% имаат дадено негативен одговор.

Редовно го користам електронскиот дневник за да се информирам за успехот и поведението на моето дете



44% од родителите одговориле дека редовно го користат електронскиот дневник за да се информираат за успехот и поведението на своето дете, 43 % од родителите одговориле делумно точно. Негативен одговор дале 13%.

Анкета со родители и наставници

Наставниците се секогаш достапни за разговор со родителот во своите приемни денови

- 85 % од родителите одговориле дека наставниците им се достапни за разговор, информирање за постигањата и напредокот на своето дете, а од наставниците согласни на ова прашање се 87%;

- 13% од родителите и 6,5 % од наставниците делумно се согласуваат;

-мал број од родителите,2 % и 6,5 % од наставниците се изјасниле дека не се согласуваат со тоа

Јаки страни • Наставниците даваат конкретна повратна информација на родителите за постигнувањата на ученикот, начинот и критериумите на оценување, како и препораки како детето да го постигне својот максимум; • Класните раководители редовно соработуваат и ги информираат родителите со евидентен лист за напредокот на нивните деца по секој наставен предмет, вклучувајќи информации и за личниот и социјалниот развој на детето; • Со пристап во електронскиот дневник секој родител може да се информира за успехот,редовноста и наставните содржини кои се изучуваат;
Слаби страни • На родителските средби редовно доаѓаат родителите на учениците што покажуваат повисоки резултати.
Можности • Наставниците се транспарентни, редовно ги информираат родителите за напредокот на учениците и им даваат детални препораки за подобрување на успехот.
Приоритети • Да се поттикнат родителите на учениците со послаб успех, редовно да присуствуваат на родителските средби, со што преку лични контакти ќе се подобри соработката и ќе се овозможи превземање на соодветни активности во однос на постигањата и напредокот на нивните деца.

Област: 2. Постигања на учениците	
Индикатор: 4.4 Следење на напредокот	
Кои се извори и документи за увид	**Информации кои се собирани**
• Главни книги на паралелките од I до IV година • Дневници за работа на паралелките од I до IV година во учебните 2020/21 и 2021/22 • Електронски дневник • Евидентни листови • Дополнителна и додатна настава по набљудуваните предмети за 2020/21 и 2021/2022 година • Правилник за избор на најдобар ученик по година и најдобар ученик на генерацијата • Хронологии на настани за учебните 2020/21 и 2021/22 година	Предметните наставници водат целосна и уредна евиденција за секој ученик посебно и континуирано го следат напредокот, како и намалувањето на успехот на учениците во текот на целата учебна година. Класните раководители на паралелките постојано ја следат состојбата во однос на отсуствата и поведението на учениците и соодветно на тоа се изрекуваат педагошки мерки. Евиденцијата, водена од предметните наставници се користи како појдовна основа за понатамошна работа на предметниот наставник со талентираните ученици (додатна настава) и со послабите ученици, кои имаат потреба од дополнителна настава. Истите се организираат редовно и по сите предмети. Училиштето ги следи постигањата на учениците по сите наставни предмети, по пол и етничка припадност. Се прават споредби на средниот успех, поведението и изостаноците од наведените учебни години. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес. Евиденцијата што се води за напредокот и постигнувањата на учениците, нивната присутност и поведение, се разгледува на Класните совети на паралелките, на Наставничките совети и со родителите на онлајн родителските средби и индивидуални средби, како и на состаноци на Советот на родители. За подобрување на резултатите на учениците и наставата, функционираат активите по сродните предмети кои соработуваат, за решавање на одредени проблеми или надминување на слабостите по соодветните предмети. Поради пандемијата со Ковид-19, на родителите им е ускратена можноста да се информираат во однос на успехот, поведението и редовноста на учениците во термини одредени од секој предметен професор и класниот раководител.

• Преведници • Квартални извештаи за учебните 2020/2021 и 2021/22 година • Записници од одржани советувања на психологот со родители на ученици кои имаат голем број на слаби оценки и неоправдани изостаноци • Записници од одржани родителски средби од е-дневник	Со укинувањето на физичкиот дневник, од учебната 2021/22 година, напредокот на учениците се бележи во електронскиот дневник, такашто податоците се достапни во секое време и се добиваат на е-маил адресата на родителот (старателот) или преку СМС пораки. Родителите редовно се известуваат најмалку 4 пати годишно за напредокот/намалувањето на успехот на учениците преку онлајн родителски средби. Напредокот на учениците се бележи и во евидентни листови за секое тромесечје, а на крај на учебната година секој ученик добива свидетелство за постигнатиот успех и редовност. Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик. Од анализата на запишаните часови во дневниците може да се констатира дека наставниците организираат и реализираат дополнителна настава по претходно изготвена програма, уредно доставена кај педагошко-психолошката служба во електронска верзија. Секоја година континуирано се врши избор на најдобар ученик од секоја година и најдобар ученик на генерацијата од страна на комисија, составена од наставници, по добиени работни задолженија за учебната година. Талентираните ученици и учениците кои постигнуваат забележителни резултати континуирано земаат учество на Државни натпревари, постигнуваат високи награди и се наградуваат со диплома и финансиска награда. Сите активности и настани организирани за воспитно-образовниот процес се евидентирани во хронолијата на настани, изработена преку извештаи од вклучените наставници и проследена до педагошко-психолошката служба. При премин на ученик од едно во друго учулиште се добива или дава свидетелство за завршено образование или преведница во која се содржат оценките од тековната година, изостанувањето на ученикот и неговото поведение. Следење на постигањата на редовните и вонредните ученици при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование. Класните раководители изготвуваат редовни извештаи и анализи за својата паралелка се секој квартален период од учебната година врз основа на индивидуалните евиденции за учениците и врз нивна основа се добива целосна слика за постигнатиот успех и редовноста во паралелката.

	Изготвените извештаи од секој квартаелн период се доставуваат на увид и се целосно достапни на педагошко-психолошката служба, раководните лица и сите структури во училиштето. Стручната служба редовно изготвува тримесечни, полугодишни и годишни извещтаи за напредокот на учениците по паралелки и на ниво на години, според податоците добиени од класните раководители. Поради пандемијата со Ковид-19 советувањата за родителите на ученици кои имаат слаб успех, односно неоправдани изостаници и намалено поведение, се организираат онлајн, а истотака се спроведуваат и едукативни работилници за подобрување на успехот и редовноста во наставата, оганизирани од педагошко-психолошката служба.

Јаки страни

- Уредно водење и целосна евиденција на класните раководители за нивните паралелки во дневниците, електронскиот дневник, главните книги, евидентните листови, извештаите на крајот од секој квартален период, советите на паралелката и целосна достапност на секој од овие документи на сите кадри во училиштето и на родителите на учениците;
- Индивидуална евиденција на секој предметен наставник за секој ученик.
- Соработка на наставниците со педагошко – психолошката служба

Слаби страни

- Недоволна заинтересираност на одредени родители за успехот, редовноста и дисциплината на ученикот и покрај сите можности за комуникација и информирање во денешно време;
- Недостаток на простории за истражувачки активност за поквалитетно реализирање на наставните и воннаставните активности.
- Недоволна заинтересираност на учениците за посета на дополнителна настава, како можност за подобрување на успехот по оние предмети по кои покажуваат послаб успех.
- Немање распоред за термини за родители на секој професор,поради пандемијата со Ковид-19

Можности

- Учеството на натпревари дава можност за наградување на учениците и нивна афирмација.
- Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава.

Опасности

- Слабиот интерес на родителите за соработка со класните раководители, наставниците и стручната служба може да доведе до слаби резултати на учениците во образовниот процес.

ПРИОРИТЕТИ

- Поголема соработка меѓу родителите на учениците со поголем број на слаби оценки и неоправдани изостаноци со класните раководители и предметните наставници.
- Предлог за задолжително присуство на родителот на родителските средби, постојана комуникација со класниот раководител и предметните наставници, следење на развојот и постигањата на своето дете ќе придонесе за подобрување на успехот.

Област: 2. Постигања на учениците	
Индикатор: 5.2 Промовирање на постигањата	
Кои се извори и документи за увид	**Информации кои се собирани**
• Годишна програма за работа на училиштето • Изложени трудови на учениците • Паноа со пофалби и награди • Билтен за Државни натпревари 2020/2021(2021/2022) • Билтен за Државни натпревари 2020/2021(2021/2022) • Медиумско промовирање а постигањата на учениците • Хронологија на настани за 2020/2021 • Хронологија на настани за 2021/2022	**5.2.1.Промовирање на личните постигања** Учениците учествуваат на општински, регионални и државни стручни натпревари, натпревари организирани од Народна техника, натпревари организирани од факултетите соодветно на струките и други. Сите ученици кои учествуват на натпревари добиваат благодарници, пофалници и дипломи за учество и освоени награди на натпреварите. Некои од нив се изложени на ѕидовите по ходниците на училиштето и во кабинетите. Исто така учениците по покана на други училишта и организации учествуваат на различни манифестации, конкурси, саеми, промоции поврзани со текот на наставата, за кои добиваат одредени признанија за учество и дипломи за наградените ученици. Изработените трудови од ученици се користат за промовирање на нивниот успех и успехот на нивните ментори Сите активности на кои присуствуваат учениците се запишани во Хронологијата на реализирани активности на училиштетои прикачени на веб страната, на фб профилот на училиштето и на ју-тјуб. **5.2.2. Промовирање на постигањата за училиштето** Училиштето изработува годишна програма за работа. Во годишната програма за работа се внесени постигнатите резултати од сите настани, натпревари, промоции на кои учествувале учениците и наставниците. Наши ученици со своите професори гостуваат во разни ТВ емисии и на тој начин го промовираат училиштето Во текот на учебната 2021/22 година училиштето имаше успешна соработка со социјалните партнери со кои потпиша договор/меморандум за соработка. Учениците реализираа практична настава во истите, дел од нив беа посетени од страна на училиштето. Компаниите Маркарт, Брако, Леов Компани и Ронтис како партнери во дуалното образование се вклучија во маркетинг активностите на училиштето и промоција на образовните профили трехничар за производно

	машинство и заварувач. Во текот на наставата а во рамките на практичната настава, учениците и наставниците посетија голем број на компании. Согласно упатството за реализација на феријалната практика според кое учениците можат истата да ја реализираат само во компании со кои училиштето има потпишано договор во текот на годината потпишани се договори со голем број на компании. Машинска струка: Брако ДОО Велес, ДПТ Ронтис ДООЕЛ Велес, , Маркарт Македонија ДООЕЛ, Леов Компани ДООЕЛ Велес,Кадри Транс,Фати Треид, М6 Аграр, Љато Компани,Јомак, Доминик Вулко, Дрекслмајер, Авто Клиника, Ане Превалец, Фреш Компани, Тандем, Трактор ДООЕЛ-Чашка, Вип Метал Трејд, Палс Компани , Вила Марија-Д.Капија, Сервис Џони-Градско, Сервис Николче-Б.Село, Алевадо-Сујаклари, ЈКП Дервен, Авто сервис Џони – Градско, Еуро кварц нова, Автосервис Џони–Градско, Ауто босс, Агро Моника,, ДОО Свети Николе, Сервис „Мите“, Фриговак ДООЕЛ, ДПТУ Еуро Кварц Нова ДООЕЛ, Сообраќајна струка: Ирена-вел, АТС - инженеринг, И.Ц. Зелен сигнал, Авто школа Денс, ШпедицијаКавадарци, Фирма–ел конект, Рива шпед Велес, Будо - Моторс, Осигурителна компанија Уника, Пошта Велес, Дооел Драганов, Вардар шпед, Фирма – ел конект, Пан промет. Електротехничка струка: АЦ Електрик ТЕК, Јомак Ком ДООЕЛ Велес, Смелт Инг, Кристал 1923, Основен суд Велес, Електро Дистрибуција ДООЕЛ, Кец Велес, Скил Ап Академија, Кин Софт Компјутери, РСТ Електрик ДООЕЛ, ДПТУ Типинг ДООЕЛ, Чане Глигор ДООЕЛ, ДТУ Велбит Трејд ДООЕЛ, Кодекс Компјутери, ЕЛС Лозово, Електрон ББ ДОО, Друштво за трговија Данита -ник, Алдин Пласт ДООЕЛ, Електро Универзал-електротехнички сервис, Штеф Компјутерс ДООЕЛ, Фреш Компани Дигитал. Угостителско-туристичка струка: „Романтик“ хотели ДООЕЛ-Велес, Гарденија, ДООЕЛ „Пиано“ lounge bar - Свети Николе, „Интернационал“ маркет ДООЕЛ - Велес, ДУТУ СТРУЈА КОМЕРЦ ресторан Ексклузив - Кавадарци, „Урбан Стил“ БС-Велес, ТП „Кај Димче“ - Велес, ТП „Баже Пити“ - Велес, Дут „Санотел“ ДООЕЛ, ТП „Меаната на Даце“, „Мечкуевска куќа-Пуже“ ДООЕЛ Свети Николе, „Арка“ ДООЕЛ-Скопје, „Воз“ експорт импорт-Велес, „Робива Вел“ ДООЕЛ увоз извоз-Велес, ДПТУ Круг фуд ДООЕЛ, Јоми фуд дооел ресторан Авра, Скара на кило кај Лаки ДООЕЛ, ТП Пица Браво, Пмг Груп Дооел Велес Ресторан Бела Вода, Мартин Травел, Таверна Деспина. Списокот на компании со кои училиштето има склучено договор не е конечен, промените се постојани.

Јаки страни • Континуирано учество на натпревари, одбележано со многубројни награди; • Континуирана соработка со медиуми, со цел афирмација на училиштето.
Слаби страни • Слаба реализација на програма за работа со талентирани ученици.
Можности • Партнерства со други училишта; • Поддршка од локалната средина.
Опасности • Ефекти од опкружувањето.
ПРИОРИТЕТИ • Промовиранање на постигањата и наградите на учениците (огласна табла и сл.) видливи за сите посетители.

ОБЛАСТ 3:
ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Бр.	Индикатор за квалитет	Теми:
6.3	Обезбедување на потребниот наставен кадар	• Број на вработени и соодветност на наставниот кадар • Ефикасност и распоредување на кадарот • Стручната служба како поддршка на наставниот кадар
6.4	Следење на развојните потреби на наставниот кадар	• Професионален развој на наставниците

Област: 3. Професионален развој	
Индикатор: 6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар	
Теми	**Број на вработени и соодветност наставниот кадар** **Ефективност и распоредувањена кадарот** **Стручна служба како поддршка на наставниот кадар**
Кои се извори и документи за увид	**Информации кои се собирани**
• Годишна програма на ССОУ „Коле Неделковски“ - Велес (2021 - 2022год.) • Лични досиеја на вработените • Досиеа на вработени • Програма за работа на стручната служба • Прашалник за наставници • Прашалник за директор, дел.бр 03-219 од 17.02.2022 година • Прашалник за секретар, дел.бр.03 – 218 од 17.02.2022 година	***Број на вработени и соодветност наставниот кадар*** Вкупниот број на вработени во ССОУ„ Коле Неделковски “ – Велес е 72. Бројот на наставен кадар во училиштето е 58, од кои 35 се од машки пол и 23 од женски пол. Број на вработени од други училишта е 12. Бројот на стручни соработници е 2 о д кои 1 педагог и 1 психолог, административни соработници 1 вработен, техничка служба 11 вработени од кои 7 се од машки пол и 4 од женски пол. Директор - еден. ***Ефективност и распоредување на кадарот*** Наставниците успешно работат како тим во рамки на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето. При ангажирање на наставничкиот кадар се земаат предвид соодветната квалификација согласно нормативот, искуството и професионалниот развој на наставникот. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставничкиот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена. Наставниот кадар во училиштето е групиран во 4 стручни активи и тоа машински, електротехнички, општествено - јазичен и природно – математички актив. Според степенот на образование на наставниот кадар: со високо образование се 56 вработени од кои 5 вработени се со магистерски студии, 48 вработени се со VII – 1 степен на образование и 5 вработени со VI – 1 степен на образование. ***Стручна служба како поддршка на наставниот кадар*** Училиштето има стручна служба (училишен психолог и училишен педагог) која им помага на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка.

Во прилог следува анализата направена врз основа на анкетни прашалници за наставниот кадар (вкупно анкетирани 32 наставници), секретарот на училиштето и Директорот на училиштето.

1. Дали во училиштето функционира стручна служба (педагошко – психолошка)?



Наставници: Се согласувам 100%, Делумно се согласувам 0%, Не се согласувам 0%

2.Стручната служба им помага на наставниците при организација на наставниот процес?



Наставници: Се согласувам 86 %, Делумно се согласувам 14%, Не се согласувам 0%

3. Наставниот кадар е запознаен со програмата за работа на стручната служба ?



Наставници: Се согласувам 46%, Делумно се согласувам 54%, Не се согласувам 0%

4. При изготвување на годишни, тематски и оперативни планови наставниците добиваат совети и истите ги применуваат ?



Наставници: Се согласувам 70%, Делумно се согласувам 30%, Не се согласувам 0%

5.Наставниците / приправниците се во постојана соработка со службата.



Наставници: Се согласувам 73%, Делумно се согласувам 17%, Не се согласувам 0%

6.Наставниците во училиштето редовно добиваат насоки за водење на педагошката евиденција



Наставници: Се согласувам 100%, Делумно се согласувам 0%, Не се согласувам 0%

7. Дали постојат услови за примена на ИКТ во наставата.



Наставници: Се согласувам 100%, Делумно се согласувам 0%, Не се согласувам 0%

8. Во случај да настане конфликт помеѓу наставник-ученик. Наставник-родител и ученик – ученик, стручната служба правовремено се вклучува и помага за негово ефикасно разрешување.



Наставници: Се согласувам 100%, Делумно се согласувам 0%, Не се согласувам 0%

9.Учениците во секое време можат да добијат советодавна помош од стручната служба.



Наставници: Се согласувам 70%, Делумно се согласувам 30%, Не се согласувам 0%

10.Во програма за работа на педагошко - психолошката служба планирани се и активности поврзани со учениците со посебни потреби.



Наставници: Се согласувам 80%, Делумно се согласувам 20%, Не се согласувам 0%

11. Стручната служба и училиштето имаат механизми со кои го следат напредокот на наставниците и учениците.

Наставници: Се согласувам 70%, Делумно се согласувам 30%, Не се согласувам 0%

12. Постои соработка и усогласеност помеѓу стручната и административната служба.



Наставници: Се согласувам 90%, Делумно се согласувам 10%, Не се согласувам 0%

13. Спроведува анкети поврзани со наставата, редовноста, училишната клима како и вон наставните активности.



Наставници: Се согласувам 83%, Делумно се согласувам 17%, Не се согласувам 0%

14.Соработуваат и ги гледат т.н проблематични ученици и учениците со психички проблеми.

Наставници: Се согласувам 86%, Делумно се согласувам 14%, Не се согласувам 0%

15. Го информираат раководителот на паралелка за резултатите и напредокот во работата со проблематичните ученици.



Наставници: Се согласувам 90%, Делумно се согласувам 10%, Не се согласувам 0%

Од интервјуто со директорот, одговорот на првото прашање за најважен критериум за вработување на наставник е да ги исполнува условите согласно законот.

На прашањето дали се исполнуваат условите предвидени со законот за средно образование за изведување на наставата, директорот смета дека сите наставници ги исполнуваат условите. Освен дел од наставниците кои се почетници и тековно ги полагаат соодветните предмети за да се стекнат со доквалификација и стручен испит.

Според ставот на директорот, распределбата на часовите на наставниците треба да биде рамномерна и притоа да се води сметка сите наставници да добијат полн фонд на часови.

На прашањето дали наставниците се дообучуваат за изведување на наставата, одговорот на директорот е дека има повремени надоградувања на знаењето, преку различни семинари, обуки и слично.

За работата со ученици со посебни потреби нашата педагошко-психолошка служба е оспособена, но од оваа година имаме и образовен асистент кој води грижа за ученикот на кој што му е потребна помош.

Во однос на ИКТ опремата, училиштето ги презема сите активности за ставање во функција, а дел од активностите беа поставување на ЛЦД проектори и смарт табли во секој кабинет, во дел од кабинетите телевизори, поставување на училница со компјутери и слично.

На интервјуто со секретарот беше укажано дека целосно се почитуваат законите, правилниците и нормативите во врска со распоредувањето и работата на наставниот кадар во училиштето.

	Ефективност и распоредувањена кадарот Наставниците успешно работат како тим во рамки на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето. При ангажирање на наставничкиот кадар се земаат предвид соодветната квалификација согласно нормативот, искуството и професионалниот развој на наставникот. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставничкиот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена. ***Стручна служба како поддршка на наставниот кадар***

Јаки страни

- при изборот на наставниот кадар се применуваат законските акти;
- при изборот на наставниот кадар се почитуваат сите законски прописи;
- наставниот кадар во училиштето е обучен за извршување на дејноста;
- во функција на наставата е ИКТ опремата во училиштето;
- стручност и професионалност на педагошко - психолошката служба

Слаби страни

- голем обем и сложеност на задолженија кај наставниците;
- наставници кои недоволно се грижат за состојбата на ИКТ опремата;
- во училиштето нема техничко лице за одржување на компјутерската опрема.

Можности:

- поголема соработка со основните училишта со цел поттикнување на поголема заинтересираност на учениците од основното образование за техничките науки;
- вработување на административен кадар со цел намалување на големиот обем на административни задолженија кај наставниците, а ова ќе овозможи поголемо посветување на наставниците кон трансферот на знање за учениците.

Опасности:

- намален наталитет во општина Велес и регионот;
- незаинтересираност на учениците од основното образование за техничките струки, што резултира со намалување на бројот на ученици во паралелеките.

Приоритети

- зголемување на соработката со бизнис секторот;
- зголемување на соработката на училиштето со државните институции: Центар за стучно образование и обука, Биро за развој на образование со цел да се подобри работата на стручните активи, афирмација и поддршка за стручните училишта од страна на релевантните фактори во општината и државата.

Област: 3. Професионален развој	
Индикатор: 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар	
Кои се извори и документи за увид	**Информации кои се собирани**
• Програма за професионален развој на наставниците за учебната 2020-2021 • Хронологија на настани за 2020 -2022 учебна година • Професионално досие на наставник • Програма за менторство на наставници - приправници • Сертификати за посета на обуки, семинари и работилници	Во училиштето има изработено програма за професионален развој на наставниците. Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој преку посета на часови од страна на стручната служба и директорот, најмалку два пати во година. (Податок од службата колку посети имаат направено – вкупна бројка) Потребите на наставниците се следат и преку планирањата и активностите на стручните активи. Наставниците редовно учествуваат на работилници, обуки, семинари и предавања кои се внесени во хронологијата на училиштето. Потребите на наставниците се следат и преку планирањата и активностите на стручните активи. Училиштето е член на здружението на електро машински и сообраќајни училишни центри и континуирано е учесник на сите состаноци каде се добиваат информации за сите промени за подобрување на воспитно образовниот процес. Исто така училиштето со својот спортски клуб (кој спортски клуб – име) припаѓа на Федерацијата на училишен спорт на Македонија. Во училиштето постои и програма за наставници - ментори. Секој наставник приправник има одредено ментор кој го одредува наставничкиот совет. За сите посетени обуки, семинари и работилници секој наставник има добиено сертификат. Новонастаната состојба со пандемијата со вирусот Ковид -19, ја наметна потребата од стручно доусовршување на наставниот кадар за он - лајн учење, учење од дома (од далечина).
Јаки страни • квалитетен наставен кадар кој е стручен, спремен и професионален во својата струка; • во училиштето функционира стручна служба; • стручната служба им помага на наставниците во организација на наставниот процес; • училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал во потребната количина за реализација на наставните и вон наставните активности согласно училишниот план; • наставниот кадар редовно добива помош и упатства за водењето на педагошката евиденција и документација; • вклученост и голем интерес од страна наставниците.	
Слабости • дел од наставниот кадар се соочува со недостаток на нова литература (поседува застарена литература); • наставниот кадар нема можност да одлучува за изборот на обуки и теми за стручно усовршување.	

Можности • наставниот кадар да има можности да влијае на изборот на темите и обуките за стручно усовршување и професионален развој.
Опасности • да станеме неконкурентни и заменливи на пазарот на трудот.
Приоритети • План за професионален развој на наставниците.

ОБЛАСТ 4:
УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ

Бр.	Индикатор за квалитет	Теми
7.1	Управување и раководење со училиштето	Управување со училиштето Раководење со училиштето

Индикатор за квалитет: 7.1 Управување и раководење со училиштето	
Документи кои се прегледани	**Информации кои се собрани**
• Законот за средно образование • Деловник за работа на Училишниот одбор • Програма за работа на Училишен одбор • Статут на училиштето • Записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор • Самоевалуација • План за развој на училиштето • Интервју со УО, • Интервју со директорот • Информирање на вработените за одлуките на УО - записници од наставнички совет • Програма за работа на директорот • Годишна програма за работа на училиштето • Програма за работа на стручните соработници • Одлуки за вработените за извршување на одредени задачи кои се во интерес на развојот на училиштето • Одлуки за формирање на тимови од редот на вработените за активности кои се од интерес за училиштето • Записници од разговори со наставниците за проблеми и активности на наставниците или неформални разговори • Правилник за систематизација • Правилник за наградување-интерни акти за учениците • Други правилници и процедури	Во училиштето постои изградена структура на раководење и управување во чиј состав влегуваат: Училишен одбор, Директор, педагог, психолог, раководители на смена (2), Наставнички совет, Совет на родители, како и 4 стручни активи - електро, машински, природно математички и општествено-јазичен. Надлежностите во делот на управувањето и раководењето на училиштето се под ингеренции на директорот и Училишниот одбор, додека административното управување во ССОУ „Коле Неделковски“ и административното работење го координира секретарот на училиштето во соработка со Директорот. Сите надлежности се дефинирани во согласност со Законот за средно образование (Сл.весник на РМ 44 / 95 и измените и дополнувањата на истиот). Раководниот тим на училиштето го сочинуваат Директорот, членовите на Училишниот одбор, како и членовите на работниот тим, од педагогот, психологот и раководителите на смена, преку него во целост се реализираат сите активности поврзани со раководењето и управувањето во училиштето. Овој тим работи и на разрешувањето на проблемите и генерира нови идеи за подобрување на квалитетот на работата на училиштето, односно унапредувањето на воспитно - образовниот процес. Раководниот тим се состанува според тековните потребите на Училиштето, редовно дневно, односно по потреба за донесување на одлуки кои што се во интерес на истото. По извршената анализа на записниците од одржани состаноци (32 одржани состаноци во уч. 2020/2021 и уч. 2021/2022) се утврди дека одговорен за свикување на седниците на училишниот одбор е Претседателот на одборот во соработка со директорот и администратиувните служби на учлиштето. Поради пандемијата со COVID 19 поголемиот дел од состаноците се изведуваа on-line преку апликацијата Zoom. Присуството на членовите на состаноците според аналитичката проценка е 93% со што се потврдува дека донесените одлуки се реални и целосно подржани.

	Раководниот тим реализира двонасочна комуникација со наставничкиот совет и ги спроведува предлог-одлуките од Наставничкиот совет и доставува повратни информации кои се најчесто во усна форма. Информациите кои се поврзани со учениците како целна група до истите се доставуваат од страна на класните раководители во вид на писмени известувања, соопштенија на огласна табла, соопштенија преку електронски медиуми (веб страна на училиштето). Раководењето на техничкиот персонал и неговата организација се реализира преку Директорот на училиштето и административното раководење на училиштето.

Клучни јаки страни • Постоење на добро изграден систем на раководење и управување • Доследно почитување на законските акти при раководењето и управувањето
Слаби страни • Ограничувања и недостатоци во управувањето кои произлегуваат од одредени општествени фактори • Недостатоци во стуктурата и работата на одредени тимови кои се резултат на објективни фактори
Можности • Соработка со локалната самоуправа со цел подобрување на политиката на раководење и управување.
Опасности • Законски дефиниран и ограничен простор на делување на УО и директорот.
Приоритет • Проширување на меѓународна соработка и афирмација на училиштето. • Вклучување на училиштето во меѓународни проекти

ОБЛАСТ 5:
КОМУНИКАЦИИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

	Индикатор за квалитет	Теми
1.	Комуникации на ниво на училиште	Начини на комуникација во училиште
2.	Комуникации на ниво на училница	Еднаков приод кон сите ученици
3.	Комуникација со окружувањето на училиштето	Комуникација значајна за подобрување на ВОП

Индикатор за квалитет: Комуникации на ниво на училиште	
Документи кои се прегледани	**Информации кои се собрани**
• Годишна програма за работа на училиштето • Полугодишен и годишен извештај на училиштето • Записници од Совет на родители • Анкети • Работен дневник на педагог и психолог	Училиштето одржуваше редовна комуникација со сите субјекти и институции во и надвор од училиштето со цел за унапредување на воспитно-образовниот процес. Работната атмосфера и добрата соработка помеѓу стручната служба и наставниците овозможувала позитивна клима во училиштето. Во училиштето владее позитивна клима за работа. Се чувствув добра работна атмосфера која е заснована на взаемна доверба и меѓусебно почитување. Соработката помеѓу наставниците од иста или различна група на предмети е на високо ниво. Повеќе од 84% од наставниците се согласуваат дека имаат меѓусебна соработка и дека разменуваат искустава и идеи на ниво на стручни активи. Помеѓу наставниците постои соработка при реализација на отворени часови. Наставниците од нашето училиште остваруваат редовна соработка со наставници од други училишта како од нашата така и од други општини Северна Македонија или со училишта од други држави. Во училиштето се одвиваше добра комуникација на наставникот и стручниот соработник со административно-техничкиот персонал. Состаноците на наставничкиот совет, советот на паралелката и стручните активи се одржуваа согласно предвидената динамика во Годишната програма за работа на училиштето.

Индикатор за квалитет: Комуникации на ниво на училница	
• Годишна програма за работа на училиштето • Полугодишен и годишен извештај на училиштето • Записници од Совет на родители • Анкети • Работен дневник на педагог и психолог	Наставниците имаа воспоставено добра комуникација со учениците, еднаков приод кон сите, взаемна почит и поддршка. Наставниците водат севкупна грижа за сите ученици подеднакво без разлика на нивната социјална и материјална положба, полова и етничка припадност. Што се однесува до комуникацијата помеѓу учениците може да се каже дека треба да се подобри меѓусебната соработка за помош и поддршка при совладување на одредени наставни содржини. Учениците имаат слобода да побараат целосна помош и поддршка од страна на стручниот соработник доколку се соочат со било каков проблем или потешкотии во и надвор од училиштето. Стручниот соработник се грижи за подобрување на успехот, редовноста и дисциплината на учениците 

Индикатор за квалитет: Комуникација со опкружувањето на училиштето	
• Годишна програма за работа на училиштето • Полугодишен и годишен извештај на училиштето • Записници од Совет на родители • Анкетни листови • Работен дневник на педагог и психолог	Училиштето остварува редовна и континуирана комуникација со родителите на учениците. Тие се редовно информирани за успехот и поведението на учениците на родителските средби кои се одржуваат во текот на годината, (on-lain) преку индивидуални средби по потреба и Е-дневникот. Средбите со родителите се добро организирани и на нив јасно се пренесуваат информациите. Родителите добиваат и пишани документи: евидентни листови, свидетелства, дипломи и информации за напредокот на нивното дете во воспитно- образовниот процес. Се остваруваат средби со родителите на децата кои постигнуваат слаби резултати, кои имаа советодавна цел и на кој се бараше изнаоѓање на проблемите. Училиштето остварува комуникација со МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ. Комуникацијата на училиштето со институциите од Локалната самоуправа - Градоначалник, Општински совет и јавни установи е на високо нивои најчесто е во насока за аплицирање за разни проекти, значајни како за подобрување на условите за работа во училиштето, така и за подобрување на воспитно-образовниот процес.

Клучни јаки страни

- Добро воспоставена комуникација помеѓу наставник - наставник, наставник - ученик, наставник - родител, наставник -директор и сите чинители на воспитно-образовната дејност;
- Редовна и континуирана соработка со опкружувањето на училиштето и локалната заедница;
- Училиштето има партнерски однос со сите чинители на локално, регионално и национално ниво;
- Со резултатите од својата работа училиштето има висок рејтинг и влијание врз јавното мислење.

Слаби страни

- Поголема грижа за комуникацијата на ниво на училница.

ОБЛАСТ 6:
УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА

Бр.	Индикатор за квалитет	Теми:
4.1	• Севкупна грижа	• Заштита од физички повреди и елементарни непогоди • Превенција од насилство • Заштита од пушење алкохол и дрога • Квалитет на достапна храна • Грижа за учениците од социјално загрозените семејства
4.2	• Здравје	• Хигиена и заштита од болести • Грижа за учениците со здравствени проблеми
4.3	• Советодавна помош за понатамошно образование на учениците	• Пружање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошн ообразование, доусовршување или вработување • Грижа за учениците со емоционални потешкотии
5.1	• Училишна клима и односи во училиштето	• Углед/имиџ на училиштето • Кодекс на однесување • Училишнаклима • Поведение и дисциплина во училиштето • Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки.
5.2	• Промовирање на постигањата	• Промовирање на личните постигања на учениците • Промовирање на постгањата во име на училиштето
5.3	• Еднаквост и правичност	• Познавање на правата на децата • Еднаков и правиен третман кон сите ученици • Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот
6.5	• Финансиско работење во училиштето	• Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиското работење • Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет
7.2	• Управување и раководење	• Јасност и соодветност на целите • Процедури за креирање на училишната политика
7.3	• Развојно планирање	• Цели на развојното планирање • Професионален развој/стручно усовршување на наставниот кадар • Материјално технички средства • Инфраструктура

Област 6: Училишна клима и култура	
Индикатор: 4.1 Севкупна грижа	
Кои се извори и документи за увид	**Информации кои се собирани**
• Годишен извештај за реализација на програмата за превенција од насилно однесување за учебната 2020/2021 година • Програма за превенција од насилно однесување, злоупотреба и занемарување на деца за учебната 2021/2022 година	Заштитата на децата/учениците од насилство во воспитно-образовните институции е сеопфатен и сложен процес во кој треба да бидат вклучени сите вработени во училиштето. Приоритетна задача на училиштето е да се грижи за создавање на услови за безбеден раст, развој и заштита, односно превенција од насилно однесување, злоупотреба и занемарување. Реализацијата на програмата се одвиваше согласно условите, односно поради состојбата со Ковид 19, наставата се одвиваше онлајн, освен физичко присуство по предметот практична настава. Но, во учебната 2020/2021 год. не беше забележан ниту еден случај на насилно однесување. Програмата се реализираше преку онлајн работилници, односно предавања на теми конфликти, насилство, врсничко насилство, кодексот за однесување на учениците, негување на ненасилна комуникација, како и превенција од насилно однесување. -Спроведување на анкета за ученици, -Анализа на анкета -Презентација на резултати пред наставници, родители, ученици -Идентификација на ученици кои почесто го прекршуваат куќниот ред на училиштето и предизвикуваат конфликтни ситуации -Препознавање и пријавување на случаи на насилство, злоупотреба и занемарување на деца Предавање на теми за насилно однесување, злоупотреба и занемарување на деца -Постојани дискусии за превенцијата и реагирањето проти внасилното однесување, занемарување и злоупотреба на учениците на состаноците на стучните тела на училиштето -Истакнување на Кодексот на однесување во сите простории и училници во училиштето -Разговори со ученици и нивно охрабрување да пријавуваат насилно однесување, занемарување и злоупотреба -Континуирано следење на состојбата во училиштето -Навремено изрекување на педагошки мерки -Врсничка едукација, препознавање на насилство, злоупотреба и занемарување, развивање на способност за одбивање на негативно влијание, јакнење на самодовербата кај учениците, развивање на способност за справување со стрес и анксиозност -Посета на семинари и обуки

	-Интерни предавања од страна на стручната служба за превенција од насилно однесување, злоупотреба и занемарување на деца -Развивање на вештини на комуникација -Изградба на взаемно почитување и меѓусебна доверба -Групна работа со ученици, организирање на работилници и дебати на тема насилство -Потикнување на младите за вклучување во воннаставни активности (спорт, уметност, музика) -Организирање трибини, дебати, дискусии -Средби за размена на искуства на стручните служби -Средби и размена на искуства помеѓу директорите од средните училишта -Едукација на родителите за спречување и реагирање за време на насилство -Вклучување на родителите во превентивни активности -Зголемен број на родителски средби -Зголемен број на состаноци со Советот на родители -Работа со родители чии деца покажуваат агресивно однесување -Предавање и трибини од страна на полицијата и службата за малолетничка деликвенција, злоупотреба и занемарување -Учествово ТВ емисии -Објавување на статии во весници -Избор на агенција за физичко обезбедување -Поставување на физичко обезбедување во училиштето -Вклучување на учениците, наставниците и родителите во проекти и програми понудени страна на НВО, здруженија и други институции
Јаки страни • Во училиштето постојат безбедни услови за реализација на наставата; • Наставниот кадар е обучен за давање прва помош на учениците при несреќен случај; • Активна и взаемна соработка со Општина Велес, МВР, Црвен крст Велес, Центар за социјални работи, невладини и други организации.	
Слаби страни • Набавка на опрема за заштита при работа (лична и колективна) според утврдена спецификација;	
Можности • Можноста за надминување на постоечките проблеми по однос на веќе утврдени состојби ќе биде објективна, доколку истите се во дослух со институции надвор од воспитно-образовниот систем, а во склад со севкупното здравје и грижа за учениците.	

Опасности • Постои опасност или закана од се поголем број на ученици од двата пола кои се ментално и физички злоупотребувани, а кои во текот на воспитно образовниот процес потешко се детектираат.
Приоритети • Поголема грижа за интелектуалниот, социјалниот и емоционалниот развој на учениците и нивна заштита од психички и физички злоупотреби од страна на нивни врсници.

Област 6: Училишна клима и култура	
Индикатор: 4.2 Здравје	
Кои се извори и документи за увид	**Информации кои се собирани**
• Извештај за грижа за здравјето на учениците за учебната 2020/2021 година	-Запознавање со куќниот ред во училиштето и кодексите за однесување во училишните простории -Лична хигиена -Колективна хигиена -Односот кон инвентарот -Превенција од COVID 19 и други инфективни болести -Како да го оставиме пушењето и зошто -Дрога и човечката психа -Алкохол и сообраќај -Вакцина Тетанус – 2003 година -Вклучување во активностите на Предизвикот „Вежбаме, се релаксираме и забавуваме“ на Федерацијата на училишен спорт на Македонија, а во рамки на реализирање на програмата за прва и трета година по предметот спорт и спортски активности -Едуино вебинар на тема „Работата на стручната служба во средните училишта во услови на пандемија“ -Предавање на тема: Сида -Предавање: Што велат за мене -Крводарителска акција -Предавање : Како да се заштитиме од КОВИД 19
• Извештај за грижа за здравјето на учениците за учебната 2021/2022 година	-Во организација на Федерацијата на училишен спорт на Македонија, организирана средба на професори по спорт и спортски активност на Тема-спортски активности во услови на пандемија -Во организација на Федерацијата на училишен спорт на Македонија, одбележан „Светскиот ден без автомобили“, со рекреативно возење со велосипеди -Семинар на тема „Физичкото образование-клучна компонента за квалитетна настава“

	-Во организација на Федерацијата на Спортските педагози на РМ одбележан Европскиот Ден на Спортот во училиштата“ со онлајн физички активности -Во организација на општина Велес, учество во акција за пошумување на опожарениот дел кај езеро „Младост“ -По повод Патрониот празник, реализирана активност искачување на ридот „Гроот“ -Во организација на Федерацијата на спортски педагози на Република Македонија, одржана работилница на тема „Искуствата и предизвиците со онлајн настава по физичко и здравствено образование и спорт и спортски активности“ -Предавање на тема: Зелена активност -Во соработка со Сојузот на училишен спорт Велес, реализирани завршни спортски активности во градскиот парк и градски стадион .„Отворена училишна спортска недела“ - проект на Федерација на училишен спорт на Македонија -Во организација на Општина Велес, а по повод одбележувањето на 5-ти јуни - Светскиот ден на животната средина, учество во еколошка акција -Лична хигиена -Колективна хигиена -Односот кон инвентарот -Превенција од инфективни болести -Заштита од Ковид 19 -Алкохолизам, никотинизам и наркоманија кај младите и превенција во рана возраст -07 април – Светски ден на здравјето -Сексуално преносливи болести, контрацепција за заштита од несакана бременост и заштита од СПБ -Здрава исхрана, активности за формирање навики за правилна исхрана и стил на живеење -Планинарење -Јога во функција на здравјето -Возење велосипед -Заштита од грип -Предавање на тема Водата извор на живот -Предавања од областа на на ментално и физичко здравје во зависност од потребите и интересите на учениците

	-Крводарителна акција -10-12 Светски ден на ментално здравје -16.10 Светски ден на храна -01.12 Светски ден на борба против ХИВ/СИДА -03.12 Светски ден за деца со посебни потреби -11-12 Светски ден на планината - Предавање на тема планинарење и исхрана во планина -07.04 Светски ден на здравјето -22-04 Ден на планетата Земја -11.05 Ден на крводарителите -31.05 Светски ден без пушење -Систематски прегледи -Стоматолошки прегледи -Имунизација

Јаки страни

- Редовно одржување и постојана контрола на хигиената во тоалетите, просториите во училиштето како и училишниот двор;
- Редовна посета на здравствени систематски и стоматолошките прегледи;
- Предавања за правилно потикнување на учениците за водење на здрав живот, конзумирање на здрава храна и грижа за своето здравје преку организација на различни видови на трибини, предавања и проекти во кои се опфатени здравјето;
- Организирање на спортски активности помеѓу учениците со кои се придонесува за правилен психо физички развој и здравје на учениците;
- Одржување на ученички еколошки акции за здрава животна средина.

Слаби страни

- Подигање на свеста на учениците за одржување на хигиена во училишните тоалети, училишниот двор и училишните простории.

Можности

- Редовни систематски и стоматолошки прегледи кои овозможуваат континуирано набљудување на здравјето на учениците.

Опасности:

- Недоволното одржување на хигиена од страна на учениците, посебно во периоди кога има епидемии на заразни болести;
- Избегнување на редовните вакцинации и избегнување на здравствената заштита поради лошите услови на живот, за ученици од семејства со слаби материјални можности.

Приоритети

- Едукација за грижа и заштита од болести. Едукација за лична хигиена, заштита на здравјето, запазување на хигиената во работната средина и внимание при престој во училиштето.

Област 6: Училишна клима и култура	
Индикатор: 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците	
Наведете ги сите документи кои се прегледани	**Кои информации се собрани?**
• Годишни програми за учебните 2020/21 и 2021/22 година • Програма за професионална ориентација на учениците • Хронологија на настани за учебните 2020/21 и 2021/22 година • Програма за работа на класен час за завршните години	Учениците од сите образовни профили имаат задолжителна практична настава, а учениците од трета година изведуваат феријална пракса. Со тоа е создадена можност за избор на понатамошното образование и вработување на учениците со одредени квалитети и знаења од соодветните струки и профили. Училиштето им нуди на учениците советодавна помош во изборот на нивната професионална ориентација преку разговори со предметните наставници и класните раководители кои можат да го препознаат афинитетот на учениците кон одредени професии. Училиштето овозможува одржување на презентации и средби со претставници на Високообразовните институции, кои имаат интерес за презентација на нивните програми во нашето училиште преку организирање на трибини, разговори и дебати за самостојно полесно одлучување. Исто така, во училиштето се предвидува и отварање на Кариерен центар, во кој обучени наставници би ги насочувале учениците во насока на избор на образобание кое најмногу им одговара на нивните вештини и афинитети, со што ќе се обезбедува континуирана помош околу професионалната ориентација на учениците. Во текот на целата учебна година, континуирано се организираат презентации и посети на компании и нивните структурни организации на технолошките процеси, со што се обезбедуваат најнови информации за можностите за понатамошно образование, доусовршување или вработување. После завршувањето на образованието, голем број на ученици се вработуваат во компаниите, социјални партнери на училиштето или во фирми кои имаат потреба од вработување на кадри со стручно образование кое одговара на образовните профили од нашето училиште.
• Записници од разговори со родители на ученици	Педагошко-психолошката служба работи тимски со предметните наставници и класните раководители во насока на разрешување на евентуалните проблеми на учениците, кои се манифестираат преку

	нередовност во наставата, намалување на успехот и поведението, проблеми во социјализацијата и сл. Со овие ученици службата работи поединечно или во групи, со дополнителна поддршка од родителите. Стручната служба е обучена да им помогне на учениците во ситуации на семејно насилство, разводи, болести во семејството и сл. и да ги упати понатаму кон релевантните институции во државата (Здравствени установи, Центар за социјална работа, МВР и др.). На учениците со емоционални проблеми им помагаат и наставниците, кои први можат да ги забележат промените во однесувањето во текот на воспитно-образовниот процес, а по потреба и ги упатуваат кај стручната служба.
• Анкета за наставници • Записници за разговор со ученици од педагошко-психолошката служба • Годишен план и програма на училиштето • Кодекс на однесување на учениците	Училишна клима и односи во училиштето. Во училиштето се одржува однос на взаемно почитување и меѓусебна соработка помеѓу учениците и наставниците.  Врз основа на спроведениот прашалник на целна група наставници(16), констатирано е дека училишниот простор и инфраструктурата во училиштето се безбедни и дека во училиштето постојат добро осмислени процедури за реагирање во случај на насилно однесување, злоупотреба на дрога, алкохол и сл. за што се изјасниле 87.5% од испитаниците, додека, од друга страна треба да се поработи на обезбедувањето на квалитетна храна со пристапни цени, која во целост ги задоволува потребите за здрав оброк на учениците со што се согласиле само 6.25% од анкетираните.

ПРАШАЊЕ	***%***	***%***	***%***
Во училиштето постојат добро осмислени процедури за реагирање во случај на насилно однесување, злоупотреба на дрога, алкохол и сл.	87.5	6.25	0.06
Училишниот простор и инфраструктурата во училиштето се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди за учениците.	87.5	12.5	0
Во училиштето има активности преку кои учениците добиваат јасни, точни и најнови информации за понатамошно образование, доусовршување или вработување.	81.25	6.25	0.13
Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на учениците во текот на целата учебна година.	81.25	12.5	0.06
Училиштето има обучено наставен кадар за давање прва помош при несреќни случаи во училиштето.	81.25	18.75	0
Училиштето се грижи и им помага на учениците од социјално загрозените семејства преку организирање на хуманитарни акции.	81.25	18.75	0
Наставниците и стручната служба врз основа на анализите вршат подобрување на слабите резултати во наставно-образовниот процес преку организирање на дополнителна настава по сите предмети за учениците со потешкотии во учењето и предавања за родителите на учениците по голем број на изостаноци и слаби оценки.	75	18.75	0.06
Во училиштето постои добра соработка помеѓу стручната служба, учениците, родителите и наставниците во насока на подобрување на успехот, дисциплината и редовноста на учениците.	68.75	12.5	0.19
Во училиштето има компетентни личности со кои учениците може да разговараат во врска со емоционалните, здравствените и социјалните потешкотии, без разлика на изворот на овие проблеми.	68.75	18.75	0.13
Училиштето има пропишани процедури за учениците со телесни пречки во развојот.	62.5	31.25	0
Во училиштето се нуди добро организирана практична настава преку која учениците се стекнуваат со практични вештини битни за конкурентноста на пазарот.	62.5	31.25	0.06
Училиштето ги поттикнува учениците да се грижат за своето здравје преку предвања, работилници и кампањи за здрава храна и здрав живот на младите.	56.25	37.5	0.06
Свеста на учениците не е на доволно високо ниво за одржување на хигиената во училниците, училишните ходници и санитарните чворови и треба соодветна програма за подигнување на здравствената култура и хигиена на учениците.	50	43.75	0.06
Во училиштето целосно се спроведува законот за забрана на пушењето.	37.5	56.25	0.06
Хигиената во училниците, училишниот двор и училишните ходници се одржува редовно и е на високо ниво.	31.25	56.25	0.13
Во близина на училиштето се нуди квалитетна храна со пристапни цени, која во целост ги задоволува потребите за здрав оброк на учениците.	6.25	50	0.44

	Училиштето има висок углед кај заедницата. Наставниот кадар го презентира своето училиште на најдобар можен начин, со презентирање во основните училишта на кои презентации се вклучени и учениците. Учениците и наставниците се горди на своето училиште од аспект на квалитетната настава, во смисла на современа и модерна настава, несебичната подршка и помош во обете насоки, остварувањето на комуникација меѓу учениците и наставниците и надвор од наставниот процес. Другарскиот и партнерски однос што се гради меѓу учениците и наставниците е посебна гордост за сите субјекти во училиштето. Училиштето има Кодекс на однесување со кој се пропишуваат правилата на однесување на наставниот кадар, на учениците, стручната служба, техничкиот персонал, во чие изготвување беа вклучени и ученици.

Јаки страни:

- Насочување на учениците во однос нивната понатамошна ориентација преку задолжителна, феријална пракса и презентации од високообразовните институции во државата;
- Организирање на посети на високообразовни институции во државата;
- Работа на педагошко-психолошката служба со учениците кои имаат емоционални потешкотии и проблеми.
- Училишниот простор и инфраструктурата во училиштето се безбедни и не претставуваат опасност од повреди за учениците.
- Градење на партнерски однос со учениците
- Почитување на различностите меѓу учениците
- Промоција на постигањата на учениците

Слабости:

- Поголема соработка помеѓу Агенцијата за вработување и стручната служба, во насока на спроведување на тестови за професионална ориентација на учениците со кои ќе им се помогне во нивното професионално насочување;
- Непостоење на пропишани процедури за идентификација и грижа на учениците со емоционални потешкотии.

Можности:

- Училиштето нуди можност за насочување на учениците во нивната понатамошна професионална ориентација преку воспитно-образовниот процес;
- Вработување на завршени ученици во компании со кои училиштето има соработка.

Опасности:

- Појава на се поголем број на ученици со емоционални потешкотии и неможноста да се забележат во одредени ситуации промените кај овие ученици.

Приоритети:

- Отварање на Кариерен центар во кој наставниците ќе работат со учениците и ќе ги насочуваат во насока на нивна професионална ориентација, доусовршување или вработување;
- Изнаоѓање на механизми и постапки со кои ќе се изврши препознавање на учениците со емоционални потешкотии.
- Континуирана работа за подобрување на училишната клима меѓу сите структури и вработени во училиштето

Област 6: Училишна клима и култура	
Индикатор: 5.1. Училишна клима и односи во училиштето	
Наведете ги сите документи кои се прегледани.	**Кои информации се собрани?**
• Куќен ред на училиштето • Кодекс на однесување на учениците во училиште • Кодекс на однесување на наставниците • Кодекс на однесување на родителите • Упатство за начинот на изрекување на педагошки мерки за учениците • Правилник за оценување на учениците и правилник за полагање на испити на учениците во училиштето • Статут на училиштето • Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки • Записници од работа на училишната заедница	**5.1.1. Углед на училиштето** Нашето училиште има направено куќен ред кој е усвоен на наставнички совет и на училишен одбор. Истиот се применува и е истакнат во ходниците и во училиниците на училиштето. **5.1.2. Кодекс на однесување** Училиштето поседува кодекс на однесување на учениците ,наставниците и родителите. Со него се запознаени сите ученици од сите струки во училиштето и сите наставници од училиштето. Исто така со кодексите на однесување на ученици ,наставници и родители се запознаени и родителите на родителските средби. **5.1.3. Училишна клима** Во нашето училиште владее позитивна клима како резултат на почитување на кодексите на однесување од сите субјекти во училиштето. Постои меѓусебна соработка помеѓу наставниците во активите и со сите други активи во училиштето Позитивната клима во училиштето е резултат и на континуирана соработка помеѓу наставник-наставник,наставник-ученик,наставник-родител. Исто така постои и добра соработка помеѓу родителите со наставниците и раководниот кадар во училиштето, кое доста добро придонесува за потикнување на другарството и почитувањето помеѓу учениците. **5.1.4. Поведение и дисциплина на учениците во училиштето** Во училиштето постои правилник за изрекување на педагошки мерки и регулирање на поведението на ученикот спрема изостаноците и дисциплината на ученикот. Раководителите на паралелките го применуваат правилникот за изрекување на педагошки мерки. Истите ги изрекуваат педагошките мерки постапно и навремено. Како доказ за постапноста на изрекувањето на педагошките мерки ги запишуваат во дневникот на паралелката, водат записник за

	воден разговор со родителот кој се чува во досието на ученикот. Исто така во училиштето има изработено правилник за полагање на класни испити и вонредни испити (распоред за полагање, комисии, потполнети пријави и записници од наставници) Сите наставници соодветно го применуват правилникот. **5.1.5. Учество на учениците во решавање на проблеми и донесување на одлуки** Училиштето има Статут кој се применува соодветно. Членовите на училишната заедница редовно одржуваат состаноци ,на кои одлучуваат за донесување одлуки и решавање на проблеми во текот и реализацијата на наставниот процес во училиштето.
• Годишна програма на училиштето; • Годишен извештај на училиштето; • Кодекс на однесување; • Куќен ред; • Анкети со наставници, родители и ученици; • Педагошка евиденција за изречените педагошки мерки во електронскиот дневник и записници од наставнички совет; • Евиденција на стручните службени извешти; • Статут на училиштето • Правилник за оценувањето, напредувањето,полагањето на испити, видови на пофалби, награди и	• **Углед/имиџ на училиштето** Училиштето во локалната средина е препознатливо по квалитетот на работењето, постигањата на учениците во повеќе области и културата на живеење. Сето ова не би било возможно без вклученост на сите вработени во училиштето, ученици и родители без разлика на етничката припадност и економскиот и социјалниот статус. Училиштето е препознатливо и по остварувањето на мисијата и визијата, кои наставниците добро ја познаваат. Вработените во училиштето постојано се стремат за подобрување на меѓусебната професионална соработка, која е една од основните услови за добра атмосфера во училиштето која се пренесува на родителите и посетителите на училиштето. Во училиштето постои усвоен кодекс на однесување со поставени принципи и правила на однесување на сите структури во училиштето: раководен кадар, наставници, стручна служба, технички персонал, ученици и родители. • **Кодекс на однесување** Во изработката на кодексот учество зеле сите структури и истиот е изложен на видно место заедно со куќниот ред. Наставата е организирана според педагошките стандарди и закони. Наставниците преку користење на позитивни приоди и современи методи, активно учење, пофалби, индивидуален пристап и други методи се стремат кон зголемување на мотивијацијата кај учениците. Сето тоа им овозможува на учениците за развојот на својата личност. Учениците, со помош и поддршка од училиштето, родителите и наставниците, учествуваат во различни манифестации од натпреварувачки и културен карактер. Угледот и имиџот на училиштето го подигнуваат и медиумите каде

педагошки мерки за учениците; • План за работа на ученичка заедница; • План за работа на средношколската заедница; • Записници од одржани состаноци на ученичката заедница; • Записници од Наставнички совети;	се известува за разновидни активности што се случуваат во истото, но и социјалните партнери кои имаат клучна улога во промовирањето на задничката платформа при упис на деветоодделенците. • **Училишна клима** Училиштето постојано презема мерки за подобрување на здравјето на учениците и на нивната безбедност преку организирање на систематски и стоматолошки прегледи на учениците, вакцинации, предавања, трибини, соработки со „Црвен Крст“ - основна организација - Велес, презентации на теми од областа на здравјето, здравствени проблеми и заштита. Училиштето ја негува родовата сензитивност и во него постои еднаков и правилен третман кон учениците од различна полова и етничка припадност и социјално потекло. Се поддржува инклузивноста и се зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Сите ученици се чувствуваат прифатени во училиштето. • **Поведение и дисциплина во училиштето** Според евиденцијата на стручните служби се гледа дека во училиштето нема проблеми со одржување на редот и дисциплината, што истовремено тоа е и резултат на соработката со родителите и учениците. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување на педагошки мерки и води политика на навремено справување со евентуално несоодветно однесување на учениците. • **Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки** Според записниците од одржаните состаноци и годишниот извештај на училиштето, се согледува дека ученичката заедница и средношколската заедница работат според однапред утврдена програма и учениците се навремено и целосно информирани и се вклучени во донесување на одлуките од нивен интерес. Угледот и имиџот на училиштето од повеќе аспекти се истакнува во локалната средина и пошироко на регионално и републичко ниво. Училиштето се стреми кон посакуваната цел, полека, но сигурно да стане препознатливо не само во регионот туку и пошироко.

Област 6: Училишна клима и култура	
Индикатор: 5.2 Промовирање на постигањата	
Кои се извори и документи за увид	**Информации кои се собирани**
- Годишна програма за работа на училиштето - Изложени трудови на учениците - Паноа со пофалби и награди - Билтен за Државни натпревари (2020/2021) - Билтен за Државни натпревари (2021/2022) - Медиумско промовирање а постигањата на учениците - Хронологија на настани за 2020/2021 - Хронологија на настани за 2021/2022	**5.2.1.Промовирање на личните постигања** Учениците учествуваат на општински, регионални и државни стручни натпревари, натпревари организирани од Народна техника, натпревари организирани од факултетите соодветно на струките и други.Сите ученици кои учествуват на натпревари добиваат благодарници, пофалници и дипломи за учество и освоени награди на натпреварите. Некои од нив се изложени на ѕидовите по ходниците на училиштето и во кабинетите. Исто така учениците по покана на други училишта и организации учествуваат на различни манифестации, конкурси, саеми, промоции поврзани со текот на наставата, за кои добиваат одредени признанија за учество и дипломи за наградените ученици. Изработените трудови од ученици се користат за промовирање на нивниот успех и успехот на нивните ментори Сите активности на кои присуствуваат учениците се запишани во Хронологијата на реализирани активности на училиштетои прикачени на веб страната, на фб профилот на училиштето и на ју-тјуб. **5.2.2. Промовирање на постигањата за училиштето** Училиштето изработува годишна програма за работа. Во годишната програма за работа се внесени постигнатите резултати од сите настани, натпревари, промоции на кои учествувале учениците и наставниците. Наши ученици со своите професори гостуваат во разни ТВ емисии и на тој начин го промовираат училиштето Во текот на учебната 2021/22 година училиштето имаше успешна соработка со социјалните партнери со кои потпиша договор/меморандум за соработка. Учениците реализираа практична настава во истите, дел од нив беа посетени од страна на училиштето. Компаниите Маркарт, Брако, Леов Компани и Ронтис како партнери во дуалното образование се вклучија во маркетинг активностите на училиштето и промоција на образовните профили трехничар за производно машинство и заварувач. Во текот на наставата а во рамките на практичната настава, учениците и наставниците посетија голем број на компании.

	Согласно упатството за реализација на феријалната практика според кое учениците можат истата да ја реализираат само во компании со кои училиштето има потпишано договор во текот на годината потпишани се договори со голем број на компании. Машинска струка: Брако ДОО Велес, ДПТ Ронтис ДООЕЛ Велес, , Маркарт Македонија ДООЕЛ, Леов Компани ДООЕЛ Велес,Кадри Транс,Фати Треид, М6 Аграр, Љато Компани,Јомак, Доминик Вулко, Дрекслмајер, Авто Клиника, Ане Превалец, Фреш Компани, Тандем, Трактор ДООЕЛ-Чашка, Вип Метал Трејд, Палс Компани , Вила Марија-Д.Капија, Сервис Џони-Градско, Сервис Николче-Б.Село, Алевадо-Сујаклари, ЈКП Дервен, Авто сервис Џони – Градско, Еуро кварц нова, Автосервис Џони–Градско, Ауто босс, Агро Моника,, ДОО Свети Николе, Сервис „Мите“,Фриговак ДООЕЛ,ДПТУ Еуро Кварц Нова ДООЕЛ, Сообраќајна струка: Ирена-вел, АТС - инженеринг, И.Ц. Зелен сигнал, Авто школа Денс, ШпедицијаКавадарци, Фирма–ел конект, Рива шпед Велес, Будо - Моторс, Осигурителна компанија Уника, Пошта Велес, Дооел Драганов, Вардар шпед, Фирма – ел конект, Пан промет. Електротехничка струка: АЦ Електрик ТЕК, Јомак Ком ДООЕЛ Велес, Смелт Инг, Кристал 1923, Основен суд Велес, Електро Дистрибуција ДООЕЛ, Кец Велес, Скил Ап Академија, Кин Софт Компјутери, РСТ Електрик ДООЕЛ, ДПТУ Типинг ДООЕЛ, Чане Глигор ДООЕЛ, ДТУ Велбит Трејд ДООЕЛ, Кодекс Компјутери, ЕЛС Лозово, Електрон ББ ДОО, Друштво за трговија Данита -ник, Алдин Пласт ДООЕЛ, Електро Универзал-електротехнички сервис, Штеф Компјутерс ДООЕЛ, Фреш Компани Дигитал. Угостителско-туристичка струка: „Романтик“ хотели ДООЕЛ-Велес, Гарденија, ДООЕЛ „Пиано“ lounge bar - Свети Николе, „Интернационал“ маркет ДООЕЛ - Велес, ДУТУ СТРУЈА КОМЕРЦ ресторан Ексклузив - Кавадарци, „Урбан Стил“ БС-Велес, ТП „Кај Димче“ - Велес, ТП „Баже Пити“ - Велес, Дут „Санотел“ ДООЕЛ, ТП „Меаната на Даце“, „Мечкуевска куќа-Пуже“ ДООЕЛ Свети Николе, „Арка“ ДООЕЛ-Скопје, „Воз“ експорт импорт-Велес, „Робива Вел“ ДООЕЛ увоз извоз-Велес, ДПТУ Круг фуд ДООЕЛ, Јоми фуд дооел ресторан Авра, Скара на кило кај Лаки ДООЕЛ, ТП Пица Браво, Пмг Груп Дооел Велес Ресторан Бела Вода, Мартин Травел, Таверна Деспина. Списокот на компании со кои училиштето има склучено договор не е конечен, промените се постојани.

Област 6: Училишна клима и култура	
Индикатор: 5.3 Еднаквост и правичност	
Кои се извори и документи за увид	**Информации кои сесобирани**
• Педагошка евиденција, структура на паралелките; • Наставни програми и проекти по предметите во кои се изучуваат содржини поврзани со мултикултурализмот • Анкети со ученици, родители и наставници; • Програма за работа на стручната служба; • Годишна програма за работа на училиштето и годишен статистички извештај; • Извештаи за реализирани активности поврзани со проектот за меѓуетничка интеграција; • Брошура за правата на децата • Дневник за работа на стручната служба • Евиденција за вклученост на учениците во воннаставните активности • Евиденција за структура на паралелките по пол и етничка припадност	**Познавање на правата на децата** Училиштето остварува редовна и континуирана комуникација со сите чинители на опкружувањето кои се од големо значење за работата на училиштето. Тука ќе ги споменеме сите институции од локалната самоуправа : Градоначалник, Општински совет, јавни установи како Полиција, Противпожарен дом, Основен суд, Итна медицинска помош, Црвен крст, основни и средни училишта од градот и пошироко. -Училиштето има редовна комуникација и со МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, ЦСОО и др. -Комуникацијата се одвива на одлично ниво и со родителите на учениците кои редовно се информираат за успехот , редовноста и поведението на учениците преку редовни состаноци, Е-дневник, разни извештаи, евидентни листови, свидетелства, дипломи и др. -Посебна комуникација училиштето воспоставува со родителите на ученици кои имаат слаби оцени и проблеми со дисциплина каде преку разговори, состаноци, анкетни прашалници и други форми делуваат советодавно на двете страни (ученици и родители) со цел подобрување на успехот и дисциплината на учениците. -Училиштето има одлична комуникација со своите социјални партнери кои се во голем број, комуникацијата се одвива во насока на остварување на соработката за изведување на практичната настава на учениците во различни профили од сите смерови во училиштето. -Медиумите се дел од нашето опкружување така што училиштето одржува редовна и одлична комуникација со локалните и државни телевизии, радио станици, портали, пишани медиуми и друго, со цел промоција на училиштето , редовно информирање на јавноста за активностите на училиштето во остварување на воспитно – образовната дејност и наставните програми. **Прифаќање и промовирање на мултикултуризмот** Во нашето училиште постојано се води грижа за прифаќање и промовирање на мултикултурализмот иако бројот на ученици од различно етничко потекло е многу мал. Континуираниот процес за унапредување на меѓуетничката интеграција резултира со однос (меѓу учениците) кој е исполнет со толеранција и разбирање. Мултикултурните разлики се предмет на дискусија на часовите по речиси сите предмети во рамките на кои се изучуваат содржини поврзани со мултикултурализмот. Преку истражување на различните обичаи и изложување на трудовите на учениците се промовира разбирање и прифаќање на различноста меѓу народите. И покрај тоа што во училиштето наставата се изведува само на македонски наставен јазик, сите вработени, заедно со учениците се вклучени во промовирање и прифаќање

	на мултикултурализмот. Во рамките на проектот за меѓуетничка интеграција во образованието, создадена е и програма за МИО во годишната програма на училиштето и акционен план за спроведување на МИО активности. Исто така, потпишани се и официјалните документи за соработка помеѓу директорот на училиштето од ССОУ „Наце Буѓони“ од Куманово со директорката Весна Стојанова Богоевска на нашето училиште. Тимот кој е задолжен за спроведување на проектот за меѓуетничка интеграција учествува на сите активности поврзани со оваа проблематика. Па така, овој тим беше активен учесник на повеќе работилници и средби. Покрај тимот кој е задолжен за спроведување на проектот за меѓуетничка интеграција, активно се вклучени и поголемиот дел од наставниците. Со спроведување на интегрирани часови по сродни наставни предмети на ниво на стручните активи, како и од содржините што ги изучуваат преку изборните предмети учениците ги запознаваме со различните култури кај нас. Училиштето ги користи сите можни стратегии за да овозможи соработка и разбирање помеѓу различните религии како и отфрлање на сите можни предрасуди кон оние што се „различни“ од нас. Постои педагошка евиденција за структурата по пол и етничка припадност на учениците во паралелките и во вклученоста на учениците во вон наставните активности -работилници и други активности организирани од тимот за меѓуетничка интеграција во образованието. Реализацијата на вон-наставните активности се спроведува континуирано. Тие се на добро ниво, но секоја година нивото на реализација се зголемува според нивото на техничка опременост на училиштето. Во училиштето се реализираат воншколските активности:Секција за странски јазици, литературна, драмска, новинарска, ликовна, музичка секција со хор, секција за слободни спортски активности, организација на ученички екскурзии, средношколска заедница, секција за роботика, историска секција и др.

Област 6: Училишна клима и култура	
Индикатор за квалитет: 6.5. Финансиско работење на училиштето	
Кои се извори и документи за увид	**Информации кои се собирани**
Постапка за јавна набавка, Материјални предмети – анализа на документација / 2020 • Број на оглас: 11264/2020, Набавка на средства за одржување на хигиена, носител на набавката : ДАУТИ КОМЕРЦ Друштво за производство, промет и услуги увоз-извоз АД с.Бојане општина Сарај, договор од 02.09.2020 година • **<u>Постапка за јавна набавка,Материјални предмети – анализа на документација / 2021</u>** Извор : https://www.enabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/contracts/0 • Број на оглас : 17216/2021 Набавка и транспорт на ЕЛ-екстра лесно гориво за греење, Поедноставена отворена постапка, носител на набавката: Друштво за производство, трговија и услуги ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ с.Пласница Пласница, договор од 02.11.2021 • Број на оглас: 16730/2021, Набавка на компјутерска опрема и прибор за надградба на компјутерите, носител на набавката: Друштво за производство, трговија и услуги ПЦ КОНТРОЛ ХАРДВЕР ДООЕЛ увоз - извоз Струмица, договор од 18.10.2021 година; • Број на оглас : 14682/2021, реконструкција на топловоден систем, носител на набавката: Друштво за производство, трговија и услуги АС-КО УСЛУГИ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, договор од 23.09.2021 • Број на оглас: 14570/2021, Набавка и монтажа на ПВЦ прозори, носител на набавката: Друштво за производство,трговија и услуги ЕУРО-ЛЕСНИНА Нухи ДООЕЛ експорт-импорт Тетово договор од 21.09.2021 • Број на оглас 12189/2021, Превоз на ученици за учебната 2021 г, носител на набавката, Такси ЛА-БИ Арсовски Лазо Љупчо ТП Чашка, 07.09.2021	***Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиското работење*** 17 документи со следење на постапката за јавна набавка на материјални предмети согласно закон. Вредност на договорот: 200.513,39 ден., во поедноставена отворена постапка. Вредност на договорот 1.724.999,52 ден., во поедноставена отворена постапка; Вредност на договорот со ДДВ: 866.118,75 ден., во поедноставена отворедна постапка; Вредност на договорот со ДДВ: 2.122.555,68 ден., во поедноставена отворена постапка; Вредност на договорот со ДДВ: 1.534.000,00 ден., во поедноставена отворена постапка, Вредност на договорот: 1.286.931,45 ден., во поедноставена постапка;

• Број на оглас 12189/2021, Друштво за транспорт, трговија и услуги КАДРИ ТРАНС ДООЕЛ увоз-извоз с.Сливник Велес, договор од 07.09.2021	Вредност на договорот : 594.720,00 ден., во подноставена постапка;
• Број на оглас 12189/2021, Превоз на ученици за учебната 2021 г, ТП за превоз ФАТИ ИЕЛ ТРЕЈД Таировски Бедри Ирфан с.Горно Оризари Велес , договор од 07.09.2021	Вредност на договорот : 579.852,00 ден., во поедноставена постапка;
• Број на оглас: 12189/2021, Друштво за транспорт,трговија и услуги БЛЕРО ТРАНС ДООЕЛ увоз-извоз с.Бузалково - Велес, договор од 07.09.2021	Вредност на догворот 156.114,00 ден во поедноставена постапка;
• Број на оглас 12189/2021, Превоз на ученици за учебната 2021 г,, Друштво за автотранспорт и трговија МАРО-ТУРС извоз-увоз ДООЕЛ Чашка договор од 07.09.2021	Вредност на договорот 446.040,00 ден., во поедноставена постапка;
• Број на оглас 12189/2021, Превоз на ученици за учебната 2021 г, Друштво за автотранспорт, трговија и услуги ПАН-ПРОМЕТ извоз-увоз ДООЕЛ Велес, договор од 07.09.2021	Вредност на договорот 1.852.937,10 ден, во поедноставена постапка;
• Број на оглас 12189/2021, Превоз на ученици за учебната 2021 г, Друштво за производство,трговија и услуги ЉАТО КОМПАНИ ДООЕЛ извоз-увоз с.Горно Јаболчиште Чашка, договор од 07.09.2021	Вредност на договорот 1.756.282,50 ден., во поедноствена постапка;
• Број на оглас 12189/2021, Превоз на ученици за учебната 2021 г, Друштво за транспорт,трговија и услуги ИРЕНА ВЕЛ ДООЕЛ увоз-извоз Велес, договор од 07.09.2021	Вредност на договорот 2.665.407,15 ден.,во поедноставена постапка;
• Број на оглас 01217/2021, Набавка на електрична енергија за училиштата во Општина Велес, Друштво за производство, трговија и услуги ЕНЕРЏИ АКТИВЕ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, договор 03.03.2021	Вредност на договорот: 438.431,36 ден., во поедноставена постапка;
• Број на олгас 14861/2021, Набавка на канцелариски и училишен мебел, Друштво за производство,промет и услуги МЕРИАН АС Васе Настеска и друг ДОО експорт-импорт Скопје , договор од 17.09.2021	Вредност на постапката : 261.960,00 ден, набавки од мала вредост;
• Број на оглас : 12598/2021, Реконструкција на внатрешен дел на училишна зграда, Друштво за производство, трговија и услуги ПОДОДЕКОР ДОО увоз-извоз Велес, договор 16.08.2021	Вредност на договорот: 4.389.600,00 ден., во поедноставена постапка;
	Вредност на договорот : 1.510.105,00ден., во поедноставена постапка;
	Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки 17, Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги 9, Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на работи 3
	Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки 18, Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги 11 Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на работи 5

• Број на оглас : 12610/2021, Доградување и адаптација на училишниот двор, договор 24.08.2021 • Годишен план за јавни набавки во 2020 година во ССОУ „Коле Неделковски“ Велес https://e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie-annual-plan/c80dc000-01b9-421a-ba7e-ab510101c916/2 • Годишен план за јавни набавки во 2021 година во ССОУ К. Неделковски Велес https://e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/annual-plans • Годишен финансов извештај на наменска дотација за 2020 г. на ССОУ „Коле Неделковски“ Велес на почетокот на тековната година на оваа жиро сметка 711010800190310, добиени намески ставки месечно за 2020 г., • Годишен финансов извештај за општинската сметка за 2020, Годишен финансов извештај од сопствената сметка за 2020 г. бр.711010800178715 • Годишен финансов извештај на наменска дотација за 2020 г. на ССОУ „Коле Неделковски“ Велес на почетокот на тековната година на оваа жиро сметка 711010800190310, добиени намески ставки месечно за 2021 г., • Годишен финансов извештај за општинската сметка за 2020, Годишен финансов извештај од сопствената сметка за 2020 г. бр.711010800178715 • Сметки, копии за потрошена електрична енергија од дистрибутерот ЕВН Македонија за период 01 – 12 2020 и 2021 (збирно за сите броила за електрична енергија во училишната зграда)	***Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет*** **1.Жиро сметка наменска блок дотација од МОН 711010800190310** **Година 2020** Во 2020 , вкупно на оваа сметка се финасирани од страна на државата 411.763 денари. За основни плати се потрошени: 24.710.326 денари 411.763 се потрошени за струја , за вода 25.673 денари и комунални услуги ѓубрарина 245 527 деанри, за телефон 80.966,за течни горива 1.279.052. За тековно одржување на зграда потрошени се 240.635,00 денари , сменети се ПВЦ врати во висина од 40.400,00 денари Превозот на учениците како трошок е во висина од 10.616.831,00 денари. **2. Жиро сметка наменска блок дотација од МОН 711010800190310** **Година 2021** Во 2021 вкупно на оваа сметка се финансирани од страна на државата 61.669.088 денари За основни плати се потрошени: 24.891.179 денари За струја се потрошени 411.671, за вода 21.681, комунални услуги ѓубрарина 405.567, за телефон 46.523 За тековно одржување на зградата 688.429 Нафта за греење набавена е во висина од 1.367.090,00 денари Реконструкција на објект : 10.022.607 денари, Превоз на ученици : 10.298.525

	3. Жиро сметка 711010800178715, година 2020, сопствени приходи Вкупни приходи 1.883.516 денари Приходи од вонредни испити 1.797.236 Расходи за судски такси 102.871 **4. Жиро сметка 711010800178715, година 2021, сопствени приходи** **Вкупни приходи 4.498.692 денари** Приходи од вонредни испити 3.083.450 денари Расходи за : други образовни услуги 1.373.232 Правни услуги 259.439

Јаки страни

- Трошоците за струја се одржале еднакви во 2020 во 2021 со симболична разлика од 75 денари;
- За вода опаднале од 2020 во 2021 за 3.956 денари, пред се поради пандемијата која определи настава во on – line верзија;
- Трошоците за греење се задржале во границите од 1.279.052 – 1.367.090 денари;
- Постапката е целосна од делот на планирањето на постапката, процедурата на усвојување и спроведување на планот за јавни набавки како и постапката на набавките согласно закон;
- Постоење на правилник за наградување на вработените;
- Постоење на транспарентност во делот на информирање на големината на заработени средства и исплатени средства кон вработените.
- Има многу висока реализација од преку 10.000.000 денари (2020 и 2021) во одржување на зграда со финансики и динамички концепт на релизација, кој е пресликан во финасиското работење и реализација на училиштето;

Слабости

- Трошоците за вода и струја се задржале, многу се високи трошоците за одведување на смет од 245.547, во 2020 г., а во 2021 г. пораснале на 405.567 , и се наплаќаат според трошоци по тура , чија динамика ја одредува Јавното комунално предпријатие, а порастот е за 60,5 %.

Можности

- Намалување на трошоците за одведување на смет, преку склучување на посебен договор за овие услуги;
- Планот за јавни набавки, може да се креира со позиции во делот на услуги, работи и стоки со планирање на описните позиции до обем на буџетот на училиштето од сопствената сметка, споредено со последните три години од работењето на училиштето во овој дел од буџетот;

Опасности

- Зголемување на трошоци за ладење и греење поради зголемена температура или намалена температура, климатски дејства при услови на слободен пазар на електрична енергија и промена на цената на горивата / маслото за ложење;
- Административни процедури кои ја обременуваат и пролонгираат постапката за набавка на одредни добра и услуги;

Приоритети

- Намалување на трошоците за електрична енергија преку заштеди и инсталирање на производни решенија за електрична енергија;
- План за инвестициско одржување на зградата (динамички и финасиски план на мин. три години), кој ќе се проектира во планот за јавни набавки од тековната година;
- Изработка на нов правилник согласно важечки статут за наградување на вработените;

Област 6: Училишна клима и култура	
Индикатор за квалитет: 7.2 Цели и креирање на училишната политика	
Кои се извори и документи за увид	**Информации кои се собирани**
• Закон за средно образование • Статут на училиштето • Развоен план на училиштето • Годишна програма за работа на училиштето • Годишен извештај за работата на училиштето • Записници од стручни активи • ЗаписнициодУчилишено дбор • Записници од Совет на родители • Записници од Наставничкисовет • Записници од стручна служба за работа со ученици • Записници од родителски средби • Интерен правилник за изрекување на педагошки мерки • Договори за соработка со фирми • Протоколи од МОН	• ***Јасност и соодветност на целите*** Целите на училиштето се јасно дефинирани во Развојниот план и тие преставуваат мисија и визија на училиштетоа. Целта на училиштето е тоа да биде препознатливо по својот успех и квалитет не само во градот туку и пошироко во регионот. Бројот на запишани ученици потврдува дека училиштето поседува висок рејтинг. Се запишуваат ученици не само Вардарскиот регион туку и од други региони а со тоа училиштето станува препознатливо во целата држава. Учениците се оспособуваат стекнатото знаење да го преточат во пракса и во разни области од човековото живеење. Поставните цели овозможуваат пристапот на учење да биде соодветен на потребите, интересите и возраста на учениците. Учениците се стекнуваат со знаења, умеења и вештини потребни за продолжување на образованието или вклучување во процесот на трудот, односно да обезбеди основа за доживотно учење. За да може да се постигне сето тоа училиштето има голема соработка со локалната зедница и бизнис заедницата. Големиот број на потпишани меморандуми и договори за соработка со компании е потврда за тоа дека на учениците им се овозможува своето теоретско знаење да го продлабочат и во реални услови, во компанија а со тоа се зголемат интересот за својата идна професија. Со зголемување на интересот за учење кај учениците се остварува и целта за подобрување на успехот кај учениците но се забележува зголемување на бројот на изостанување на учениците. Но ако се земе во предвид пандемијата од Ковид 19 може да се дојде до заклучок дека причината за отсуство од училиште е од здравствени причини. Регулирањето на изостаноци на учениците се врши согласно Правилник за изрекување на педагошки мерки. Соработката со родителите се одвива континуирано и непречено. Соработката го олеснува следењето на напредокот на учениците и лоцирањето на причините за изостанување од наставата, во насока на подобрување на успехот и поведението на учениците. Во насока на енергетска ефикасност и искористеност на природните ресурси училиштето има превземено одредени мерки:поставување на ПВЦ прозорци во холови на училишната зграда, замена на старо осветлување со нови штедливи светилки, замена на стари завеси со нови и делумно поставување на соларни колектори на кои е приклучено осветлувањето во училишните ходници. По направена анализа на констатирано е дека училиштето нема доволна искористеност

на природните ресурси поврзани со енергијата - соларни системи што би било една од развојните цели на училиштето.

	Точно	Делумно точно	Неточно
Наставници	66%	34%	0%
Родители	51%	29%	20%
Ученици	49%	39%	12%



Процедури за креирање на училишната политика

Училишната политика во целост е креирана од раководниот тим заедно со претставниците сите органи во училиштето. При креирање на својата политика училиштето ги вклучува сите субјекти: наставниците преку стручните активи и наставнички совет, учениците преку ученичката заедница, родителите преку Совет на родители. Училиштето ги следи политиките за развој на образованието од страна на државата и локалната и бизнис заедницата.

	Училиштето постапува по соодветни процедури. Директорот на училиштето формира работни групи во кои се вклучени наставници и родители кои изготвуваат предлог. Предлогот се доставува до сите субјекти, по истиот се расправа за на крај да се усвои од Наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор и Совет на Општина Велес и МОН. За сите активности во училиштето наставниците се информираат на наставнички совет или секојдневни кратки состаноци. родителите преку родителски состаноци и Совет на родители, учениците преку часовите на паралелките и состаноци на Ученичката заедница, состаноци со стручните соработници и директорот со нивни претставници преку индивидуални средби и разговори, како и преку разгласот на училиштето. Политиката на училиштето во областа на давање поддршка на учениците, се остварува преку активности на педагошко-психолошката служба која посебно работи со ученици кои имаат проблеми со адаптација во прва година или доаѓање од друго училиште, проблеми со учење и проблеми со дисциплината, како и семејни и лични проблеми.Наставниците им помагаат на оние ученици кои имаат слаби постигања, преку дополнителна настава која е претходно планирана на годишно ниво или дополнителни термини за одговарање, поправање наоцени и планирање на материјалот за усвојување. Раководителите на паралелки даваат поддршка за поуспешно функционирање на паралелката и креирање на позитивна училишна клима на соработка и почитување во паралелките. Директорот дава свој придонес преку координирање на активностите на сите вклучени субјекти и соработува со нив за сите важни прашања. Политика на училиштето е да помогне за успешно интегрирање на учениците со различни способности и предиспозиции во воспитно-образовниот процес. На надарените ученици им се определуваат ментори кои ги подготвуваат за натпревари по различни предмети или се ангажираат на различни проекти или се организира додатна настава, којашто е претходно планирана на годишно ниво. Училиштето нуди широка лепеза од најразлични проектни активности преку кои учениците можат да ги изразат и развијат своите способности и афинитети. За учениците кои имаат потешкотии во усвојувањето на наставните содржини, редовно еднаш неделно се одржува дополнителна настава, според однапред подготвена програма и распоред по сите наставни предмети.Учениците со различни интелектуални, здравствени или емотивни пречки

	и предиспозиции училиштето успешно ги вклопува во сиситемот, секако со индивидуален пристап кон секој ученик од страна на наставниците и педагошко-психолошката служба. Училиштето склучува Договор за соработка со фирми во кои учениците практично да се усовршуваат. Училиштето води политика за продлабочување на постојната меѓународна соработка и отвара можност за соработка со нови училишта од поширокиот регион. При тоа училиштето заедно со партнерите учествува во проекти од меѓународни карактер. Училиштето води политика за зголемување на бројот на ученички. Посебен акцент во изминатите учебни години се стави на почитување на процедурите за заштита на учениците и вработените од Ковид 19.
Јаки страни • Училиштето има изградено јасни процедури за работа • Вклученост на училиштето во меѓународни проекти	
Слаби страни • Недоволна вклученост на учениците во креирање на целите на училиштето • Недоволен број на компании кои би примиле ученици за УПР од електротехничката струка • Нема интерес на девојчиња за дуални паралелки	
Можности: • Училиштето да изгради политика за искористеност на природни ресурси за енергија • Вклучување на училиштето во проекти	
Опасности: • Незаинтересираност за соработка на компаниите како партнери за УПР за електротехничка струка	
Приоритети • Заштеда на топлинска и електрична енергија • Аплицирање со проекти за искористување на сончева енергија • Подобрување на соработката со компании, електротехничка струка	

Област 6: Училишна клима и култура	
Индикатор за квалитет: 7.3 Развојно планирање	
Коисеизвори идокументи за увид	**Информации кои се собирани**
• Развоен план • Извештаи за успехот, поведението и работата на училиштето • Извештаи од маркетинг активности • Извештаи од одржани родителски средби • Годишна програма • Програма за стручно усовршување на наставниот кадар • Личен план за професионален развој • Анкети и интервјуа со наставници ученици и родители • Годишна	**Цели на развојното планирање** **Развојниот план на училиштето е изготвен за периодот 2020 до 2024 година.** Целите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето. Во развојниот план на училиштето опфатени се следните подрачја со своите стратешки цели: • Постигања на учениците • Подршка на учениците • Ресурси • Управување и раководење Во подрачјето Постигања на учениците вклучени се следните стратешки цели: 1.Развивање на маркетинг планот, со цел придобивање и подобра структура и бројност на учениците. 2.**Педагошко психолошко следење на наставниот процес во делот на редовност, дисциплина и успех** 3.Вклучување на родителите за поддршка за подобрување на редовноста и дисциплината на учениците Маркетинг планот на училиштето опфаќа промоција и презентација на училиштето, образовните профили и програми пред идните средношколци. Извештаите за бројноста на учениците по години покажува дека бројот на запишани ученици во прва година се зголемува, а извештаите за постигнатиот среден успех покажува дека се подобрува квалитетот на учениците кои се запишуваат во училиштето особено во електротехничката струка.Учениците се од Вардарскиот регион но се запишуваат ученици и од Гевгелија, Богданци, Дојран и други помали општини. **Поголема промоција на машинска струка (приоритет) и изнаоѓање на нови форми на активности и вклучување на сите субјекти за промовирање на училиштето** Комуникацијата на училиштето со родителите се реализира во повеќе облици(индивидуални средби, родителски средби, средби преку Совет на родители)Оваа стратешка цел има задача поголема вклученост на родителите во работата на училиштето. Во учебната 2020/21 комуникацијата со родителите се остваруваше преку онлаин апликации додека во учебната 2021/22 комбинирано. Од подрачјето Ресурси стратешка цел на училиштето е набавка на апарати, инструменти за реализација на наставниот план и истите придонесуваат за осовременување и зголемување на интересот за наставата. Извршена

програма за работата на училиштето • Годишен извештај за работата на училиштето • Пописни листи • Финансиски план • Разговор со директор • Анкети со наставници, ученици и родители	е реконструкција на голем дела од училишната зграда(ходници, кабинети, промена на електрична инсталација, пренамена и реновирање на одредени простории)а со тоа обезбедени услови за поквалитетна настава. Во делот подршка на учениците акцент се става на ученици со посебни образовни потреби. Во соработка со општината обезбедени се образовни асистенти, спроведени обуки за работа со ученици и изработка на ИОП, поставена пристапна рампа и прилагодени повеќе влезови за лица со попреченост. Од подрачјето Управување и раководење стратешка цел е проширување и продлабочување на соработката со стопанството. Модуларната настава бара поголема соработка со компании и проширување на листата на компании каде се реализира УПР и феријалната практика на учениците. Училиштето има изготвено проекти за инфраструктурно уредување кое воедно е и стратешка цел и во соработка со МОН во тек се проекти за реновирање на кровна конструкција, ученички тоалети и замена на дрвена столарија . Од направените анкети добиени се следните резултати: Целите и активностите во развојното планирање се јасно дефинирани  89% - точно, 11% - делумно точно

Вработените се вклучени во процесот на планирање и развој на училиштето

91%-точно, 9% -делумно точно

Целите на училиштето се насочени кон унапредување на квалитетот на наставата и кон подобрување на постигањата на учениците
Наставници: 91%-точно, 9 %-делумно точно
Родители: 80%-точно, 18%-делумно точно, 2% неточно
Ученици: 71%-точно, 25%-делумно точно, 5% неточно



Училиштето ги прифаќа ставовите на родителите и учениците кои се однесуваат на развојот на училиштето

	Точно	Делумно точно	Неточно
Наставници	66%	34%	0%
Родители	51%	29%	20%
Ученици	49%	39%	12%



Професионален развој/стручно усовршување на кадарот

Постигањата на учениците во голема мера зависат од знаењата, способностите и вештините на наставниците. Затоа училиштето професионалниот развој и стручното усовршување на наставниот кадар го има поставено како приоритетна цел во развојното планирање.

Стручното усовршување е во насока на подобрување и осовременување на наставата, реализацијата на практичната настава во училиште и компанија, учење преку работа кај работодавач, водењето на феријалната практика, но и во делот на финансиското работење на училиштето, канцеларското работење, јавните набавки во училиштето и заштитата при работа на вработените.

Училиштето води грижа за перманентно усовршување на наставниот и ненаставниот кадар.

Наставниот кадар и стручната служба изготвуваат личен план за професионален развој врз чија основа училиштето изготвува план и програма за стручно усовршување. Од анализата на посетени обуки може да се заклучи дека наставниот кадар посетува обуки организирани од странизирани од страна на МОН И БРО, но се однесуваат во делот на формите и методите за современа настава, улогата на наставникот во современата настава и неговите стратегии на поучување и учење.

Но, ако го земеме во предвид фактот дека Модуларната настава вклучува предмети за кои не постои наставен материјал односно учебници, ќе дојдеме до заклучок дека недостасуваат обуки од областа на струката за стручните предмети. Затоа училиштето самостојно наоѓа начини и во соработка со во Академијата за програмирање Skill Up во Велес реализира обука за новите предмети според новите Наставни програми во модуларното образование во образовниот профил Електротехничар за компјутерска техника и автоматика во III година.

Преку Еразмус + програмата училиштето се вклучува со обука за наставниот кадар.

Наставниците приправници целосно се воведуваат во работењето на училиштето од страна на менторите, стручната служба и директорот на училиштето.

Училиштето се стреми да воспостави процедура преку која ќе се врши дисеминација на обуките.

На наставниците им е овозможено постојано стручно усовршување

Точно 43%, делумно точно 52%, неточно 5%

Стручното усовршување го опфаќа и ненаставниот кадар

Точно 45%, делумно точно 48%, неточно 7%

Новите вработени постапно се воведуваат во работата со соодветна подршка

Точно 77%, делумно точно 18%, неточно 5%

	Материјално технички средства Училиштето има план за подобрување и осовременување на условите за работа. Навремено се детектираат потребите за материјално технички средства и се обезбедуваат средства за нивно обезбедување. Во текот на 2020/21, 2021/22 во училиштето се превземени бројни зафати за подобрување на условите во училиштето. Обезбедена е соодветна опрема за модернизација на наставата, обезбедена е компјутерска опрема за реализација на програмата за одредени наставни предмети**.** Пред почетокот на учебната година активите во училиштето одржуваат состаноци на кој се врши идентификација на неопходните и потребни материјално технички средства и изготвува листа на приоритети. Истата ја доставуваат до директорот на училиштето. Училиштето изготвува предлог финансиски план кој го разгледува Училишниот одбор и истиот се доставува доСоветот на Општина Велес. Училиштето изготвува и план за јавни набавки и според него врши набавки на средства. Средствата од училиштето се обезбедуваат од општински трансвери, сопствени средства, наменски додатоци. Набавката на средствата се врши од сопствени приходи. Исто така училиштето обезбедува материјално технички средства и преку донации односно преку проекти изработени од наставниците. Во дел од проектите се вклучени и учениците. Од увидот на пописните листи може да се констатира дека училиштето е во многу добра материјално техничка состојба, располага со доволно средства за успешна реализација на практичната и теоретската настава. Сите кабинети се опремени со ЛЦД проектори, смарт табли, ЛЦД телевизори, платна и соодветна компјутерска опрема. За секој наставник е обезбеденпреносен компјутер. Кабинетот по практична настава поседуваат опрема која делумно ги задоволува потребите за реализација на практичната настава. Училиштето континуирано врши набавка и на потрошен материјал и континуирано ја одржува целокупната опрема со која располага. Навремено врши поправка и замена на дотрајани делови. Опремата е во добра и функционална состојба.

Според анализата на резултатите од спроведената анкета може да се констатира дека:
Наставните средства, опрема, алати со кои располага училиштето се во функција на наставата.

	Точно	Делумно точно	Неточно
Наставници	93%	7%	0%
Родители	75%	20%	5%
Ученици	61%	34%	5%



Постојните нагледни средства и опрема се во функција и училиштето се грижи за нивно одржување

Наставници: Точно	Делумно точно	Неточно
82%	16%	2%

Училиштето располага со доволно материјално технички средства и опрема,

	Точно	Делумно точно	Неточно
Наставници	68%	27%	5%
Родители	61%	35%	4%
Ученици	38%	48%	14%



Постојните материјално технички средстваи опрема се целосно искористени од страна на наставниот кадар и учениците

Наставници: Точно 55%, делумно точно 41%, неточно 5 %

Родители: Точно 78%, делумно точно 16%, неточно 5%



	Инфраструктура ССОУ „Коле Неделковски“ е лоцирано во индустриската зона УЗУС. Располага со една училишна зграда со површина од 6950m^2 и училишен двор со површина од 5182 m^2. Училиштето има подрум, приземје и два ката. Воспитно образовната дејност се реализира во 35 кабинети, специјализирана машинска работилница со помошни простории, 10 кабинети од машинската, електротехничката и угостителската струка за практична настава; 1 спортска сала сопомошни простории; ,библиотека, училишен двор соспортски терени, наставничка канцеларија, 4 административни канцеларии, мултифункционална сала за одржување на културни манифестации, сала за одржување на состаноци, кабинети и други помошни простории. Училиштето континуирано врши ревидирање на планот за подобрување и осовременување на инфраструктура а средствата ги обезбедува од сопствени приходи, средства од донатори за наменско инвестирање и од локалната самоуправа. Во учебната 2020/21 и 2021/22 година во училиштето превземени се бројни зафати: реконструкција на кабинети, глетовање фарбање и белење, реконструкција на училишни ходници, замена на стара ограда со нова во скалишен дел на училиштето, реконструкција на училишен двор и промена на водоводна линија, поставување на нови клупи, поставување на летниковец со патека, на главниот влез во училиштата поставена е пристапна рампа за лица со инвалидност додека споредните влезови се прилагодени за пристап, обезбедени нови завеси во сите кабинети и административни простории во училиштето.

Според анализата на резултатите од спроведената анкета може да се констатира дека:

Задоволен сум од условите за работа во училиштето

	Точно	Делумно точно	Неточно
Наставници	86%	14%	0%
Родители	79%	21%	0%
Ученици	46%	44%	10%



Училишните простории адекватно се одржуваат

	Точно	Делумно точно	Неточно
Наставници	57%	41%	2%
Родители	64%	27%	9%
Ученици	47%	40%	13%



	Училишните простории овозможуваат Реализирање на наставните и воннаставните активности Ученици:точно 70%, делумно точно 27%, неточно 3% 

Учениците имаат соодветен простор за дружење
Ученици: точно 55%, делумно точно 34%, неточно 11%

Јаки страни

- Училиштето ги прифаќа ставовите на вработените при креирање на развојната политика
- Училиштето континуирано обезбедува материјално технички средства
- Училиштето обезбедува соодветни услови за работа

Слаби страни

- Стручни обуки за наставниот кадар

Можности

- Поголема вклученост на родителите и учениците при креирање на развојните политики на училиштето
- Подобрување на хигиената во училишните простории

Опасности:

- Нереализирани тендерски постапки од страна на МОН

Приоритети

- Реновирање на санитарни јазли во училиштето
- Промена на кровна конструкција

ОБЛАСТ 7:
СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ И ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА

Бр.	Индикатор за квалитет	Теми:
5.4	Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница	• Соработка на училиштето сородителите • Соработка солокалната заедница • Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор

Област: 7. Соработка со родителите и со локалната средина	
Индикатор:5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловнатаз аедница	
Кои се извори и документи за увид	**Информации кои се собирани**
- Извештај за работа на училиштето во учебната 2020/2021, 2021/2022: - Записници од совет на родители: - Записници од редовни и вонредни родителски средби: - Записници и одлуки од состаноци од Училишен одбор: - Педагошка виденција и документација за општествено корисна работа: - Извештаи од работата на деловната заедница и невладиниот сектор: - Увид во веб страната на училиштето:	**5.4.1. Соработка на училиштето со родителите** Училиштето ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во животот и работата на училиштето. Имено, училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во работата на училиштето во рамките на формалните нивоа на одлучувања (Совет на родители, родителски средби и Училишен одбор). Комуникацијата на училиштето со родителите се сведува на одржување на најмалку две родителски средби во едно полугодие, а редовно се одржуваат и индивидуални родителски средби. Се надеваме дека родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Секој наставник има одредено неделен термин за прием на родители, но соработката со родителите се остварува и во секое друго време кое е погодно за родителите. Рамноправниот однос кон сите родители се манифестира со вклучување во сите училишни наставни и вон наставни активности. Наша цел да ја подигнеме свеста и интересот кај сите родители, за што поактивно и поконтинуирано да делуваат со свои идеи и предлози како и со лични залагања и придонеси, со што партнерскиот однос би ја зголемил заемната доверба, културата во комуникацијата и секако најмногу од сѐ во полза на учениците, доаѓање до нови решенија за одредени ситуации и со нивна помош осознавање на проблеми за кои наставниците немале сознанија. **5.4.2. Соработка со локалната заедница** Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница преку спроведувања на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Училиштето промовира волонтерско вклучување на учениците во активностите на заедницата и истовремено прифаќа вклучувања на волонтери од заедницата во наставните и воннаставните активности.. Заедницата се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето. Нашите ученици земаат активно учество во сите настани иницирани од локалната заедница со свои музички, драмски, рецитаторски, спортски, ликовни и други содржини. Учествуваат и во одбележување на сите позначајни општествени и културни датуми како што се Денот на Европа, Денот на хендикепираните лица итн.

	5.4.3. Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор Со вклучување на наши ученици во одредени проекти, тие постепено се запознаваат со општествените законитости, со нивните права, но и обврски. Во досегашната работа сите наши искуства од соработката со деловната заедница ги оценуваме како исклучително важни, како еден темел врз којшто учениците ќе ја градат својата професионална иднина. Оваа соработка главно се однесува на сите струки, каде нашите ученици реализираат дел од практичната настава или при изведувањето на некоја проектна активност и проектна задача. Релацијата со бизнис-заедницата и со останатите структури кои се дел од одредени општествени институции е од голема важност за учениците, со цел тие реално да ја согледаат работата на истите и да ги осознаат природата на нивната работа, а и самите да се пронајдат во тоа. Само преку поврзување на теоријата со практиката, учениците ќе можат да добијат покомплетна слика за процесот на производство, за практиката и ќе создадат претстава за повеќе професии, а со тоа полесно ќе се пронајдат себе си во сферата каде што ќе ја насочат сопствената егзистенција. Постојат повеќе конкретни примери за успешна соработка и активно учество на вработените во проекти од интерес на заедницата. Училиштето соработува и со невладиниот сектор, постојат добри практики во досегашната работа кои ги оценуваме како исклучително важни. Училиштето изготвува полугодишни и годишни извештаи за работата и анализа на успехот по години и струки. Соработката со деловната заедница и невладиниот сектор е доста успешна. Еве неколку активности реализирани во учебната 2021/2022 ➢ Посета на фирмата за изработка на електронски плочки за GPRS уреди, Велбит Трејд ➢ Швајцарски проект имплементиран преку Хелветас ➢ Обуката за имплементација на Програмата Енергетска ефикасност на објекти ➢ обука за новите предмети според новите Наставни програми во модуларното образование во Академијата за програмирање Skill Up ➢ Одбележана 80 годишнина од смртта на нашиот патрон Коле Неделковски ➢ Учество на работилница на тема: „Свест за себе - како да се биде свесен тренер и наставник“ ➢ едукативна работилница на тема „Младите и безбедноста на патиштата“

	➢ Доделени ранци на учениците од квалификацијата „Техничар за производно машинство“ - дуално образование од страна на Делегација на Германското стопанство ➢ Обука на вработените за давање на прва помош и хуманитарна акција за собирање на стара облека ➢ Проект „Предизвик за млади истражувачи“ ➢ Одбележан 23 Октомври, денот на македонската револуционерна борба ➢ Обука на тема „Се може да е одложи само грижата за талентите НЕ″ ➢ Одбележување на 25 Октомври „Европски ден на правдата“ ➢ работилница со цел „Учениците свесно да размислуваат за својата иднина и за својот кариерен развој“ ➢ Одржана инфо-сесија за целите, мисијата, активностите и тековните проекти на организацијата RYCO ➢ Присуство на Првиот регионален саем на социјалните претпријатија од Вардарскиот регион ➢ Посета на фирмата „Авто Безбедност МНС“ ➢ Посети на автомеханичарска работилница „Тандем“ и Автолимарска лакерска работилница „Зајко“ ➢ Посета на АМСМ ➢ Презентација на проектот „Јурта на молњи" ➢ Посета на компанијата Смелт-инг ➢ Посета на компанијата „Ронтис“ ➢ Посета на компанијата „Маркарт“ ➢ Работилница на тема:„Смарт Специјализација“ ➢ Посета на сервисот за технички преглед Будо моторс ➢ Посета на Меѓународниот аеродром „Скопје“ ➢ Посета на ученици на „М6 Аргар“ ➢ Еко акција „Сакај го Велес“ ➢ Учество на рекреативната велосипедска тура „Со велосипед по Македонските Степи“ ➢ Посета на Трафостаницата „Дуброво" 400 KV/110 KV - Неготино Присуство на патрони празници по покана на ученичкиот дом, средни и основни училишта Постои веб страна на училиштето, преку која се пласираат сите битни активности и информации за успешно функционирање на училиштето.

	Исто така во училиштето е регистрирана Реална компанија за која има поставено одговорен наставник и која се користи за потребите на училиштето.

Јаки страни

- Меѓусебното почитување и разбирање како меѓу наставниците, така и меѓу наставниците, учениците и останатиот персонал;
- Училиштето ја негува родовата сензитивност и во него постои еднаков и правилен третман кон учениците од различна полова и етничка припадност и социјално потекло, ја подржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот;
- Соработката со родителите е на завидно ниво;
- Училиштето го поттикнува промовирањето на мултикулурализмот, успешно го реализира проектот за меѓуетничка интеграција;
- Училиштето ги промовира јавно своите постигнувања и активности како преку разни манифестации, така и преку медиумите.
- Во училиштето се негува хуманоста и солидарна помош кон ученици од социјално загрозени семејства.
- Училиштето соработува со: МОН, БРО, ДИК, Општина Велес, МВР, медиуми итн.
- Се почитува и спроведува кодексот на однесување меѓу ученик- наставникпсихолог- директор-и останатите вработени
- Постои меѓусебна соработка со локалната самоуправа при реализирање на разни активности;
- Се води грижа за усмерување на учениците за правилен избор на понатамошно образование - професионален развој на учениците.
- Соработката со локалната заедница,деловната заедница и невладиниот сектор е на високо ниво.
- Соработка со социјалните партнери на училиштето.
- Соработка со други училишта од државава и странство**.**

Слаби страни:

- Учениците не се чувствуваат слободно да разговараат со своите наставници кога се за нешто загрижени.

Идни активности:

Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

- Да се превземат повеќе активности во кои активно ќе се вклучат родителите во наставниот процес, како и во воннаставните активности.
- Да се поттикнуваат учениците, слободно да разговараат со своите наставници кога се за нешто загрижени.

Приоритети

- Поголема соработка на ниво на активи.
- Ротирање на наставниот кадар кога се во прашање некои функции во училиштето.
- Лајкување на веб страната на училиштето.
- Организирање на различни форми на дружење меѓу учениците
- Одржување на добри меѓучовечки односи помеѓу вработените
- Промовирање на еднаквост и правичност помеѓу сите субјекти во училиштето
- Програма за работа со послаби ученици и за талентирани ученици.

Учениците ги сакаат своите права и ги практикуваат:



Учениците ги почитуваат правата на другите ученици:



Сите вработени во училиштето знаат како како да ги почитуваат правата на децата во пракса:



Сите вработени во училиштето се запознати со правата на децата:



Преку наставата и воннаставните активности учениците учат да ја почитуваат традицијата на другите етнички заедници во нашата земја:



Училиштето планира и реализира заеднички наставни и/или воннаставни активности со хетерогени групи, со партнерско училиште во кое се одвива настава и на други наставни јазици:



Училиштето ги запознава и родителите со правата и обврските на децата:



КЛУЧНИ ПРИОРИТЕТИ ЗА НАРЕДНИТЕ ДВЕ ГОДИНИ КОИ ЌЕ СТАНАТ СОСТАВЕН ДЕЛ НА ГОДИШНИТЕ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО ВО УЧЕБНИТЕ 2022/2023 И 2023/2024 ГОДИНА

Приоритети во учебната 2022/2023 година		Приоритети во учебната 2023/2024 година	
	Индикатор на квалитет		Индикатор на квалитет
1	Преземање на конкретни мерки за зголемување на интересот на учениците за дуалното образование	1	Промена на кровна конструкција
2	Следење на состојбата на пазарот на трудот на општинско ниво и отварање на нови профили и струки кои се актуелни и барани на пазарот на трудот во тој временски период.	2	Изработка на нов Статут на училиштето во согласност со новите законски прописи и норми
3	Подобрување на условите во училниците и другите простории во училиштето, со што учениците ќе ги доживуваат како стимулирачка и мотивирачка средина и ќе се зголеми нивниот интерес за учење	3	Ревидирање на распределбата на работни задачи, континуирано со цел оптимално користење на човечките ресурси.
4	Отварање на Кариерен центар во кој наставниците ќе работат со учениците и ќе ги насочуваат во насока на нивна професионална ориентација, доусовршување или вработување.	4	Континуирана грижа за заштита при работа на вработени
5	Перманентна стручна едукација на наставниот кадар преку акредитирани институции, посебно едукација за напредни технологии во согласност со модуларните наставни прпрограми	5	Предлог за задолжително присуство на родителот на родителските средби, постојана комуникација со класниот раководител и предметните наставници, следење на развојот и постигањата на своето дете ќе придонесе за подобрување на успехот.
6	Намалување на трошоците за електрична енергија преку заштеди и инсталирање на фотоволтаична електрана ;	6	Анализа на пазарот на трудот и зголемување на бројот на социјалните партнери од стопанска и нестопанска дејност
7	Набавка на опрема за целосно изведување на новите модуларни наставни програми и планови	7	Апликацирње во меѓународни и домашни проекти со цел обезбедување материјална поддршка на ВОП
8	Реновирање на санитарни јазли во училиштето	8	Проширување на меѓународна соработка и афирмација на училиштето.

Училиштето континуирано го следи напредокот на учениците, се поттикнува нивниот сознаен, емоционален и социјален развој. Учениците се оспособуваат за примена на стекнатите знаења и умеења во живототка и во понатамошното, високо образование.

Континуираната едукација на наставниот кадар е во чекор со иновациите и промените во образованието со цел да се постигнат високи образовни стандарди. Образовна технологија и нагледни средства се во функција на воспитно образовниот процес.

Преку одредени активности се подобрува соработката со Локалната заедница и социјалните партнери.

Велес,

Август 2022 година

Директор

Весна Стојанова Богоевска

Училиштето континуирано го следи напредокот на учениците, се поттикнува нивниот сознаен, емоционален и социјален развој. Учениците се оспособуваат за примена на стекнатите знаења и умеења во живототка и во понатамошното, високо образование.

Континуираната едукација на наставниот кадар е во чекор со иновациите и промените во образованието со цел да се постигнат високи образовни стандарди. Образовна технологија и нагледни средства се во функција на воспитно образовниот процес.

Преку одредени активности се подобрува соработката со Локалната заедница и социјалните партнери.

Велес,

Август 2022 година

Директор

Весна Стојанова Богоевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО СТРУЧНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ
Бр. 01-1024/1
31. 08. 2022 год.
ВЕЛЕС